# ПРВОТО И ВТОРОТО ПОСЛАНИЕ ДО КОРИНЌАНИТЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2026

# ПРВОТО И ВТОРОТО ПОСЛАНИЕ ДО КОРИНЌАНИТЕ

Автор:
Аденилтон Таварес де Агиар

Број 3/2026

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Илија Киров**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Службата на Павле во Коринт ................................................ 7

2. Пораката за Крстот ................................................................ 14

3. Единство во Христа .............................................................. 21

4. Грев во црквата ..................................................................... 28

5. Сѐ за слава Божја..................................................................... 35

6. Духовни дарови ..................................................................... 42

7. Портрет на љубовта .............................................................. 49

8. Силата на Христовото воскресение ..................................... 56

9. Служба водена од љубов ....................................................... 63

10. Автентична христијанска служба ....................................... 70

11. Повереничка служба и мисија .............................................. 77

12. Соочување со лажни учители ............................................... 84

13. Благодат, љубов и заедништво ............................................. 91

**Додаток**

Утрински стихови – јули.......................................................... 98

Утрински стихови – август ....................................................... 99

Утрински стихови – септември .............................................. 100

Секојдневно читање на Библијата........................................... 102

Текстови за вечерно богослужение .........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија......................... 104

# СУШТИНАТА НА ХРИСТИЈАНСКИОТ ЖИВОТ И СВЕДОШТВО



Пишувањето писма е древен обичај кој сè уште не е застарен. Го променивме само начинот на кој се пишуваат писмата. Да, социјалните медиуми ја заменија хартијата. Сепак, во својата суштина, е-поштата и другите облици на електронски писма во основа ја имаат истата улога – да ги поврзат луѓето преку размена на информации, чувства и мисли.

Зошто луѓето пишуваат писма? Еден можен одговор е дека имаат нешто да кажат. Така било и со апостол Павле. Иако имал толку многу да каже, не бил секогаш во можност да се сретне лице в лице со оние со коишто сакал да разговара.

Затоа, наместо тоа, тој им пишувал писма – како што се писмата до Коринќаните, кои содржат некои од најдлабоките библиски вистини. Меѓу нив се: „Бидејќи бев решил да не знам меѓу вас ништо друго освен за Исус Христос, и тоа распнатиот“ (1. Коринќаните 2,2); и: „Зашто ја знаете благодатта на нашиот Господ Исус Христос, дека иако беше богат, заради вас стана сиромашен, за да се збогатите вие преку неговата сиромаштија“ (2. Коринќаните 8,9). А што, пак, да кажеме, за врвната химна за љубовта во 1. Коринќаните 13?

Од друга страна, секој што ги чита Павловите писма до Коринќаните неизбежно ќе остане збунет, не само поради некои од сериозните проблеми во црквата – како што е сексуалниот неморал – туку и од ситните препирки што произлегле од евтината фракционерска поделба меѓу верниците. Ако мислите дека вашата црква има проблеми полни со предизвик, подгответе се да ја видите лавината од расправии со кои Павле морал да се справи во Коринт. Можеби проблемите на вашата локална црква сепак не се толку големи колку што замислувате? Најверојатно ќе се уверите дека условите во Коринт биле многу полоши.

Колку и да биле вознемирувачки проблемите во Коринт, писмата до Коринќаните го привлекуваат нашето внимание, не поради самите проблеми, туку поради извонредниот начин на кој Павле се справува со нив. Со тоа што ги поттикнува верниците да се преиспитаат себеси, своето однесување и околната култура во светлината на евангелието на Исус

Христос, тој ја воздигнува пораката за Крстот. Ако ги употребиме зборовите што самиот Павле ги користи, секој стандард понизок од евангелската порака мора да се гледа како „анатема “ (Галатјаните 1,8.9).

Во времето на Павле, Коринт бил познат по своето богатство и развиена трговија, благодарение токму на пристаништето, архитектурата, бродоградбата и грнчарството. Тој град бил важен финансиски центар. Но покрај тоа, бил познат и по својот сексуален неморал, верска дисхармонија и по храмовите посветени на разни богови. Всушност, секојдневниот живот во Коринт бил обележан со нескриено идолопоклонство. Оваа историска и културна заднина ни помага да ги разбереме главните грижи на Павле во врска со христијаните во тој град и, соодветно на тоа, опомените што тој им ги упатува.

Ова тримесечје ќе ги проучуваме Павловите писма до Коринќаните. Во овие две извонредни новозаветни книги, апостолот ја прикажува евангелската порака како суштина на христијанскиот живот и сведочење, како призма низ која треба да се гледа сè друго. Без оглед на предизвиците со кои се соочуваме како поединци или како црква на нашиот пат кон небото, одговорот на најсложените прашања во нашата работа за Христа е истиот оној што важел и за Коринќаните: „Исус Христос, и тоа распнатиот!“ (1. Коринќаните 2,2)

Исус доаѓа наскоро. Ова е време за уште поголемо единство во Христа и отвореност за Светиот Дух како никогаш досега, за вредно користење на духовните дарови и многу подлабоко искуство со нашиот воскреснат Господ. Време е за вистинска христијанска служба, за учество во повереничката служба и мисијата, за духовна борба против лажните учења, за растење во благодатта, љубовта и заедништвото. Ова е време кога треба да се држиме цврсто и да бидеме верни на пораката за Крстот, а Павловите писма до Коринќаните нè учат токму на тоа.

*Д-р Аденилтон Таварес де Агиар е професор на Одделението за толкување на Новиот завет на Североисточниот адвентистички колеџ во местото Кашоера, во сојузната држава Баија во Бразил, каде што служи од 2010 година.*

1. Лекција
Од 27 јуни 2026 до 3 јули 2026

# ПАВЛОВАТА СЛУЖБА ВО КОРИНТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 1,1; Галатјаните 1,1; Дела 17,16-34; 1. Коринќаните 5,9-11; Дела 18,4-10; 2. Коринќаните 2,4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И му рече Господ на Павле во видение ноќе: 'Не плаши се, туку продолжи да зборуваш и не замолкнувај, зашто Јас сум со тебе, и никој не ќе посегне да ти направи зло, бидејќи имам многу народ во овој град.'" (Дела 18,9.10).**

Големиот англиски мисионер, Вилијам Кери, имал обичај да каже дека поправал обувки за да ги плати своите трошоци, но дека неговата вистинска работа била придобивање души.

Слично на тоа, и Павле работел како изработувач на шатори за да заработи за живот (Дела 18,1-3), но неговата вистинска работа, секако, била да ги придобие луѓето за Христа.

Оваа седмица ќе ја разгледаме службата на Павле во црквата во градот Коринт. Таа црква, како што ќе видиме, била полна со проблеми, кои не се разликувале многу од оние со кои се соочува црквата денес, речиси две илјади години подоцна. Навистина, секој што е христијанин подолго време или е вклучен во работата на црквата, би можел да го постави прашањето: Дали некогаш сте нашле некоја христијанска група која нема никакви проблеми? Се разбира, одговорот е очигледен.

Павле се соочува со предизвици во Коринт, но им се спротивставува со пораката за Крстот (1. Коринќаните 2,2). Верноста кон таа порака е начинот на кој и ние денес треба да се соочиме со предизвиците што ги имаме. Како што ќе видиме оваа недела и во текот на целото ова тримесечје, пораката од 1. и 2. Коринќаните се однесува и на нашиот живот.

## ПАВЛЕ, ПОВИКАН ОД БОГА ДА БИДЕ ИСУСОВ АПОСТОЛ

Павле го започнува своето писмо до Коринќаните претставувајќи се себеси како Исусов апостол „по Божја волја повикан“ (1. Коринќаните 1,1; споредете со: 2. Коринќаните 1,1). Неговото убедување за тоа кој е тој во однос на Исуса е толку силно што, со мал број исклучоци, така ги започнува сите свои посланија.

**Прочитајте ги стиховите 1. Коринќаните 1,1 и Римјаните 1,1. Кои два елемента од службата на Павле се нагласени во овие текстови? (Видете, исто така, и Галатјаните 1,1).**

---

Павле зборува за својот повик и апостолство како исполнување на Божјата волја. Тој е убеден дека неговиот повик не е од луѓе, туку од Бога (Галатјаните 1,1). Како и Еремија, и Павле бил повикан од Бога уште од утробата на мајка му (Еремија 1,5), преку чинот на Неговата благодат (Галатјаните 1,15), а тоа го направил за да го објави Христовото евангелие меѓу незнабошците.

Во 1. Коринќаните 15,8, Павле се вбројува себеси меѓу оние на кои Христос им се јавил по своето воскресение (1. Коринќаните 15,5-7). Неколку стихови подоцна, тој забележува дека неговиот повик да биде апостол е резултат на таа средба со Исуса (1. Коринќаните 15,9-11).

Титулата „апостол на Исус Христос“ опфаќа цела низа концепти. Првенствено, ја пренесува идејата за некој што Исус го испраќа. Покрај тоа, Павле го користи тој израз за да се претстави себеси како Христов слуга (Римјаните 1,1; Тит 1,1; Галатјаните 1,10), проповедник и учител (1. Тимотеј 2,7; 2. Тимотеј 1,11). Без разлика дали проповеда или поучува, Христос е секогаш во прв план. Накратко, Павле е Исусов апостол.

Исус не е само средиште на Павловото апостолство. Тој е исто така средиште и на Павловиот живот. Исусовото присуство ги исполнувало мислите и чувствата на Павле. Доказ за овој факт е тоа што тој во неколку наврати го споменува Исуса во воведот и во делот посветен на благодарност во 1. Коринќаните (девет пати во девет стихови). Павле толку многу го сакал Исуса што не можел да престане да мисли и да зборува за Него. Тој сакал да зборува за Исуса со оние што му биле доверени под негова грижа, за нивниот живот да биде Христоцентричен. Исто како што тој бил повикан да биде апостол, така и тие биле повикани да бидат верни Исусови следбеници во кое било својство во кое Господ ги повикал.

**Павле бил повикан да биде апостол. Кој е вашиот повик и како го знаете тоа? Ако мислите дека го немате, што би можело да биде погрешно во вашето одење со Бога?**

## ОД АТИНА ДО КОРИНТ

**Прочитајте Дела 17,16-34. Каде бил Павле пред да оди во Коринт, и што правел таму?**

Текстот Дела 17,16-34 го опишува проповедањето на Павле до Атињаните пред да оди во Коринт. Очигледно, тој не планирал да ја посети Атина во тоа време, но отишол таму со помош на некои пријатели поради противењето со коешто се соочил во Vереја (Дела 17,13-15).

Оние што отишле со Павле во Атина, се вратиле во Vереја со налог до Тимотеј и Сила да му се придружат што е можно поскоро (Дела 17,15). Дела 17,16-34 ни кажува што прави Павле додека ги чека. Тој зборува за Исус во синагогата, на плоштадот и на Ареопагот. Тој навистина не можел да престане да зборува за Исуса и ја користел секоја можност да го прави тоа.

**Прочитајте Дела 18,1-11. Што направил Павле кога пристигнал во Коринт и во текот на целиот свој престој во тој град?**

Павле го посетил Коринт за време на своето второ мисионско патување. Лука известува дека останал таму година и пол.

Како и обично, Павле ја започнал својата мисионска активност во синагога (Дела 18,4-6). Во текстот Дела 17,1.2 се споменува дека ова бил негов обичај. Тој ја следел стратегијата „првин за Јудеецот“ (Римјаните 1,16; Дела 13,46), како што Исус им наложил на своите апостоли (видете Дела 1,8).

Кога Сила и Тимотеј конечно му се придружиле во Коринт, „Павле беше поттикнат да сведочи пред Јудејците дека Исус е Христос“ (Дела 18,5). За време на неговиот престој во Коринт, тој бил мошне зафатен поучувајќи ги „во словото Божјо “ (Дела 18,11). Токму во овој контекст ги изговорил и оние познати зборови „бидејќи бев решил да не знам меѓу вас ништо друго освен за Исус Христос, и тоа – Распнатиот“ (1. Коринќаните 2,2).

**Што можеме да научиме од мисионската активност на Павле во Атина и во Коринт за користењето на секоја можност да се проповеда евангелието? Размислете за можностите што ги имате да им зборувате на другите за Исуса, и за тоа како би можеле да ги искористите.**

## ГРАДОТ КОРИНТ

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 18,1-3; 1. Коринќаните 5,9-11; и 1. Коринќаните 8,4. Што можеме да заклучиме за економијата, моралот и верскиот живот во Коринт?**

---

Коринт бил важен центар на античкиот свет, познат по својата напредна трговија. Римјаните го разориле во 146 година пр. н. е., а Јулиј Цезар го обновил како римска колонија во 44 година пр. н. е. И токму овој римски Коринт се појавува во Новиот завет. Во времето на Павле, Коринт бил ривал со Атина, па дури и ја надминувал во многу нешта. Имал две големи пристаништа, кои ја олеснувале размената на стоки и развојот на трговијата.

Всушност, Павле го избрал Коринт поради неговата важност и поволна географска положба. „Така се укажала можност за ширење на евангелието. Откако ќе се воспостави во Коринт, тоа лесно ќе се прошири во сите делови на светот“ (Елена Г. Вајт, *Sketches From the Life of Paul,* стр. 99).

Покрај тоа, напредната трговија во Коринт би му олеснила на Павле да се издржува со производство и продажба на шатори додека го проповеда евангелието во тој град (Дела 18,2.3). Сепак, очигледно е дека мисионската работа во голем и богат град не била без свои предизвици. Коринт бил познат по својот впечатлив верски плурализам (1. Коринќаните 8,5), што се огледувало во бројните светилишта изградени во чест на божества како што се Аполон, Атина и Афродита, меѓу останатите, па дури и во обожавањето на таквите египетски божества како што се Сарапис и Изида.

Освен по таа верска збрка, Коринт бил познат и по својот сексуален неморал. Страбон, грчки географ и историчар, споменува дека имало 1.000 храмски проститутки посветени на Афродита во нејзиниот храм во Коринт. Иако многу научници гледаат на ова со сомнеж, и ова тврдење го поврзуваат со атинската пропаганда против Коринт, денес е проширено мислењето дека ритуалната проституција била вообичаена во античкиот свет. Неморалот бил проблем во Коринт, како и на други места. Според тоа изгледа дека идолопоклонството и неморалот биле дел од секојдневниот живот, и оваа тажна реалност очигледно објаснува голем дел од содржината на 1. и 2. Послание до Коринќаните.

**Во својата мисионска работа во Коринт, Павле се соочил со предизвикот на идолопоклоничко и изопачено општество. Кои предизвици во денешната култура можат да го отежнат проповедањето на евангелието? Како можеме да ги надминеме? Колку Коринт се разликува од денешните градови, ако воопшто се разликува?**

## „ИМАМ МНОГУ НАРОД ВО ОВОЈ ГРАД“

**Прочитајте Дела 18,4-8. Какви биле резултатите од проповедањето на Павле?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Павловата работа меѓу Евреите во Коринт не била толку плодоносна како што се надевал. Тој морал да се соочи со извесно непријателство и омраза. Библијата вели дека тие „се спротивставувале и хулеле“ (Дела 18,6). Кога предметот на грчкиот глагол *blasphēmeō* („хули“) е човечко суштество, тоа значи „да навредиш“ или „да клеветиш“. Со други зборови, тие имале намера да го оцрнат угледот на Павле и да го спречат да успее во своите мисионерски напори.

За среќа, трудот на Павле во коринтската синагога не бил напразен. На крајот на краиштата, Бог раководел со својата мисија. И Тој ветил: „Мојот збор нема да ми се врати празен“ (Исаија 55,11). Евреите не очекувале Крисп, старешината на синагогата, и неговото семејство да го прифатат Исуса како Месија и да бидат крстени (Дела 18,8). И не само тие, туку „и мнозина Коринтјани, слушајќи го Павле, поверуваа и беа крстени“ (Дела 18,8), многу веројатно под влијание на Крисп.

**Прочитајте Дела 18,9.10. Што можеме да заклучиме за чувствата на Павле кога се соочил со предизвиците во Коринт? Како Бог го охрабрил својот слуга?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Веднаш откако ја напуштил синагогата, Павле доживеал нешто што му донело охрабрување. Самиот Христос му се појавил во ноќно видение, со зборови што потсетуваат на Исаија 41,10: „Не бој се, зашто Јас сум со тебе.“ Навистина, Павле признава дека бил во Коринт „во слабост, страв и голем трепет“ (1. Коринќаните 2,3). Тој веќе морал да ја напушти Вереја и да оди во Атина поради жестоко противење. Веројатно помислил дека ќе мора да го напушти и Коринт од истата причина – поради големо противење. Но, овој пат, тоа нема да се случи. Исус му рекол: „Бидејќи имам многу народ во овој град“ (Дела 18,10). А Павле бил Негово орудие со чијашто помош ќе им ја донесе веста за спасението.

**Прочитајте го стихот Исаија 41,10. Кои прекрасни ветувања ни се дадени во овој краток текст? Како тие би требало да влијаат на нашиот секојдневен живот?**

## ПАВЛОВИТЕ ПИСМА ДО КОРИНЌАНИТЕ

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Коринќаните 1,11-13; 1. Коринќаните 4,14; 1. Коринќаните 5,11; 1. Коринќаните 7,1; и 1. Коринќаните 14,37.40. Прочитајте исто така: 2. Коринќаните 1,12; 2. Коринќаните 2,9; 2. Коринќаните 11,3; и 2. Коринќаните 13,10. Како овие стихови ни помагаат да разбереме зошто Павле им испраќал писма на Коринќаните?**

---

Павле се наоѓал во Ефес кога го пишувал Првото послание до Коринќаните (1. Коринќаните 16,5-9). Семејството на Хлој дошло кај него со извештај дека работите не одат добро во Коринт (1. Коринќаните 1,11). Во текстот 1. Коринќаните 1-6, Павле се занимава со прашањата на кои му укажале Хлоините домашни. Овие проблеми вклучувале поделби, сексуален неморал, судски спорови меѓу верниците и проституција. Павле добил и писмо со конкретни прашања (1. Коринќаните 7,1). Неговиот одговор претставува содржина на ова послание, од 7. глава па натаму. Овие прашања се однесувале на бракот, разводот, целибатот, храната жртвувана на идоли, однесување за време на богослужението, употреба на духовните дарови и погрешното сфаќање на воскресението. Црквата во Коринт била многу проблематична и незрела. Можеби и вашата локална црква има многу проблеми. Сепак, црквата во Коринт веројатно била уште полоша.

Првото писмо на Павле до Коринќаните е значајно и за нашето време. Впрочем, зар не се соочуваме сите ние, во извесна мера, со истите проблеми во многу од нашите цркви денес? Затоа ова послание има многу нешта што сака да ни каже. Во врска со него, Елена Вајт пишува дека Павле ѝ го испратил на црквата во Коринт како „едно од своите најбогати, најмоќни и најпоучни посланија“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 301 оригинал).

Можно е Павле да напишал три или четири писма до Коринќаните (споредете со 2. Коринќаните 10,9). Првото од нив го напишал пред 1. Коринќаните (1. Коринќаните 5,9), но тоа е изгубено. Пред 2. Коринќаните, тој напишал писмо кое научниците го нарекуваат „остро послание“ (2. Коринќаните 2,3.4.9; 2. Коринќаните 7,8), но и тоа е изгубено. Некои сметаат дека тој овде мисли на 1. Коринќаните, или дека ова писмо е делумно зачувано во 2. Коринќаните.

Од Второто послание до Коринќаните дознаваме дека верниците во Коринт биле под влијание на околната култура. Тие ценеле такви појави како што се натпреварувањето, моќта и богатството – сето ова може да биде предизвик и за нашата црква денес. Наспроти ова, Павле се стремел да создаде култура сосредоточена на Христа, начин на гледање на светот низ призмата на евангелието. Колку е важно и ние да гледаме на денешниот свет низ призмата на евангелието.

**Прочитајте повторно 2. Коринќаните 2,4. Што ни кажува ова за тоа колку му биле важни на Павле овие луѓе? Во споредба со тоа, колку ладни можат да бидат нашите срца кон другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Коринт“, Делата на апостолите, стр. 243-254 оригинал.

„Проповедајќи го евангелието во Коринт, апостолот зазел став различен од оној што ја одбележал неговата работа во Атина... Настојувајќи да го привлече вниманието на рамнодушните и безгрижните, решил да ги одбегнува подробните аргументи и дискусии и меѓу Коринќаните да не знае за ништо друго 'освен за Исуса Христа, и тоа распнатиот'“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 244 оригинал).

„Павле имал одреден успех“, но „се сомневал прашувајќи се дали воопшто е мудро да гради црква со материјалот што го нашол тука. Тој го сметал Коринт за многу спорно поле за работа и решил да го напушти...

Кога размислувал да го напушти овој град и да замине во некое поле што повеќе ветува,... Господ му се јавил во ноќна визија и му рекол: „Не плаши се, туку зборувај... бидејќи имам многу народ во овој град“ (Дела 18,9-10). Павле го сфатил ова како заповед да остане во Коринт и како гаранција дека Господ ќе направи да израсне семето што е посеано овде... Под знамето на Исуса Христа требало да се собере голема црква“ (Ellen G. White, *Sketches From the Life of Paul,* стр. 106, 107).

„Забележано е дека Павле работел во Коринт една година и шест месеци. Меѓутоа, неговите напори не биле ограничени исклучиво на тој град... Коринт станал негово седиште... Така биле основани неколку цркви... Неговото отсуство од црквите за кои се грижел било делумно надоместено со неговите моќни и значајни пишани пораки, кои главно биле прифатени како Божја реч... Овие посланија се читале во црквите“ (Ellen G. White, *Sketches From the Life of Paul*, стр. 109).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Павле бил уверен дека е апостол на Исус и дека неговиот повик е од Бога. Зошто е толку важно да знаеме кои сме и кој е нашиот повик?**
2. **За момент, Павле посакал да се откаже од својата мисионска работа во Коринт и да го напушти тој град. Што го натерало да се предомисли? Како ова може нам да ни помогне кога чувствуваме дека сакаме да се откажеме од некој мисионски проект? Сепак, може ли некогаш да настапи момент кога навистина треба да се откажеме?**
3. **Членовите на црквата во Коринт биле значително под влијание на околната култура. Ова е сурова реалност меѓу нас денес. Како можеме да бидеме во светот (Јован 17,11.15), а „сè што е во светот – похотата на телото, похотливоста на очите и горделивоста на животот“ (1. Јованово 2,16) да не влијае на нас? На кои други начини околната култура негативно влијае врз нашата црква?**

**2. Лекција**
**4 - 10 јули 2026**

# ПОРАКАТА ЗА КРСТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 1,17-31; Колошаните 1,20; 1. Петрово 2,24; Дела 13,16-47; 1. Коринќаните 2,1-5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто словото за крстот е безумие за оние што пропаѓаат, а за нас, кои се спасуваме, сила Божја“ (1. Коринќаните 1,18).**

Цицерон, пагански римски писател и говорник, го советувал римскиот народ да ја држи идејата за крстот како средство за казна подалеку од своите мисли. Иако Цицерон умрел околу половина век пред Исусовото раѓање, неговата изјава добро го илустрира презирот со кој Римјаните гледале на крстот. Тоа било нешто толку лошо што дури и не требало да се размислува за него.

Спротивно на ова, Павле напишал: „Зашто словото за крстот… е сила Божја“ (1. Коринќаните 1,18). За Павле, крстот е орудие за помирување меѓу Бога и човекот (Ефесјаните 2,16; Колошаните 1,20), врховен симбол на Исусовата понизност (Филипјаните 2,8) и местото каде што бил платен нашиот неизмерлив долг (Колошаните 2,14).

Крстот е Павлов одговор на проблемите во Коринт. Не мора да навлегувате длабоко во 1. Коринќаните за да сфатите дека тој е длабоко загрижен за едно важно прашање – поделбата во црквата. Павле е толку вознемирен што тоа е прва тема, веднаш по поздравот (1. Коринќаните 1,1-3) и израз на благодарност (1. Коринќаните 1,4-9), на која тој се осврнува (1. Коринќаните 1,10-17). Оваа седмица ќе ја разгледаме моќната порака за Крстот, која дава одговор на тој проблем и на други спорни прашања во Коринт.

## ЕВАНГЕЛИЕТО ЗА КРСТОТ

Павле вели дека пораката за крстот е Божја сила за нас. Не е ни чудо што „Исус Христос, и тоа распнатиот“ е во центарот на неговото проповедање (1. Коринќаните 2,2).

**Прочитајте 1. Коринќаните 1,17-31. Која важна мисла ја истакнува Павле овде?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Во текстот 1. Коринќаните 1,18-31, Павле се занимава со спротивноста меѓу човечката лудост и божествената мудрост. Крстот има моќ да го разоткрие најлошото во човекот и најдоброто во Бога. Воведот во овој дел од Посланието е изјавата во стихот 1. Коринќаните 1,17. Бидејќи Христовиот крст не треба да биде лишен од својата сила (1. Коринќаните 1,17), пораката за крстот мора да биде централна во нашето проповедање (видете и 1. Коринќаните 2,2).

Павле вели дека не бил испратен да крштева, туку да го проповеда евангелието на Крстот. Оваа изјава бара две важни забелешки. Прво, грчкиот збор преведен како „испратен“ е *apostellō*, што доаѓа од истиот корен како и зборот „апостол“. Според тоа, примарната апостолска задача на Павле била да го проповеда евангелието. Второ, зборовите на Павле за крштевањето не значеле дека крштевањето не е важно, или барем не толку важно како проповедањето. Тој, всушност, ги прекорувал оние кои му придавале поголема важност на тоа кој ги крстил, отколку на Исуса во кого биле крстени.

Под изразот „со преголема мудрост“ (1. Коринќаните 1,17), Павле не укажува на речитоста која не мора да е лоша. Тој во суштина овде зборува за човечката мудрост на која не смее да ѝ се дозволи да ја засени пораката за Крстот. Тој израз се однесува на грчко-римската реторика. Во Атина, Павле ја користел логиката, науката и филозофијата, но тие дале многу малку плодови. Затоа, тој цврсто „решил да го измени планот на работа во Коринт. Настојувајќи да го привлече вниманието на рамнодушните и безгрижните, решил да ги одбегнува подробните расправии и дискусии и меѓу Коринќаните да не знае ништо 'освен за Исуса Христа, и тоа распнатиот'“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 244 оригинал).

**На кои сè начини опширните излагања ја засенуваат пораката за Крстот? Зошто проповедањето за Исуса Христа, и тоа распнатиот, донело пообилен род во Коринт отколку логиката, науката и филозофијата во Атина? Дали има моменти кога логиката, филозофијата и науката можат да бидат корисни во проповедањето на евангелието?**

# БЕЗУМИЕ ЗА ОНИЕ ШТО ПРОПАЃААТ

Споредувајќи ја човечката лудост со божествената мудрост, Павле изјавува дека „словото за крстот е безумие за оние што пропаѓаат“ (1. Коринќаните 1,18). Ова е првото од шесте спомнувања на безумие или безумници во текстот 1. Коринќаните 1,18-31.

**Прочитајте 1. Коринќаните 1,20.21.23.25.27. Како спомнувањето на безумието во овие стихови ни помага да разбереме што мислел Павле кога рекол дека пораката за Крстот е безумие за оние што пропаѓаат?**

---

Грчкиот збор за *безумие* во 1. Коринќаните 1,18 е *mōria*. Овој збор се појавува само пет пати во Новиот завет, од кои сите се во 1. Коринќаните (1. Коринќаните 1,18.21.23; 1. Коринќаните 2,14; 1. Коринќаните 3,19). Овој и други сродни зборови се појавуваат повеќе пати во Новиот завет, а половина од овие јавувања се наоѓаат во Павловите посланија. Ова семејство зборови се наоѓа многу пати токму во 1. Коринќаните.

Безумноста за која зборува Павле во 1. Коринќаните 1,18.23 не е толку поврзана со интелектуална слабост колку со неморално однесување и размислување, со недостаток на проникливост, па дури и со отворен бунт против Бога. Ова објаснува зошто тој толку многу зборува за оваа тема низ целото 1. Послание до Коринќаните.

Размислете за ситуацијата на Павле во тој град. Тој доаѓа во место кое се гордее со своето наводно знаење, со својата мудрост и својата културна префинетост. И во таква средина, тој зборува за еден Евреин од Галилеја, Исус од Назарет, кој бил распнат од Римјаните и кој воскреснал од мртвите – а сè со цел да плати не само за нивните гревови, туку и за гревовите на целиот свет. *Дали овој човек е навистина сериозен? Кого тој залажува?* Тој не зборува за некој нов, длабок филозофски концепт што може да се расчленува и анализира со филозофски алатки. Едноставно тоа звучело како безумие, лудост и бесмислица, нешто што ниту еден „паметен и образован“ Коринќанец не би можел да го сфати сериозно.

Меѓутоа, колку и да им звучеле зборовите на Павле безумно на овие пагани, за многу Евреи пораката за крстот звучела уште полошо. Кој Евреин очекувал Месија да биде погубен од Рим? Месијата требало да ги собори и покори Римјаните, а не да биде распнат од нив.

Така, уште од самиот почеток, многумина биле против Павле во Коринт. Сепак, и покрај сето ова, душите – и Евреите и незнабошците – биле придобивани за евангелието. Која порака ја наоѓаме во тоа?

**Со колкаво противење и да се соочуваме, Бог сепак има луѓе кои се отворени да ја слушнат вистината. Мора да бидеме подготвени Тој да нè употреби во тоа да допреме до тие луѓе каде и да се наоѓаат, дури и на места кои денес се подеднакво лоши, па дури и полоши, отколку што бил Коринт.**

## СИЛА ЗА ОНИЕ ШТО СЕ СПАСУВААТ

Пораката на стихот 1. Коринќаните 1,18 е премногу јасна за да се промаши нејзината смисла. Што значи Крстот зависи од тоа како се гледа на него. Тој е безумие за оние што се во бунт против Бога, но сила за оние што го бараат Неговото спасение.

**Прочитајте ги стиховите Колошаните 1,20 и 1. Петрово 2,24. Што постигнал Исус за нас на Крстот?**

---

Како што веќе видовме, во проповедањето на евангелието мора да се избегнуваат „премудри зборови, за да не изгуби од силата крстот Христов“ (1. Коринќаните 1,17). Во светлината на 1. Коринќаните 1,17, полесно е да се разбере зошто спротивно на безумието е Божјата сила, а не човечката мудрост (1. Коринќаните 1,18). Крстот, кој е во толкава спротивност со човечката мудрост, открива колку навистина е безумна човечката мудрост.

Грчкиот текст од 1. Коринќаните 1,18 сугерира дека „оние што пропаѓаат“ ги жнеат последиците од своите постапки. Ова би можело да се преведе како: „Зашто словото за крстот е безумство за оние што се уништуваат самите себе“. Грчкиот глагол *apollymi* („да пропадне, да загине“) може да значи и „уништи/погуби“ (Јован 10,10). Всушност, *apollymi* во 1. Коринќаните 1,19 се преведува како „ќе ја уништам“.

Што се случува овде? Павле обезбедува библиски темел за своето тврдење во 18. стих, за оние луѓе што гинат, на тој начин што во 19.стих ги цитира Божјите зборови од Исаија 29,14. Во 19. стих Бог е Тој што стои зад ова уништување, што навидум противречи на самоуништувачката гордост спомената претходно. Сепак, тука нема никаква противречност. Смислата е таа дека Бог ќе ги уништи оние што веќе се уништуваат самите себе.

Изразот „а за нас, кои се спасуваме“ (1. Коринќаните 1,18), за разлика од оние кои се уништени, навестува дека спасението доаѓа само од Бога. Павле, всушност, вели дека ние сме спасени, дека не се спасуваме сами. Секако, тоа ние и не можеме. Нашето спасение доаѓа од надворешен извор. Додека уништувањето е самопредизвикано, спасението може да се даде само како дар на Божјата благодат на грешниците. Како што е јасно врз основа на стихот 1. Коринќаните 1,21, Бог е тој што ги спасува сите што веруваат. Во оваа смисла безумието е чин на отфрлање на она што Бог му го понудил на човештвото преку крстот Христов (1. Коринќаните 1,30), со што се навлекува уништување врз себеси.

**„Зашто, платата, што ја дава гревот, е смрт, а подарокот од Бога е живот вечен во Христос Исус, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23). Во која смисла овој стих го повторува она што Павле го кажува во 1. Коринќаните 1,18.19?**

# РАСПНАТИОТ МЕСИЈА

Павле напишал дека „Евреите сакаат знаци, а Елините бараат мудрост" (1. Коринќаните 1,22). Крстот – идејата за Бога, Месија, кој е распнат – не бил знакот што го очекувале Евреите. Ниту, пак, тоа била онаа мудрост што ја сакале Грците. Ова било нешто потполно спротивно на она што сите го мислеле и очекувале.

Всушност, доволно е само да се прочита како реагирале учениците на идејата за Исусовото распнување (видете: Марко 8,31.32; Марко 9,30-32; и Марко 10,32-34) за да почнеме да увидуваме колку целата идеја била туѓа и одбивна, особено за Евреите. Како што веќе рековме, Евреите очекувале Месија да ги победи Римјаните. Но, тоа не се случило, барем не во световна, милитантна смисла на зборот „победи".

За христијаните, крстот е симбол на верата со векови. И на христијаните од дваесет и првиот век им е тешко да сфатат колку, за менталитетот на првиот век, идејата за распнат Бог се чинела безумна.

Меѓутоа, токму тоа што пораката била толку шокантна, прави таа да биде вредна за нашите најдлабоки размислувања. Сликата за распнатиот Месија целосно ѝ разјаснила на целокупната вселена колку далеку е готов Бог да оди за да го изврши планот на откупување. Самата идеја за крстот и за Господовата смрт на крстот е доволно восхитувачка за нас како грешници овде на земјата. (А замислете што морало тоа да значи за безгрешните суштества кои го познавале и го обожавале Господа Исуса на небото!)

**Прочитајте го текстот Дела 13,16-47 (особено стиховите 26, 38 и 47). Што нè учи овој исечок за значењето на Крстот?**

---

Павле вели дека е испратен од Христос да го проповеда евангелието. И така Павле ја изнесува пораката за распнатиот Месија (1. Коринќаните 1,23). Тој ги сумира овие идеи во текстот 1. Коринќаните 2,1-5. Значи, апостолот бил верен на Христовиот налог. Кога го објавувал евангелието, тој не го правел тоа „со возвишена беседа или мудрост" (1. Коринќаните 2,1). Наместо тоа, тој се сосредоточил само на „Исус Христос, и тоа распнатиот" (1. Коринќаните 2,2). Неговиот говор и порака не се состоеле од „уверливи зборови на човечка мудрост, туку во покажувањето на Духот и силата" (1. Коринќаните 2,4), затоа што „човечката мудрост" е во видлива спротивност со „силата Божја" (2. Коринќаните 2,5).

**Распнатиот Месија бил нешто сосема неочекувано и за Евреите и за Грците. Што ни кажува ова за фактот дека Бог не секогаш постапува онака како што очекуваме? Зошто е важно да го разбереме овој концепт, особено кога работите не одат онака како што сме се надевале?**

# ХРИСТОС, СИЛАТА И МУДРОСТА БОЖЈА

Во 1. Коринќаните 1,19.20.30.31 Павле зборува за тоа како Божјата мудрост и човечката мудрост се неверојатно различни, а со тоа и меѓусебно исклучиви. Забележете дека Павле не ја отфрла мудроста како мудрост, туку ја отфрла човечката мудрост што се обидува да се натпреварува со Бога. Човечката мудрост е неспособна да го ослободи човекот од гревот. Само Христос, Божјата мудрост, може да го изврши ова дело. Видете ја табелата подолу.

| | | |
|---|---|---|
| но „за нас, кои се спасуваме“ | [пораката за крстот] е сила Божја | 1. Коринќаните 1,18 |
| „за повиканите, пак“ | Христос [е] Божја сила | 1. Коринќаните 1,24 |

И двата стиха, 1. Коринќаните 1,18 и 1. Коринќаните 1,24 покажуваат дека Христос е сила Божја, во смисла дека само Тој има моќ да ги спаси луѓето од нивните гревови. Всушност, „Бог благоволи со безумието на проповедта да ги спаси оние што веруваат“ (1. Коринќаните 1,21). Изразите „за нас, кои се спасуваме“ (1. Коринќаните 1,18), „оние што веруваат“ (1. Коринќаните 1,21) и „оние што се повикани“ (1. Коринќаните 1,24) се однесуваат на иста група, имено, на луѓе кои имаат живо искуство на спасение преку вера. Зашто Евангелието на Христос „е сила Божја која го спасува секого што верува“ (Римјаните 1,16).

Само Христос е силата и мудроста Божја. Само преку Него Бог се соочил и го решил проблемот со гревот – проблем што човечката мудрост никогаш не може да го реши. Мудроста на овој свет е безумство и не може да ги запознае луѓето со Бога (1. Коринќаните 1,21). Спротивно на тоа, само преку Христа ние стануваме мудри за спасение (2. Тимотеј 3,15).

**Прочитајте 1. Коринќаните 1,24-29. Забележете некои од зборовите во тој текст, како што се „безумно“, „слабо“, „сила“ и „мудрост“. Која суштинска порака ја изнесува Павле овде?**

---

Додека го читаме текстот 1. Коринќаните 1,24-29, треба да обрнеме внимание и на изразите „безумно“ и „слабо“. Суштината е во тоа дека човечката мудрост може да ја смета пораката за Крстот како безумност и слабост. Меѓутоа, „Божјото безумие е помудро од луѓето, и Божјата слабост е посилна од луѓето“ (1. Коринќаните 1,25). Ова не значи дека Бог е слаб или безумен, туку тоа е израз што покажува колку Божјата сила и мудрост го надминуваат сето она што е човечко.

**Задржете се на зборовите: „не мнозина сте мудри по тело, не мнозина силни, не мнозина благородни“ (1. Коринќаните 1,26). Која порака се наоѓа тука за нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Голгота“, Копнежот на вековите, стр. 741-757 (оригинал).

„Во мислите на безброј луѓе што живеат денеска крстот од Голгота е завиткан во свети спомени. За сцената на распетието се врзани најсвети мисли. Меѓутоа, во времето на Павле крстот предизвикувал чувство на одвратност и ужас. Тврдењето дека Спасителот на човечкиот род е еден кој умрел на крст, природно предизвикувало потсмев и противставување.

Павле добро знаел како ќе ја пречекаат неговата порака и Евреите и Грците кои живееле во Коринт... Меѓу неговите слушатели од еврејско потекло се наоѓале мнозина кои ќе ги разлути пораката што планирал да ја објави. Според мислењето на Грците, неговите зборови ќе бидат бесмислица и безумие. Сите ќе го сметаат за малоумен кога ќе се обиде да докажува дека крстот може да има некаква врска со издигнувањето на човечкиот род или со спасението на човештвото.

Но за Павле крстот бил предмет на највозвишена почит. Откако бил запрен на својот поход како прогонувач на следбениците на распнатиот Назареќанец, Павле ниту за миг не престанал да ја воздига славата на крстот. Во тоа време му било дадено откровение за бесконечната Божја љубов како што се покажала во Христовата смрт, и во животот на Павле се извршила чудесна преобразба која сите негови планови и животни цели ги довела во хармонија со она што е небесно. Од тој миг Павле станал нов човек во Христа. Од лично искуство знаел дека грешникот, кога еднаш ќе ја сфати љубовта на Отецот, која се гледа во жртвата на неговиот Син, и кога ќе му се потчини на божественото влијание, се преобразува во срцето и од тој миг Христос за него станува сè во сè“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 245, 246 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Во Гетсиманската градина, Исус се молел: „Оче Мој, ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша“ (Матеј 26,39). Што ни кажува оваа молитва за неизмерната цена што Исус ја платил на крстот?**

**2. Павле вели дека „Божјото безумие е помудро од луѓето“ (1. Коринќаните 1,25). Во која смисла Божјата мудрост е толку различна од човечката мудрост?**

**3. Пораката за распнатиот Христос била камен на сопнување за Евреите, а безумство за Грците. Кои библиски теми што ги проповедаме ние денес дејствуваат на ист начин на современите слушатели и зошто?**

**4. Павле вели дека „телесниот човек не го прима она што е од Божјиот Дух“ (1. Коринќаните 2,14). Па, како можеме да им зборуваме на овие луѓе за Исуса на начин што би можел да ги допре нивните срца? Или можеби само со нашите дела можаме да допреме до нив?**

**3. Лекција**
**11 - 17 јули 2026**

# ЕДИНСТВО ВО ХРИСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 1,12-17; Римјаните 1,29; 1. Коринќаните 1,10; 1. Коринќаните 3,1-4; Филипјаните 2,5-8; 2. Коринќаните 11,23-28; Колошаните 1,24.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Браќа, ве молам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите вие да зборувате исто, и меѓу вас да нема раздори, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во исто мислење“ (1. Коринќаните 1,10).**

Оние што ги набљудуваат дивите животни знаат дека некои од овие суштества живеат во глутници, стада и групи од сите можни големини. Од волците (се разбира) до делфините, па дури и мравките војници, овие суштества се држат заедно. Шимпанзата се особено познати по своите силни социјални врски и живеат во групи кои понекогаш бројат од 15 до 150 единки. Меѓутоа, овие врски не се секогаш складни, а понекогаш доаѓа и до тепачки меѓу нив.

И луѓето се донекаде такви. Односно, не само што се склони да живеат во групи, туку понекогаш се борат и едни со други во рамките на тие групи. А ова е реалност дури и во нашите цркви! Се формираат клики (групи поврзани поради исти или слични интереси заради остварување на користољубиви цели; заб. на прев.), често околу некаков харизматичен водач. И што е полошо, понекогаш една клика не се сложува со друга.

Дали некогаш сте го виделе тоа во својата црква?

Ако е така, тогаш имате некаква претстава за проблемот со кој се соочил Павле во Коринт. Оваа седмица ќе го разгледаме текстот 1. Коринќаните 1-4, каде што Павле се осврнува на проблемот со судири во црквата и на прашањето како да се надминат – имено, преку единство во Христа.

## ПРОБЛЕМОТ СО СОЗДАВАЊЕ КЛИКИ ВО ЦРКВАТА

Апелот на Павле „меѓу вас да нема раздори, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во исто мислење“ (1. Коринќаните 1,10) доминира во првите четири глави од 1. Коринќаните. Всушност, повеќето изучувачи се согласуваат дека единството е сеопфатна тема што ги поврзува сите делови од ова послание.

**Прочитајте 1. Коринќаните 1,12-17. Како овој пасус ни помага да разбереме колку е апсурдно да се создаваат клики околу локални водачи? Кое е решението на Павле?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Павле се служи со силни зборови за да го опише недостатокот на единство меѓу верниците во црквата во Коринт. Тој ги користи грчките изрази schisma („поделба/раздор/спор“, 1. Коринќаните 1,10) и *eris* („кавга/раздор“, 1. Коринќаните 1,11). Именката *schisma* (како и глаголот *schizō*, „да се подели“) се користи на други места во Новиот завет за да се опише разлика во мислењата што водат до фракции, одвојувања. Од друга страна, именката *eris* („кавга“) често се појавува во листите на пороци што не треба да се практикуваат меѓу христијаните.

**Прочитајте ги следните стихови: Римјаните 1,29; Римјаните 13,13; 1. Коринќаните 3,3; 2. Коринќаните 12,20; и Галатјаните 5,20. Кои други гревови се наведени заедно со eris („кавга“, „раздор“)? Што ни кажува ова за тоа колку е сето тоа лошо?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Несогласувањата во црквата во Коринт избивале на површина – дури до точка на судски тужби едни против други (1. Коринќаните 6,1-3). „За ваш срам зборувам“, им напишал Павле (1. Коринќаните 6,5) во врска со овие судски спорови меѓу членовите на црквата. Тие не ги оставале своите разлики настрана дури ни кога ја одржувале Господовата вечера (1. Коринќаните 11,17-22).

Проблемот со недостатокот на единство меѓу членовите на црквата е толку застрашувачки, а Павле е толку загрижен поради тоа, што токму тоа е првото прашање на кое се осврнува во ова писмо до Коринќаните.

**Прочитајте го повторно текстот 1. Коринќаните 1,12-27. Потоа размислете како овие стихови ни помагаат да разбереме зошто кликите претставуваат таква закана за единството на црквата. Што може да направи вашата локална црква за да го избегне овој проблем?**

# СОСРЕДОТОЧЕНИ НА ИСУСА

**Прочитајте го стихот 1. Коринќаните 1,10. Што мислите, што сакал Павле да каже кога рекол „да бидете совршено соединети во еден ум и во исто мислење“?**

---

Формирањето клики („партии“) овде е претставено како негирање на сопствената верност кон Христа (1. Коринќаните 1,10). Бог нè повикал „во заедништво со Неговиот Син Исус Христос, нашиот Господ“ (1. Коринќаните 1,9). Нашиот Господ е Христос, и ние мора да бидеме сосредоточени на Него. Затоа, одговорот на реторичките прашања: „Па зар Христос е разделен? Зарем Павле беше распнат за вас? Или пак во името Павлово бевте крстени?“ (1. Коринќаните 1,13) е убедливо „Не!“ Христос не е поделен. Христос е Тој кој беше распнат за нас. Ние сме крстени „во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух“ (Матеј 28,19).

Павле споменува дека ние сме „телото Христово, а поодделно – членови“ (1. Коринќаните 12,27). Иако телото е составено од многу делови – од кои секој има своја улога – тоа е сепак едно тело. За телото правилно да функционира, секој дел мора да ја извршува својата работа според својата намена и можности. Оваа метафора покажува дека Павле бара *единство*, а не *еднообразност, униформност*. Тој бара единство во различноста. И повеќе од тоа, тој бара единство и покрај различноста.

Меѓутоа, сите мисли и лични ставови мора да бидат подредени на Христос, нашиот Господ. Фактот дека Христос е наш Господ е толку важен концепт за Павле што тој постојано се враќа на него во воведот на 1. Коринќаните (1. Коринќаните 1,2.7.8.9.10). Затоа, пред да се осврне на проблемот со кликите и човечките водачи, Павле прво нагласува дека сите ние го имаме Исуса како наш Господ. Црквата не е сосредоточена на човечките водачи. Христијаните се сосредоточени на Исуса.

Нагласувањето на Исусовото господство, на Неговото врховно водство, во воведните стихови од 1. Коринќаните ни помага да разбереме што мислел Павле кога рекол: „За да бидете совршено обединети во истиот ум и во истиот суд“ (1. Коринќаните 1,10). Грчкиот израз преведен како „соединети“ доаѓа од глаголот *katarizō*, што значи да се врати нешто во неговата исправна состојба. Кога се создаваат клики околу човечките водачи, односите во црквата мора да се вратат во нивната исправна состојба, а тоа може да се постигне само преку единство во Христа и со умирање за нашето јас што под самото тоа се подразбира.

**Во текот на изминатите неколку децении, во некои делови од Адвентистичката црква на седмиот ден се нагласуваше проучувањето на Библијата во мали групи. Која е разликата меѓу клика и мала група? Како можеме да се осигураме дека малите групи нема да се претворат во клики?**

# МУДРОСТ И ЗРЕЛОСТ

Кликите главно се резултат на потпирање на човечки водачи. Ова претставува голема закана за единството на црквата и за духовното здравје на верниците, бидејќи искривеното сфаќање на христијанската служба може да доведе до тоа црквата да им придава значење на одредени водачи, на штета на другите. Резултат од такво однесување е атмосфера на натпревар, што сигурно ќе ја подели црквата. Освен тоа, ако човечките водачи почнат да гравитираат кон центарот на нашиот христијански идентитет, тогаш страшна е опасноста да го отстраниме Христа од Неговото вистинско место кое со право му припаѓа во нашиот живот.

**Прочитајте 1. Коринќаните 3,1-4. Како Павле ја опишува духовната незрелост на Коринќаните?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Павле јасно истакнува дека духовната зрелост го води верникот да ја цени Божјата мудрост (1. Коринќаните 2,6.7), која ни се открива преку Духот (1. Коринќаните 2,13), и која е во спротивност со мудроста од овој век (1. Коринќаните 2,6), односно со човечката мудрост (1. Коринќаните 2,13). Божјата мудрост се открила на крстот Христов (1. Коринќаните 2,1-4 ). Попрецизно кажано, Божјата мудрост се открила преку Христовото страдање, смрт и воскресение. Според тоа, пред да продолжи да ги повикува на единство (1. Коринќаните 3,1-17), Павле сака неговите читатели да станат свесни за потребата од вистинска мудрост и зрелост во Христа.

Мудрите и зрели христијани се духовни луѓе, не телесни и не се како деца (1. Коринќаните 3,1). Тие го споредуваат духовното со духовното, бидејќи „она што е духовно... треба со помошта на Духот да се испита“ (1. Коринќаните 2,13.14). Мудрите и зрели христијани се хранат со тврда храна, а не со млеко (1. Коринќаните 3,2; споредете Евреите 5,12). Верникот „што се храни со млеко, е невешт во словото на правдата, бидејќи е дете; а тврдата храна е за зрелите, кои благодарејќи на поуката, имаат чувства и се научени да разликуваат добро од зло“ (Евреите 5,13.14). Мудрите и зрели христијани не велат: „Јас сум Павлов“ или „Јас сум Аполосов“ (1. Коринќаните 3,4), мислејќи на различни луѓе.

Впрочем, овие луѓе, како и самите тие, се „соработници на Бога“ (1. Коринќаните 3,9). Ние, како црква, сме Божја нива, градба и храм (1. Коринќаните 3,9.16.17). Сите ние му припаѓаме на Бога преку Христа (1. Коринќаните 3,11).

**Дали сте доживеале длабоко да ве разочара некој што многу сте го почитувале? Ако сте имале такво искуство, кои поуки сте ги извлекле од тоа?**

## ХРИСТОЛИКА СЛУЖБА

**Прочитајте 1. Коринќаните 4,1.2. Што нè учи овој пасус за правилниот став што мора да го имаме кон човечките водачи?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Во 1. Коринќаните 3,1-4, Павле навестува дека кликите се резултат на недостаток на духовна зрелост. Меѓутоа, пред да се осврне на оваа тема, тој потврдува: „Ние имаме ум Христов“ (1. Коринќаните 2,16). Оваа изјава очигледно се однесува на Христовиот начин на размислување и дејствување. Со други зборови, верникот има „ум Христов“ кога размислува и постапува како Христос. Применувањето на ваквиот начин на размислување во пракса во врска со сите животни прашања не е баш толку лесно, зар не? Во грчко-римскиот свет, имало големо натпреварување меѓу политичките личности, филозофите, мислителите и верските водачи. Стремежот за одобрување од страна на културната средина, очигледно ја навела црквата во Коринт да ги следи светските мерила. Ова може да претставува опасност и за денешната црква.

**Прочитајте Филипјаните 2,5-8. Како овој текст ни помага да го разбереме изразот „ум Христов“ (1. Коринќаните 2,16)?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Како и во Коринт, поделби се случувале и во црквата во Филипи (Филипјаните 2,1-4), иако можеби во помал обем. Текстот Филипјаните 2,1-8 нè учи дека христоликата служба бара умирање за самиот себе и за себичните амбиции, како и стремеж, наместо тоа, другите да се благословат и ценат повеќе од себеси, како што правел Исус.

Христоликото служење е она што Павле го мислел под изразот „служители Христови“ (1. Коринќаните 4,1). Тој израз ја пренесува идејата дека тие му служат на Христа како помошници или подредени. Јасно е дека правилното гледиште за човечките водачи се темели на Христовиот пример за водство. Овие слуги понатаму се опишуваат како „повереници и управители“ (1. Коринќаните 4,1.2). Управител е лице на кое му е доверено управувањето со туѓ имот. А сè што имаме всушност му припаѓа на Христа.

**Размислете внимателно и со молитва за поракаta на текстот Филипјаните 2,5-8. Како да сфатиме што ни кажува таа за Божјата самопожртвувана љубов кон нас? И како да научиме да умреме за себеси на начин што ќе ни овозможи да ја имитираме таа љубов во нашата сопствена сфера?**

# НАЧИНОТ НА ЖИВОТ КАКО ОДРАЗ НА КРСТОТ

Фактот дека не треба да формираме клики, особено околу човечки водачи, не значи дека не треба да ги поддржуваме оние кои играат улога на водачи. Треба да ги цениме и да им помагаме на оние кои раководат со работата на црквата. Бог ги овластува луѓето да ја извршуваат Неговата работа на земјата. Црковните водачи кои во својот живот покажуваат покорност претставена со Крстот, заслужуваат христијанско почитување и поткрепа.

И ова е така затоа што само Крстот има моќ секој манипулативен облик на контрола да го претвори во послушност кон Божјата Реч. Христоликите водачи го припишуваат успехот на нивната служба само на Бога. Дури и Исус, во својата земна служба, му ја припишувал целата слава на Бога (Јован 17,4).

Според Павле, верната христијанска служба мора да се темели на она што можеме да го наречеме теологија на Крстот. Крстот е Божјо откровение на Неговата мудрост и моќ да спаси. Во исто време, тој ја претставува човечката мудрост како безумие. Во 1. Коринќаните 4,1-13 Павле јасно покажува како изгледа таквата теологија на Крстот. Прво, тој истакнува дека Бог е оној кој ги поставува стандардите за христијанско водство (1. Коринќаните 4,1-5). Второ, тој укажува на фактот дека страдањето е обележје на вистинската христијанска служба (1. Коринќаните 4,9.11–13). Ова второ тврдење заслужува понатаму да се разработи.

**Прочитајте ги стиховите 2. Коринќаните 11,23-28 и Колошаните 1,24. Што нè учат тие за тоа што значи да се страда за Христа?**

---

Христијанските водачи го следат Исуса во тоа што се подготвени да страдаат за своите браќа и сестри, па дури, доколку е потребно, и да умрат заради својата служба. Павле зборува за себе и за Аполос „како осудени на смрт“ (1. Коринќаните 4,9). Тие се прикажани како луѓе кои се соочуваат со недостиг од храна и вода, а освен тоа трпат и „необлечени одиме, нè бијат и скитаме по светов“ (1. Коринќаните 4,11). Освен тоа, тие биле навредувани, прогонувани, клеветени и сметани за „ѓубриште на овој свет, како исфрлен смет од сите луѓе до сега“ (1. Коринќаните 4,12.13). И уште повеќе, со тоа што иронично ги нарекува Коринќаните богати, цареви, мудри и славни (1. Коринќаните 4,8.10), Павле покажува дека гордоста не смее да биде присутна меѓу вистинските христијански водачи, бидејќи таа е коренот на поделбата во црквата (1. Коринќаните 4,6).

**Колку сте пострадале за Христа, без оглед каква е вашата улога во црквата? Кои поуки би можеле да се извлечат од вашиот одговор?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Исус ги обучува дванаесеттемина ученици“, *Делата на апостолите*, стр. 17-24 оригинал.

„Единството и слогата меѓу припадниците на верниот Божји остаток претставува за светот силно осведочување дека тие ја имаат вистината, дека се навистина посебен и од Бога избран народ. Тоа единство го вознемирува непријателот, и затоа тој е решен да спречи таквото единство да постои во нашите редови. Сегашната вистина, прифатена во срцето и потврдена во животот, го обединува Божјиот народ во единство и му обезбедува моќно влијание“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* кн. 1 , стр. 327).

„Бог води еден народ кој на платформата на вечната вистина треба да стои во совршено единство. Христос дошол на светот да се жртвува за спасението на изгубените и ‘да нѐ очисти, та да Му бидеме народ избран, ревносен кон добри дела’. Овој процес на чистење е осмислен да ја очисти црквата од секоја неправда и од духот на неслога и расправии, за да можат верните да градат наместо да рушат, и да ги насочат сите свои енергии на големото дело што им е доверено. Божја намера е Неговиот народ да порасне во потполно единство на верата. Непосредно пред Своето распнување, Христос се молел Неговите ученици да бидат едно како што е Тој едно со Таткото, за да може светот да поверува дека навистина Таткото Го испратил. Таа најтрогателна и најпрекрасна молитва допира низ сите векови сѐ до нашите денови, бидејќи Тој нагласува: ‘Не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене’“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, том 4, стр. 17).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. При крајот на својата земна служба, Исус се молел за единство: „За да бидат сите едно... и да дознае светот дека Ти си Ме испратил“ (Јован 17,21-23). Зошто единството во Христа е толку моќен аргумент во прилог на вистината дека Бог го испратил својот Син да го спаси светот? Во таа смисла, зошто недостатокот на единство претставува страшна пречка за мисијата на црквата?**

**2. Прочитајте 1. Коринќаните 4,9–13, обрнувајќи посебно внимание на тоа како се прикажани апостолите во овој пасус. По што се разликува овој опис на апостолите од особините на водачите што се ценат во нашиот свет? Што нѐ учи овој текст за тоа како Божјите мерила можат да се разликуваат од мерилата на овој свет?**

**3. Во 1. Коринќаните 4,16 Павле ги поттикнува Коринќаните да се угледаат на него како тој на Христос. Според тоа, по што се разликува угледувањето на водач од опасното возвишување на тој водач?**

**4. Лекција**
**18 - 24 јули 2026**

# ГРЕВ ВО ЦРКВАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 5,1-13; 2. Коринќаните 2,5-10; 1. Коринќаните 6,1-13; 1. Солуњаните 4,1-8; 1. Коринќаните 6,19-7,9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓате само на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји“ (1. Коринќаните 6,19.20).**

Нашиот мозок е како сунѓер – сè што ќе стигне до него преку нашите сетила останува во него. Можеби дури и не сме свесни за поголемиот дел од она што влегува во него (бидејќи не би биле во состојба јасно да размислуваме ако се сеќаваме на сè), но сè е таму и до одредена мера влијае на она што го мислиме, чувствуваме и правиме.

Затоа е толку лесно за нас, дури и како христијани, да паднеме под влијание на сите лоши работи што се случуваат околу нас. Христијанската црква се борела со овој проблем уште од самиот почеток. Од каде, на пример, потекнува празнувањето на неделата? Дали црквата едноставно го извлекла од ништо? Секако дека не. Тоа произлегло од околната култура.

И можеме да видиме како овој принцип се одвива овде во Коринт. Откако упатил апел против поделбите (1. Коринќаните 1-4), Павле сега се свртува кон проблемите поврзани со сексуален неморал, судски спорови, проституција, бракот и самечкиот живот (1. Коринќаните 5-7). Мерилата на овој свет во голема мера влијаеле врз нив. Духот на неединство и неслога (фракционизам), опишан во 1. Коринќаните 1-4, ја отворил вратата за неморалното однесување кое е осудено во следните глави. На кој начин Павле настојува да се справи со овој грев во црквата и какви лекции можеме да научиме од она што го напишал?

## НЕУСОГЛАСЕНОСТ МЕЃУ ВЕРАТА И ПРАКТИКАТА

Низ целокупната христијанска историја, теолозите, пасторите и лаиците го проучувале Новиот завет за да утврдат каква треба да биде црквата. На пример, се восхитуваме на црквата во Дела апостолски, но брзо губиме од вид еден важен момент – луѓето имаат проблеми. Би рекле дека можеме да го читаме Новиот завет и за да видиме што вели Библијата за тоа каква не би требало да биде црквата. А писмата на Павле до Коринќаните се добра појдовна точка за тоа.

**Прочитајте 1. Коринќаните 5,1-13. Која скандалозна ситуација ја опишува Павле во овој пасус, и зошто е толку вознемирувачка?**

---

Изразот „некој држи таткова жена“ (1. Коринќаните 5,1) укажува дека Павле овде зборува за инцестуозен однос меѓу некој човек и неговата маќеа. Веројатно бил известен за таа ситуација „од домашните на Хлој“ (1. Коринќаните 1,11). Инцестот се сметал за толку ужасен грев каков „што нема дури ни кај незнабошците“ (1. Коринќаните 5,1). А сега ова се случувало во раната христијанска црква? Зборовите на Павле во 1. Коринќаните 5,1.2 покажуваат дека тој бил запрепастен од извештајот дека еден член на црквата го сторил ова.

Меѓутоа, оваа лоша ситуација уште повеќе се влошува. Павле е уште позапрепастен кога сфаќа дека Коринќаните, наместо да бидат ожалостени поради таквата ситуација, дури се горди на себе што толерираат еден таков грев (1. Коринќаните 5,1.2). Затоа тој одлучува да го прекори не само овој неморален човек, туку и црквата за нејзината очигледна недоследност меѓу верата и практиката. Всушност, тој јасно и упорно им става до знаење дека попустливиот став на црквата кон овој човек бара поправање. А уште повеќе тоа што биле горди на таквиот скандал, па дури и се фалеле со него (1. Коринќаните 5,2.6)?! Тоа било повеќе отколку што Павле можел да поднесе. Што не било во ред со овие луѓе?

Немаме објаснување зошто црквата во Коринт била толку толерантна кон овој инцестуозен човек. Можеби тој бил богат член од кого црквата имала корист? Или можеби поради нивниот став „сè ми е допуштено“ (1. Коринќаните 6,12), тие не гледале на тоа онака како што требало? Едноставно не знаеме.

Кои и да биле вистинските причини, Коринќаните станале слепи за ова очигледно кршење на зборовите од Светото писмо (3. Мојсеева 18,7.8). А биле дури и горди на тоа?

**Кои дела се јасно осудени во Светото писмо, а кои ние, како црква, сме во опасност да ги толерираме во име на „љубовта“ и „прифаќањето“?**

## СПРАВУВАЊЕ СО СКАНДАЛИ

Справувањето со прашања поврзани со сексуалноста е секогаш тешко. Тоа било тешко за Павле, а тешко е и за нас. Во такви ситуации, мора да бидеме верни на Светото писмо и да го решаваме проблемот со молитва и со љубов. Никогаш не смееме да заборавиме дека нашата цел е обнова.

**Прочитајте го повторно текстот 1. Коринќаните 5,1-13. Како им рекол Павле да се справат со таа ситуација?**

---

Во 1. Коринќаните 5, Павле јасно тврди дека сексуалните скандали налагаат примена на црковна дисциплина. Тој вели дека човекот што извршил инцест треба да биде отстранет (1. Коринќаните 5,2), осуден (1. Коринќаните 5,3), предаден на сатаната (1. Коринќаните 5,5) и „исфрлен“ (1. Коринќаните 5,13). На членовите на црквата им се вели „да не се мешате“ (1. Коринќаните 5,9.11), па „дури и да не јадете“ (1. Коринќаните 5,11) со такви. Павле користи груб јазик кој звучи навредливо за современото уво, но неговите зборови мора да се разберат во нивниот историски контекст. Исто така, мора да се запомни дека тој тука се занимава со отворено грешен начин на живот. Во екстремни ситуации, обично е потребен груб јазик. Во секој случај, корисно е накратко да се објаснат некои изрази.

**„Нека се исфрли од вашата средина“** (1. Коринќаните 5,2; исто така: 1. Коринќаните 5,13). Ова се однесува на црковната дисциплина.

**„Да го предадете на сатаната“** (1. Коринќаните 5,5). Бидејќи не избрал да биде под Божја заштита, така што би живеел во послушност кон Него, тој човек е ранлив на нападите на сатаната. Затоа, тој израз едноставно би можел да значи нешто како: „Оставете го нека ги пожнее плодовите на своите одлуки“.

**„Да не се мешате со луѓе што блудствуваат“** (1. Коринќаните 5,9.11), „со таков дури и да не јадете“ (1. Коринќаните 5,11). Блиското дружење со неморални луѓе се сметало за опасно бидејќи можело негативно да влијае врз другите да се угледаат на нивното однесување. Во древни времиња, споделувањето оброк со некого можело да значи и споделување на исти вредности. Сите сме подложни на влијанијата околу нас и треба да се заштитиме најдобро што можеме, особено кога се соочуваме со нешто вакво.

**„За да се спаси духот“** (1. Коринќаните 5,5). Црковната дисциплина е исцелувачка. Нејзината цел е да ги вразуми грешниците и да ги наведе да го напуштат својот грешен начин на живот. Веројатно на ова мислел Павле кога спомнал „погубување на неговото тело“ (1. Коринќаните 5,5). Исто така, можно е тој инцестуозен човек од 1. Коринќаните 5 да е токму оној покајник за кој се зборува подоцна (видете 2. Коринќаните 2,5-10). Црковната дисциплина ја постигнува својата цел кога грешниот член повторно ќе се вклопи во црковната заедница.

## ЗАШТИТА НА ЦРКОВНИОТ ИДЕНТИТЕТ

Во текстот 1. Коринќаните 6,1-11 Павле продолжува со своето излагање за тоа како христијаните треба да пристапуваат кон прашањата што се однесуваат на луѓето во црквата.

**Прочитајте ги текстовите: 1. Коринќаните 5,3.12.13 и 1. Коринќаните 6,1-13. Што се обидува Павле да ги поучи Коринќаните и нас?**

---

Во стихот 1. Коринќаните 6,1 се користи грчкиот збор *pragma*, кој се преведувал на различни начини во различни библиски изданија низ вековите, а тука се однесува на правни прашања. Важно е да се има предвид дека текстот 1. Коринќаните 6,1-11 не се однесува на некој кривичен случај. Надлежноста на граѓанските судови во случај на кривични дела е потврдена во Римјаните 13,1-5. Павле се занимава со овој правен случај веднаш по случајот на сексуален неморал, исто како што направил Мојсеј во 5. Мојсеева 22,22-24. Ова јасно покажува во колкава мера начинот на кој Павле се занимавал со црковните проблеми се темелел на Светото писмо.

Фактот дека случајот за кој станува збор во текстот 1. Коринќаните 6,1-11 се граничи со тие два пасуса кои се занимаваат со сексуален неморал (1. Коринќаните 5 и 1. Коринќаните 6,12-20), наведува на заклучок дека „спорот“ во 1. Коринќаните 6,1 исто така се однесува и на сексуален неморал. Не можеме со сигурност да знаеме дали станува збор за мало граѓанско прашање, или за некој сексуален престап.

Без оглед што точно била таа *ӣраѓма*, Павле не бил среќен кога видел дека членовите на црквата го изнесуваат тоа пред граѓански суд. Не можеле ли тие, како христијански браќа и сестри, да го решат тоа прашање меѓу себе, наместо да го изнесуваат пред „неправедните“ (1. Коринќаните 6,1)?

Исто така е можно, како што некои претпоставуваат, страните во спорот од 1. Коринќаните 6,1 да се всушност таткото и синот од 1. Коринќаните 5,1. Во секој случај, не е неопходно да се разбере проблемот за да се разбере поентата. Павле бил загрижен за тоа како идентитетот на црквата, како христијанска заедница, го доживуваат оние што ја набљудуваат однадвор. Христијаните не треба да изнесуваат „валкани алишта“ во јавноста (1. Коринќаните 6,6). Ниту, пак, треба да се служат со световни средства за да ги решаваат внатрешните прашања. Во римскиот свет, судот обично бил наклонет кон поединците кои имале повисок статус во однос на богатството или политичката положба. Спротивно на тоа, христијаните мора да судат според примерот на Христос и да се одвојат од световните мерила.

**Размислете за Павловиот „каталог“ на пороци во 1. Коринќаните 5,10.11 и 1. Коринќаните 6,9.10. Зошто тој ги вбројува сексуалните престапи меѓу гревовите како што се идолопоклонството, кражбата, алчноста и изнудата?**

## ПРОТИВОТРОВ ЗА СЕКСУАЛНИОТ НЕМОРАЛ

**Прочитајте 1. Солуњаните 4,1-8. Што ни кажува овој текст за врската помеѓу посветувањето и воздржувањето од сексуален неморал?**

---

Иако Павле ги упатил овие зборови на некој друг, принципот може да се примени во општа смисла, на сите христијани.

Што нѐ враќа на прашањето: Што се случувало во Коринт? Од каде сите овие проблеми?

Некои во Коринт очигледно верувале дека, бидејќи евангелието ги ослободило, сега сѐ им е дозволено. Исто како што стомакот е создаден за храна, тврделе тие, така и телото е создадено за секс, и сексот за телото (1. Коринќаните 6,13). Меѓутоа, Павле одговара дека ова е потполно погрешно претставување на слободата. Недостатокот на интегритет (доследност во примената на моралните принципи) кога станува збор за сексот, не може да се спои со христијанскиот идентитет и претставува злоупотреба на слободата што му е дадена на човекот преку евангелието (Римјаните 8,2; Галатјаните 5,13). Ние сме ослободени од гревот, а не „слободни“ да го правиме (Римјаните 8,2; Римјаните 6,18.22). Телото всушност е „за Господ, а Господ за телото“ (1. Коринќаните 6,13). Ние му припаѓаме на Христа (1. Коринќаните 6,15), а тоа кои сме мора да влијае на она што го правиме. Едното е нераскинливо поврзано со другото. Ова е прикажано во 1. Коринќаните 6 на три различни начини.

Прво, за нас се вели дека сме ***измиени, посветени и оправдани*** „ во името на нашиот Господ Исус Христос преку Духот на нашиот Бог“ (1. Коринќаните 6,11). За гревовите што се наведени во стиховите 1. Коринќаните 6,9.10, како и за сексуалниот неморал кој се осудува во текстот 1. Коринќаните 6,12-20, нема место во животот на оние кои се измиени, посветени и оправдани.

Второ, ние сме ***Христови органи/делови од Христос*** (1. Коринќаните 6,15). Ова значи дека мора да бидеме обединети со Христа (1. Коринќаните 6,17). Сексуалниот неморал го уништува тоа единство (1. Коринќаните 6,13.15). Секој што се впушта во вонбрачни сексуални односи со некого, станува „едно тело“ со таа личност (1. Коринќаните 6,16). Единството со Христа преку Духот мора да ја одредува христијанската етика кога станува збор за сексуалноста.

Трето, нашето тело е ***„храм на Светиот Дух“*** (1. Коринќаните 6,19.20). Единствениот начин да живееме свет живот со интегритет, кога станува збор за сексуални прашања, е да имаме близок однос со Христа преку Светиот Дух. На друго место, Павле објаснува што значи да се биде храм на Духот на тој начин што телото го претставува како „жртва жива, света и благоугодна на Бога“ (Римјаните 12,1).

**Размислете за ужасните разорни последици што сексуалните гревови ги имаат врз човештвото. Што ни кажува ова за сериозноста со која христијанинот треба да пристапи кон ова прашање?**

## БРАКОТ И САМЕЧКИОТ ЖИВОТ

Павловото тврдење дека нашето тело е „храм на Светиот Дух“ (1. Коринќаните 6,19) било изнесено во контекст на предупредување против сексуалниот неморал. Да се биде храм на Духот е единствениот начин на кој може да се живее свет живот. Црквата е христијанска заедница која се разликува од околната средина. А присуството на Светиот Дух е токму она што го овозможува тоа.

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 6,19-7,9. Како овој пасус го расветлува начинот како може да се примени во пракса заповедта: „Бегајте од блудството“ (1. Коринќаните 6,18)?**

---

Значајни поуки за сексуалноста се наоѓаат во 1. Коринќаните 7. Грубо кажано, главата може да се подели на два дела: (1) упатства во врска со бракот (1. Коринќаните 7,1-24) и (2) упатства во врска со самечкиот живот (1. Коринќаните 7,25-40). Седмата глава од 1. Коринќаните ни помага да сфатиме дека е важно контекстуално да се зборува за сексуалноста.

Затоа, кога го читаме 1. Коринќаните 7, мора да имаме предвид дека Павле одговара на конкретни прашања во врска со проблемите на црквата во Коринт. Можно е некои од неговите изјави да оставаат впечаток како да имал ниско мислење за бракот, но тоа не е случај (видете 1. Тимотеј 4,1-3; 1. Тимотеј 5,14; исто така и Евреите 13,4).

Посебно е интересно што заповедта „Бегајте од блудството“ во 1. Коринќаните 6,18 е сместена помеѓу идејата за соединување со Христа (1. Коринќаните 6,17) и за тоа дека треба да бидеме храм на Духот (1. Коринќаните 6,19). Дали постои подобар начин да се побегне од сексуалниот неморал? Секако дека не.

Сексот е даден да биде израз само на вистинската љубов и затоа е законски само за оние кои од љубов се во брачен однос, однос меѓу еден маж и една жена, единствениот вид брак што Библијата го одобрува.

Кога рекол: „Бегајте од блудството“,Павле можеби го имал на ум искуството на Јосиф (1. Мојсеева 39,6-18). Библијата вели дека Јосиф одговорил на похотливите додворувања на Потифаровата жена така што „избега, па си отиде“ (1. Мојсеева 39,15) / „ја остави облеката своја кај мене и избега“ (1. Мојсеева 39,18). Ова се споменува четири пати во текстот 1. Мојсеева 39,6-18. Библијата не го кажува ова директно, но се подразбира дека Јосиф прво се оженил од љубов, а потоа стапил во полов однос од љубов (1. Мојсеева 41,45). Тој бил човек исполнет со Светиот Дух (1. Мојсеева 41,38) и го правел она што е исправно во Божјите очи.

**Како можеме ние, како црква, да се заштитиме од погрешните сфаќања за сексуалноста што доминираат во нашата култура?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Порака проникната со опомена и со сесрдна молба“, во Делата на апостолите , стр. 298-308 оригинал.

Интересно е што во „каталогот“ на пороци во 1. Коринќаните 5,10.11 и 1. Коринќаните 6,9.10, идолопоклонството и пијанството се наведени заедно со сексуалниот неморал. Како што нè потсетува Павле во 1. Коринќаните 10,7 (споредете со текстот 2. Мојсеева 32,1-6), идолопоклоничките празници обично биле обележани со претерување во јадење и пиење, што отворало врата кон сексуален неморал (1. Коринќаните 10,8). Елена Г. Вајт вели:

„Невозможно е за кој било да ужива во благословите на осветувањето додека е себичен и лаком... Моќта на човечкото тело да се спротивстави на злоупотребите што му се нанесуваат е навистина чудесна, но упорните лоши навики и претерувањето во јадење и пиење ќе ја ослабнат секоја негова функција. Со препуштање на изопачените апетити и страсти, дури и оние кои се изјаснуваат како христијани, ја осакатуваат својата природа во нејзиното дејствување и ги намалуваат нејзините физички, ментални и морални сили“ (Ellen G. White, *The Sanctified Life,* pp. 25, 26).

„Кога некој целосно ќе се испразни од самиот себе, кога секој лажен бог ќе биде исфрлен од душата, празнината се пополнува со присуството на Христовиот Дух. Таквиот човек има вера која дејствува преку љубовта и ја чисти душата од секоја морална и духовна нечистотија“ (Ellen G. White, *The Home Missionary*, November, 1889).

„Бог сака да нè воздигне до Неговите високи, чисти, небесни мерила. За таа цел, Неговиот Дух постојано се бори со нас... Нашите природни склоности, доколку Светиот Дух Божји не ги поправи и промени, носат во себе семе на морална смрт“ (Ellen G. White, *Manuscript* 12, 1888).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Многу верници во Коринт покажувале желба да добијат одобрение од нивната култура. Зошто ова е толку опасно за христијанскиот идентитет? Што можеме да направиме за да се спречиме себеси да ја направиме истата грешка?**

**2. Со реторичкото прашање на Павле: „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух?“ (1. Коринќаните 6,19) завршува серијата од седум прашања во 1. Коринќаните 5-6, кои започнуваат според формулата: „Не знаете ли?“ (1. Коринќаните 5,6; 1. Коринќаните 6,2.3, 9, 15, 16, 19). Сите тие бараат потврден и недвосмислен одговор – нешто како: „Секако дека знаете“. Како овие прашања ни помагаат да ја разбереме грижата на Павле за црквата? Зошто и ние денес треба да бидеме загрижени за овие спорни прашања?**

**3. Бракот е од Бога (1. Мојсеева 1,27.28; 1. Мојсеева 2,18-24) и мора да се почитува (Евреите 13,4). Во време кога многумина го сметаат за старомоден, како можеме да му покажеме на светот дека бракот е навистина благословен дар од Бога, директно од самиот Едем?**

5. Лекција
25 - 31 јули 2026

# СÈ ЗА СЛАВА БОЖЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 8; Дела 15,20; 1. Коринќаните 9,1-6; 1. Коринќаните 10,5-22; 5. Мојсеева 6,4.5; Марко 12,28-31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И така било да јадете, или да пиете, или нешто друго да правите, сето тоа правете го за слава Божја“ (1. Коринќаните 10,31).**

Во текстот 1. Коринќаните 8-10 се заклучува дискусијата за сексуалноста (од 5. и 6. глава), во исто време кога Павле почнува да одговара на конкретни прашања што Коринќаните му ги упатувале преку писма (1. Коринќаните 7,1). Овие одговори ќе доминираат во остатокот од 1. Послание до Коринќаните.

Преодната природа на 7. глава на 1. Коринќаните укажува дека сексуалниот неморал (5-7 глава) и идолопоклонството (8-10 глава) се поврзани теми. Всушност, тие често се споменуваат заедно во Новиот завет (видете Дела 15,20.29; Дела 21,25; 1. Коринќаните 6,9; Ефесјаните 5,5; Колошаните 3,5; Откровение 21,8; Откровение 22,15).

Главно, додека во 1. Коринќаните 5-7 Павле се занимава со проблемот на сексуалниот неморал, во 1. Коринќаните 8-10 неговата главна грижа е прашањето на идолопоклонството. Тој тврди дека христијаните мора да бегаат и од едното и од другото (1. Коринќаните 6,18; 1. Коринќаните 10,14).

Минатата седмица видовме дека со тоа што стануваме храм на Светиот Дух, можеме да избегаме од сексуалниот неморал (1. Коринќаните 6,19.20). А оваа седмица ќе видиме дека можеме да избегаме од идолопоклонството на тој начин што сè што правиме, „сето тоа... за слава Божја“ (1. Коринќаните 10,31) го правиме.

## ЗНАЕЊЕ НАСПРОТИ ЉУБОВ

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 8,1-13. Зошто Павле го спротивставува знаењето со љубовта, и во кој контекст го прави тоа? Што сака да каже со тоа?**

---

Павле ја користи темата за храната принесена на идоли за да се осврне на еден подлабок проблем – недостатокот на љубов кон другите (1. Коринќаните 8). Прашањето за храната принесена на идоли ја поделило коринтската црква на две групи. Некои сметале дека нивното знаење за непостоењето на други богови им давало право да јадат што било (1. Коринќаните 8,4). Тие се нарекуваат „силни“ (1. Коринќаните 4,10). Оние што се спротивставувале на таквото однесување се нарекуваат „слаби“ (1. Коринќаните 8,9-12). Павле им ја припишува оваа етикета затоа што не надминале некои од суеверните сфаќања што биле одлика на нивното претходно паганско искуство. Кога таквите ќе виделе некој „силен“ како јаде храна принесена на идоли, би можеле да заклучат дека христијанството и идолопоклонството можат да се усогласат. Значи, Павле не сакал „силните“ да станат камен на сопнување за „слабите“.

Библијата многу негативно гледа на чинот на јадење храна жртвувана на идоли (Дела 15,20.29; Дела 21,25; споредете со стиховите Откровение 2,14.20). Меѓутоа, изјавите на Павле не се толку радикални како изјавите што ги гледаме во тие текстови. Ова е затоа што неговата примарна грижа во тој момент била недостатокот на единство до кое можело да доведе злоупотребата на знаењето. Павле не го критикува знаењето како нешто што е зло само по себе. Всушност, тој е против таквиот вид знаење што води до ароганција и поделба во црквата. Знаењето без љубов воопшто не е вистинско знаење (1. Коринќаните 8,2). Вистинското знаење настанува само тогаш кога некој го сака Бога и кого Бог го познава (1. Коринќаните 8,3).

Цитирајќи го стихот 5. Мојсеева 6,4, Павле покажува дека верниците мора да знаат дека постои само еден Бог (1. Коринќаните 8,4-6). Интересно е што тој ја следи истата мисла што ја гледаме во текстот 5. Мојсеева 6,4.5, каде што изјавата дека нашиот Бог е еден, е проследена со заповедта: „Сакај Го Господа, твојот Бог“. И за Павле и за Мојсеј, знаењето без љубов било безвредно.

Сигурни во своето знаење, „силните“ верувале дека јадењето храна жртвувана на идоли е безопасно. Како што ќе видиме во среда и четврток, Павле им дал дозвола под одредени услови. Меѓутоа, ако нешто станело камен на сопнување за „слабите“ (1. Коринќаните 8,9), тогаш тоа требало да се избегнува. Од христијаните се очекува да практикуваат самооткажување од љубов кон Христа и кон другите.

**Павле тврди дека, без љубов, знаењето може да стане нешто лошо (1. Коринќаните 8). Во кои случаи знаењето без љубов може навистина да биде лошо?**

# НЕСЕБИЧНА ЉУБОВ

**Прочитајте 1. Коринќаните 9,1-6. Како овој текст ни покажува, на практичен начин, што значи самооткажување од љубов?**

---

На прв поглед, одбраната на Павле на неговото апостолство во 1. Коринќаните 9 се чини дека нема никаква врска со претходната дискусија за знаењето наспроти љубовта. Сепак, не смееме да заборавиме дека Библијата првично не била поделена на глави. Она што Павле го учи во 1. Коринќаните 9 не е неповрзано со претходната содржина. Текстот од 1. Коринќаните 9, всушност, нуди практичен пример за несебична љубов кон Христа и браќата. Заради љубовта, Павле се откажува од некои права.

***„Да јадеме и да пиеме“*** (1. Коринќаните 9,4). Овде, храната и пијалакот претставуваат финансиска помош воопшто. Како апостол, Павле имал право да добива материјална поддршка од оние на кои им служел. Другите верски водачи од неговото време го правеле токму тоа. Но, тој не правел така, туку се издржувал правејќи шатори (Дела 18,3).

***„Да водиме со себе сестра, жена верничка“*** (1. Коринќаните 9,5). На оженет апостол му било дозволено да оди на мисионско патување со својата сопруга на црковен трошок. Примерите за парови мисионери ги вклучуваат Прискила и Акила (Римјаните 16,3) и Андроник и Јунија (Римјаните 16,7). Но, Павле не бил женет (1. Коринќаните 7,8). Можел да се ожени, па затоа би имал право да патува придружуван од својата сопруга, со финансиска поддршка за двајцата.

***„Немаме право на издршка“*** (1. Коринќаните 9,6). Павле и Варнава имале право да добиваат плата за нивната мисионска работа (1. Коринќаните 9,4-6). Павле се издржувал работејќи како изработувач на шатори (Дела 18,3), но не знаеме кое било занимањето на Варнава. Знаеме само дека бил многу великодушен (Дела 4,36.37) и затоа бил спремен да се издржува сам.

Во текстот 1. Коринќаните 9,7-11 Павле понатаму ја развива идејата од стих 6, покажувајќи дека би било сосема во ред тој и Варнава да се издржуваат себеси од тоа што работат за црквата (1. Коринќаните 9,11.12). Самиот „Господ заповедал проповедниците на Евангелието да живеат од Евангелието“ (1. Коринќаните 9,14; споредете со 1. Тимотеј 5,18). Сепак, Павле вели: „Но ние не го користевме тоа право“ (1. Коринќаните 9,12). Така, Павле се наведува себеси како пример за самооткажување (1. Коринќаните 9,1-18) и тврди дека тоа придонесува за проповедањето на евангелието во Коринт (1. Коринќаните 9,9-23).

**Од што, во вашиот случај, иако можеби со право тоа ви припаѓа, сепак би било подобро да се откажете, за да бидете поуспешен сведок за Господа?**

## ДА УЧИМЕ ОД МИНАТОТО

Откако им дава пример за самооткажување врз основа на сопственото искуство, Павле посебно се осврнува на прашањето за идолопоклонството. Во 1. Коринќаните 10, тој во извесна смисла ја развива идејата од 1. Коринќаните 9,27, каде што вели дека практикува самодисциплина за да не биде исклучен. Павле сака Коринќаните да се угледаат на него во начинот на кој тој го следел Исус, единствениот вистински и непогрешлив пример (1. Коринќаните 11,1).

**Прочитајте 1. Коринќаните 10,7-11. Кои гревови ги направиле Израелците во пустината, и зошто привилегиите што им биле дадени ги правеле нивните гревови уште полоши?**

---

Во 1. Коринќаните 10,1-5, Павле алудира на историјата на Божјиот народ во пустината. Споменувањето на облакот и морето потсетува на Божјото водство, Неговото присуство и заштита. Од друга страна, храната и пијалакот ја претставуваат Божјата грижа. Искуството на Израел под облакот и во морето Павле го нарекува крштевање, што одговара на христијанското крштевање. Слично на тоа, со тоа што ги споменува храната и пијалакот, Павле алудира на Господовата вечера.

Со други зборови, 10-та глава од 1. Коринќаните нѐ учи дека, во извесна смисла, христијаните минуваат низ истите искуства како и Израел. Сепак, Павле се потсетува на историјата на Израел затоа што не сака таа историја да се повтори. И покрај предностите што ги имал Израел, многумина во тој народ посакувале лоши работи (1. Коринќаните 10,6), како што се идолопоклонство (1. Коринќаните 10,7) и сексуален неморал (1. Коринќаните 10,8). Не е ни чудо што „повеќето од нив не беа по волјата Божја“ (1. Коринќаните 10,5).

Лесно е да се покаже со прст кон древниот Израел и да се каже дека извршиле тешки гревови. Меѓутоа, Павле тврди дека христијаните се склони кон практикување слични гревови, и покрај нивната огромна привилегија да ја познаваат Христовата историја. Ова е јасно од неговата опомена: „Кој мисли дека стои, нека гледа да не падне“ (1. Коринќаните 10,12). Изразот „кој мисли“ сугерира дека некои во црквата не биле свесни за опасноста од паѓање во истите тие гревови. Дали и ние денес сме изложени на истата опасност? „Кој мисли дека стои, нека гледа да не падне.“ Кој од нас не ја искусил реалноста на тоа предупредување?

**Библијата вели дека Бог нема да дозволи да бидеме искушани повеќе од она што можеме да го поднесеме и „заедно со искушението ќе ви даде и излез“ (1. Коринќаните 10,13). Зошто тогаш сѐ уште сме склони толку лесно да паднеме во грев?**

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ПРОТИВ ИДОЛОПОКЛОНСТВО

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 10,5-22. Зошто мора да бегаме од идолопоклонство?**

---

Во 1. Коринќаните 10,14-22, Павле повторно го покренува прашањето за храната жртвувана на идоли. Принесувањето храна на идоли би изгледало чудно во многу култури денес, но во библиско време тоа било нешто вообичаено. Кога животните биле принесувани на жртва на боговите во паганските храмови, дел од месото им се давало на свештениците што ја извршувале службата, кои го продавале. Дел од ова месо наоѓало пат до јавните пазари, а бидејќи не се чувало одвоено од другите видови месо што исто така се нуделе на продажба, христијанинот можел несвесно да го купи. Советот на апостолот е дека христијаните можат слободно да купуваат такво месо.

Сепак, додека христијаните во своите домови можеле да јадат месо кое претходно било жртвувано на идоли (1. Коринќаните 8,1-13), практиката да се оди во пагански храмови и да се учествува во нивните празници била строго забранета за христијаните. Критериумот е јасен – на христијаните им било дозволено да го јадат тоа месо дома, бидејќи идолите не се ништо (1. Коринќаните 8,4), но им било забрането да учествуваат во пагански церемонии, бидејќи тоа претставувало обожавање на демони (1. Коринќаните 10,20.21). Учеството во пагански обреди било еднакво на одржување блиска врска со демоните (1. Коринќаните 10,20), исто како што и учеството во Господовата вечера било еднакво на одржување блиско заедништво со Христа (1. Коринќаните 10,16).

Затоа Павле вели: „Не можете да пиете од Господовата чаша и од чашата на демоните; не можете да учествувате на Господовата трпеза и на трпеза на демоните“ (1. Коринќаните 10,21). Како што рекол Исус: „Никој не може да им слугува на двајца господари“ (Матеј 6,24).

Павле нѐ учи дека Бог бара сесрдна преданост. Тој навестува дека со практикување идолопоклонство, ние „ќе побудиме завист во Господ“ (1. Коринќаните 10,22). За да не се случува ова, Павле, во 1. Коринќаните 8,4-6, дава непогрешливо правило против идолопоклонството, алудирајќи на текстот 5. Мојсеева 6,4.5: „Послушај, Израеле: Господ, нашиот Бог, е единствен Господ, сакај Го Господа, твојот Бог, *од сѐ срце, со сета душа твоја и со сите сили твои*!“ (5. Мојсеева 6,4.5) На оваа вистина запишана во стихот 5. Мојсеева 6,5, дека треба да го сакаме Бога повеќе од сѐ друго, Исус додал: „Возљуби го својот ближен како себеси“ (Марко 12,31; видете и 3. Мојсеева 19,18).

**Идолот не мора да биде некоја камена статуа. Можеме да создадеме идол од речиси сѐ. Од кои идоли, ако има такви, вие треба да бегате во вашиот живот?**

## НАДМИНУВАЊЕ НА ИДОЛОПОКЛОНСТВОТО

Во 1. Коринќаните 8,1-3 Павле тврди дека љубовта нè штити од идолопоклонство. Ова тврдење се повторува и понатаму се развива во текстот 1. Коринќаните 10,23-11,1. Во 1. Коринќаните 8,3, тој зборува за нашата љубов кон Бога. А подоцна вели: „Никој нека не ја бара својата лична полза, туку ползата на другиот“ (1. Коринќаните 10,24). Тоа е љубов кон другите.

**Прочитајте ги следните текстови: Марко 10,17-22 и Марко 12,28-31. Што им е заедничко на овие текстови и како можат да се применат на ситуацијата за која станува збор во 1. Коринќаните 10?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Во 1. Коринќаните 10 Павле го прави точно она што го правел Исус во текстот Марко 12,28–31. Имено, тој ги поврзува двете големи заповеди на законот – љубов кон Бога над сè друго и љубов кон другите. Во наративот за богатиот млад кнез (Марко 10,17–22), Исус ги поврзува овие два вида љубов, и тоа го прави алудирајќи на стихот 5. Мојсеева 6,4 (видете Марко 10,18) и на втората плоча од Декалогот (видете Марко 10,19). Проблемот на тој богат младич бил во тоа што го сакал својот имот повеќе од Бога и своите ближни (Марко 10,22). Тој ги ценел своите земни богатства повеќе од небесните богатства. Ги сакал своите пари повеќе од сиромашните (Марко 10,21). Тој бил идолопоклоник.

Надоврзувајќи се на Исусовите учења, Павле навестува дека принципот „љуби го Бога над сè друго и љуби го ближниот свој како себеси“ треба да се примени на хипотетичките (можните) ситуации што тој ги споменува во 1. Коринќаните 10,27.28. Ова значи дека дури и она што е според законот може да не биде добро ниту корисно, бидејќи може да биде навредливо за совеста на другите (1. Коринќаните 10,23). Овој принцип е соодветно сумиран во зборовите: „Сето тоа правете го за слава Божја“ (1. Коринќаните 10,31). Велејќи дека сè мора да се прави во слава на Бога, Павле укажува дека идолопоклонството може да се јави во различни облици, бидејќи сè што ја присвојува славата што му припаѓа само на Бога, претставува некој вид на идолопоклонство (Исаија 42,8).

Зборовите на Павле во 1. Коринќаните 10,31–11,1 служат како заклучок на 8. до 10. глава. Павле јасно става до знаење дека не ја бара „својата полза, туку ползата на мнозина, за да бидат спасени“ (1. Коринќаните 10,33). Така тој се угледувал на Христа (1. Коринќаните 11,1).

**Како можете да научите да го сакате својот ближен како самите себе на уште подобар начин?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Идолопоклонство во подножјето на Синај“, Патријарси и Пророци , стр. 315-330 (оригинал).

„Колку многу добра би можеле да се направат ако на правилен начин ја користиме нашата поврзаност со другите! Секој што примил небесни благослови, должен е да фрли малку светлина врз патеката на другите... Тогаш сите што вистински го сакаат Бога ќе престанат со идолопоклоничко обожавање на самите себе“ (Ellen G. White, *The Advent Review and Sabbath Herald,* November 18, 1884, стр. 730).

„Павле ги поттикнувал своите браќа да се запрашаат какво влијание можат да имаат нивните зборови и дела врз другите, и да не прават ништо што, колку и да се чини наивно, во очите на другите би изгледало како да се одобрува идолопоклонството или да ги навредува чувствата на оние кои се можеби слаби во верата. Според тоа, јадете ли, пиете ли, или што и да правите, правете сè за Божја слава!

Опомените што ѝ ги упатил апостолот на коринтската црква можат да се применат на сите времиња, а особено на денешното. Под идолопоклонство апостолот го подразбирал не само клањањето пред идоли, туку и себичноста, љубовта кон угодноста, задоволувањето на апетитот и страстите“ (Е. Г. Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 316, 317 оригинал).

„Ако забележите дека со правењето одредени работи, на кои инаку имате целосно право, го попречувате напредокот на Божјото дело, воздржете се од тоа. Не правете ништо што би го затворило умот на другите за вистината... Сè може да биде според законот, но не е сè полезно“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 9, стр. 215).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Според Павле, однесувањето на зрел христијанин понекогаш може да го попречи растот на незрелиот христијанин. Размислете за ситуации во кои ова може да се случи. Зошто принципот да се има љубов кон Бога пред сè, а кон другите како кон самиот себеси, е единствениот начин да се справите со овој предизвик?**

**2. На кои идоли би можеле да се поклонуваат дури и христијаните ако не се внимателни? Кои работи, кои се дури и добри сами по себе, можеме да ги претвориме во идоли? И како можете да знаете дали нешто што многу ви значи, станало ваш идол?**

**3. Павле вели дека го дисциплинирал своето тело и го потчинувал за да не биде самиот дисквалификуван (исфрлен) додека го проповеда евангелието (1. Коринќаните 9,27). Врз основа на лекцијата од оваа седмица, размислете што би можело да дисквалификува некого како проповедник на евангелието.**

**4. Во 1. Коринќаните 10, Павле зборува за опасноста од идолопоклонството и вели: „Бегајте од идолопоклонство“ (1. Коринќаните 10, 14). Зошто идолопоклонството е толку лошо?**

6. Лекција
1 - 7 август 2026

# ДУХОВНИ ДАРОВИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 12; Ефесјаните 4,11-13; 1. Коринќаните 13; 1. Петрово 4,8-11; 1. Коринќаните 14,27; Амос 3,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Стремете се кон љубовта; ревнувајте за духовните дарови, а особено да пророкувате“ (1. Коринќаните 14,1).**

Како и човечкото тело кое има повеќе членови, и црквата е една но има многу членови, секој со различна улога, способност и дар. Практикувани со љубов, овие духовни дарови поттикнуваат чувство на единство кое го одразува карактерот на троедниот Бог.

Оваа седмица ќе го проучуваме текстот 1. Коринќаните 12-14 и нивното учење за духовните дарови. Овој отсек е дел од малку поголема целина, во која Павле зборува за однесувањето што се очекува од еден христијанин во верска средина (1. Коринќаните 11–14). Главната загриженост на Павле е врзана за проблемот со нередот на собирите. Тој на овој проблем одговара со изјава дека црквата е тело чиишто членови имаат различни улоги „за изградување на Христовото тело“ (Ефесјаните 4,12). Накратко, Бог ѝ дал на црквата духовни дарови за да го унапреди единството преку различноста.

Секако, Павле сѐ уште го има на ум проблемот на поделбата со која се занимава во првите четири глави од 1. Коринќаните, каде што единството во Христа претставува одговор на недостатокот на слога меѓу членовите на црквата. Сега тој ја развива оваа идеја изнесувајќи го своето сфаќање за улогата на духовните дарови. Според Павле, единството во Христа и Духот е единствениот начин да се избегнат расколи.

## РАЗНОВИДНОСТ НА ДАРОВИТЕ

Павле воведува нова тема во 1. Коринќаните 12,1, со формулата „а за“. Научниците дебатираат дали зборува за „духовни дарови“ или за „духовни луѓе“, бидејќи грчкиот израз *tōn pneumatikōn* ги дозволува обете толкувања. „Духовни дарови“ е веројатно подобар превод во светлината на 1. Коринќаните 12,4, каде што Павле очигледно зборува за духовните дарови. Во 1. Коринќаните 12,2.3, Павле истакнува дека првиот дар на Духот претставува храбро признание дека Исус е Господ (1. Коринќаните 12,2.3). Во времето кога бил пишуван Новиот завет, да се каже дека Исус е Господ значело како да се каже дека Цезарот не е Цезар (Дела 17,7; исто и Јован 19,12.15). Бидејќи тоа се сметало за бунт против царската власт, било казниво со смрт.

И Исус и Павле нагласувале дека верата во Бога – дури и под закана од прогонства и смрт – е дар на Духот. Всушност, верата е најосновниот дар. Не е изненадување тоа што верата е наведена прва во 1. Коринќаните 13,13. А дека верата е духовен дар, се гледа јасно од изјавата на Павле во 1. Коринќаните 12,9. Меѓутоа, постојат и многу други дарови. Фактот дека Светиот Дух распределува различни видови дарови „распределувајќи секому поодделно, како што сака“ (1. Коринќаните 12,11) докажува дека сите тие се неопходни.

**Прочитајте 1. Коринќаните 12,1-6. Што е нагласено во овој пасус?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Повторувањето на изразот „различни“ нагласува дека станува збор за мноштво дарови. Она што го нарекува „духовни дарови“ во 1. Коринќаните 12,1, Павле го развива во стиховите 4-6 од три различни агли: „дарови“ (*charisma)*, „служби“ или „служења“ (*diakonia*) и „сили“ (*energēma*). Иако овие зборови означуваат различни поими, важно е да не се повлекуваат фини разлики меѓу нив поради паралелизмот на стиховите. Исто така, треба да се забележи дека духовните дарови се даваат со цел да се унапредува единството засновано на тројниот карактер на Бога (видете и Ефесјаните 4,8-11). Иако Духот ги распределува даровите, Бог е тој што ги оспособува верниците да му служат на Христа во својата заедница (1. Коринќаните 12,5.6). Даровите му се даваат на секој верник поединечно (1. Коринќаните 12,11), но сите тие се наменети да ѝ користат на заедницата на верниците како целина.

**Забележете го повторно Павловото нагласување на единството. Зошто ова е толку важно за црквата?**

# ЕДИНСТВО ПРЕКУ РАЗЛИЧНОСТ/РАЗНОВИДНОСТ

Јазикот на единство претставен во 1. Коринќаните 12,4-6 („еден Дух“, „еден Господ“ и „еден Бог“) понатаму се развива во остатокот од 1. Коринќаните 12 глава. Ова е очигледно врз основа на тоа како Павле ги употребува изразите како што се: „еден и ист Дух“ (1. Коринќаните 12, 11), „едно тело се“ (1. Коринќаните 12,12), „едно тело“ (1. Коринќаните 12,12.13.20), „со еден Дух“ (1. Коринќаните 12,13 [двапати]), „подеднакво да се грижат едни за други“ (1. Коринќаните 12,25).

Заедно со концептот на единство, Павле ја нагласува различноста на членовите („деловите“) во телото Христово користејќи изрази како што се: „многу делови“ (1. Коринќаните 12,12.20), „сме крстени сите“ (1. Коринќаните 12,13), „не еден член, туку многу“ (1. Коринќаните 12,14), „целото тело“ (1. Коринќаните 12,17), „деловите, секој од нив во телото“ (1. Коринќаните 12,18), „делови од телото“ (1. Коринќаните 12,22.23), „сите делови“ (1. Коринќаните 12,26). Ова истовремено нагласување на единството и различноста укажува на тоа дека целта на духовните дарови е всушност залагање за единство преку различноста.

Ова единство во различноста мора да го одразува Божјиот карактер. Отецот е една личност, Синот е друга, а Светиот Дух е уште една. Овие три личности успеваат да ја зачуваат својата индивидуалност додека работат заедно на изградување на црквата и нејзино оспособување за мисија (1. Коринќаните 12,4-6; Ефесјаните 4,11-13).

**Прочитајте 1. Коринќаните 12,12-31. Зошто аналогијата со телото и неговите многубројни членови е толку соодветна за претставување на црквата и нејзините членови?**

---

Централната мисла на 1. Коринќаните 12 глава е дека деловите на телото, иако поединечно толку различни еден од друг (1. Коринќаните 12,15-20), сите зависат еден од друг (1. Коринќаните 12,21-26). Стапалата зависат од очите за да знаат каде да чекорат. Од друга страна, очите не можат да допрат ништо – можат само рацете. Исто така, идејата дека некои делови се послаби (1. Коринќаните 12,22) или помалку ценети, помалку „чесни“ (1. Коринќаните 12,23) од другите, е само привид, бидејќи сите тие се неопходни (1. Коринќаните 12,22).

За жал, меѓу Коринќаните се јавила тенденција едни дарови да ги ценат, а други да ги занемаруваат. За да ги спречи да прават таква грешка, Павле го насочил нивното внимание кон љубовта, која е „повозвишен пат“ (1. Коринќаните 12,31). Со други зборови, кој било дар да е во прашање, ако се користи мудро и со љубов, тој му е угоден на Бога.

**Погледнете ја листата со дарови во 1. Коринќаните 12,8-10.28; Римјаните 12,6-8 и Ефесјаните 4,11. Кој е вашиот дар? Како можете да го употребите за да го изградувате телото Христово?**

## „УШТЕ ПОДОБАР НАЧИН“

„Љубовта не е само еден од многуте дарови. Таа е средство со кое сите дарови ја достигнуваат својата крајна цел“ (Carl P. Cosaert, „1 Corinthians“, *Andrews Bible Commentary: New Testament;* Berrien Springs, MI: Andrews University Press, 2022; стр. 1643).

**Прочитајте ги текстовите 1. Коринќаните 13,1-7 и 1. Петрово 4,8-11. Која е улогата на љубовта кога станува збор за духовните дарови?**

---

Првото послание до Коринќаните 13 нè учи дека само преку љубовта можат правилно да се користат духовните дарови. Павле ја започнува 13-тата глава од 1. Послание до Коринќаните алудирајќи на даровите споменати во 12. глава од истото послание, само за да нагласи дека тие немаат никаква вредност ако не се водени од љубовта. Оттука, знаењето (1. Коринќаните 12,8) и верата (1. Коринќаните 12,9), па дури и верата што „поместува планини“ (1. Коринќаните 13,2), не значи ништо без љубовта (1. Коринќаните 13,2). Без љубовта, способноста за зборување на јазици (1. Коринќаните 12,10.28.30) се сведува на „бакар, што ѕвони, или кимвал, што ѕвечи“ (1. Коринќаните 13,1). Во истата смисла, дури и толку важен дар како што е пророштвото не претставува ништо без љубовта (1. Коринќаните 13,2).

Во 1. Коринќаните 13,4-7, Павле се сосредоточува на тоа што е, а што не е љубовта. Или, поконкретно, што љубовта прави, а што не прави. Глаголите што ги избирал за да ја опише љубовта укажуваат дека љубовта не е толку нешто што го чувствуваме, колку нешто што го практикуваме. Така, Павле споменува дека љубовта (1) покажува трпение; (2) покажува љубезност; (3) се радува на вистината; (4) сè поднесува; (5) сè верува; (6) на сè се надева; (7) сè трпи. Наспроти ова, љубовта (1) не завидува; (2) не се фали; (3) не се однесува надмено со ароганција; (4) не постапува грубо; (5) не ги бара своите права; (6) не се раздразнува лесно; (7) не води евиденција за неправдите; (8) не ужива во правењето зло.

Овие 15 глаголи, колку што ги има вкупно, даваат цврсти насоки за соодветно однесување при употребата на даровите. Значајно е што оваа дискусија за вистинската природа на љубовта се наоѓа точно помеѓу 12. и 14. глава од 1. Коринќаните, каде што Павле се осврнува на судирите околу духовните дарови. Навистина, љубовта е клучна за мудрата употреба на духовните дарови. Љубовта, исто така, се поставува рамо до рамо со верата и надежта, „но најголема од нив е љубовта“ (1. Коринќаните 13,13).

**Зошто љубовта е толку важна за нашата вера? Има ли подобар начин да се доживее реалноста на Божјата љубов, од настојувањето, со молитва, таа да се одрази на другите?**

## ДАРОТ НА ЈАЗИЦИ

А што е со дарот на јазици? Судејќи според начинот на кој пројавувањето на овој дар е опишано на други места во Библијата (Марко 16,17; Дела 2,1-13; Дела 10,44-48; Дела 19,6), дарот на јазици во 1. Коринќаните најверојатно е способност доделена од Духот за зборување на странски јазици.

Павле го споменува дарот на јазици како дел од листата со дарови во текстот 1. Коринќаните 12,8–10 (видете исто и 1. Коринќаните 12,28.30; 1. Коринќаните 13,1.8). Меѓутоа, во 1. Коринќаните 14, тој го споменува повеќе пати. Навистина, грчкиот збор glōssa („јазик“) се појавува повеќе од дваесет пати во 1. Коринќаните 12–14, од кои петнаесет се само во 1. Коринќаните 14. Покрај тоа, грчкиот збор *heteroglōssos* („друг јазик“) се појавува во стихот 1. Коринќаните 14,21. Овој голем број на спомнувања /нагласувања/ и упатувања на дарот на јазици укажува дека тоа било прашање од голема важност за Павле. Злоупотребата и погрешната употреба на овој дар од страна на црквата во Коринт предизвикало неред и збрка во јавните богослуженија (1. Коринќаните 14,23.27.33.40).

**Прочитајте 1. Коринќаните 14,5.13.26.27 и 1. Коринќаните 12,10.30. Кое посебно упатство го дал Павле во врска со дарот на јазици?**

---

Причината зошто дарот на зборување јазици мора да се користи заедно со дарот на нивно толкување, се состои во тоа што јазиците мора да бидат разбирливи (1. Коринќаните 14,9). Во спротивно, нема никаква корист од употребата на тој дар (1. Коринќаните 14,6). Ова објаснува зошто Павле ставил толку голем нагласок на толкувањето и разбирањето. Очигледно, тој не го критикува дарот на јазици сам по себе, туку, како што ќе видиме утре, тој го насочува вниманието кон претераното значење што му го придавале Коринќаните, што довело до занемарување на дарот на пророштвото.

Во овој момент, важно е да се забележи дека Павле, иако сакал сите Коринќани да можат да зборуваат на странски јазици (1. Коринќаните 14, 5), сепак не очекувал тоа да се случи (1. Коринќаните 12,10). Затоа, идејата дека „сите мора да зборуваат на јазици пред да можат да тврдат дека се крстени во Светиот Дух претставува изопачување на учењето на Павле во 1. Коринќаните 12 и 14“ (Raoul Dederen, *Handbook of Seventh-day Adventist Theology,* electronic ed., vol. 12 of Commentary Reference Series; Hagerstown, MD: Review and Herald Publishing Association, 2001; стр. 620).

**Дали во вашата црква има луѓе кои зборуваат на други јазици? Како можат да ја искористат таа способност за да допрат до другите за Христа? Како овој факт може да ни помогне да ја разбереме вистинската природа на јазиците за кои зборува Павле?**

# ДАРОТ НА ПРОРОШТВОТО

Дарот на пророштвото зазема истакнато место во Павловата дискусија за духовните дарови. Интересно е што дарот на пророштвото обично се споменува пред дарот на јазици (1. Коринќаните 12,10.28; 1. Коринќаните 13,8). Кога дарот на јазиците се споменува за прв пат, тоа било само за да се нагласи неговата релативна важност во споредба со дарот на пророштвото (1. Коринќаните 14,4.5.6.22).

**Прочитајте Ефесјаните 4,11-13 и 1. Коринќаните 14,3.4. Што ни кажуваат овие пасуси за целта на духовните дарови воопшто, а особено за дарот на пророштвото?**

---

Дарот на пророштвото требало да обезбеди изградување, опомена и утеха (1. Коринќаните 14,3; споредете со Дела 15,32). Ова ни кажува дека пророштвото не се занимава толку со предвидување на иднината, колку со начинот на кој треба да се живее во сегашноста. Грчкиот глагол *prophēteuō* може да значи или „да се каже нешто однапред“ или „да се каже нешто во име на некој друг“. На пример, тоа прво значење се гледа во текстот Дела 2,29-31 (споредете со Амос 3,7), каде што идејата за Давид како пророк се објаснува со тоа што тој (однапред) „знаел“. Второто значење го гледаме во стихот Дела 15,32, каде што Јуда и Сила се препознаваат како пророци. Нивното „пророштво“, сепак, се состоело во тоа што „со многу зборови ги утешија браќата и ги поткрепија“.

Од текстот Ефесјаните 4,11-13, дознаваме дека духовните дарови не престанале да постојат по апостолската доба. Тие треба да бидат присутни до крајот (Дела 2,39). Меѓутоа, ако некој тврди дека е пророк, неговиот или нејзиниот дар мора да се процени врз основа на Светото писмо. Општо земено, треба да бидат задоволени четири правила. Прво, пророштвата се остваруваат (5. Мојсеева 18,22; Еремија 28,8.9). Второ, нивната порака е во согласност со пораките на претходните пророци (5. Мојсеева 13,1-3; Исаија 8,20). Трето, нивниот секојдневен живот ја покажува нивната посветеност на Христа (1. Јованово 4,1-3). Четврто, Исус рекол дека лажните пророци ќе бидат препознаени по нивните плодови (Матеј 7,15-20). Истото важи и за вистинските пророци.

Книгата Откровение покажува дека дарот на пророштвото е посебна карактеристика на црквата на остатокот (Откровение 12,17; Откровение 19,10). Како адвентисти на седмиот ден, веруваме дека дарот на пророштвото ѝ бил даден на Елена Г. Вајт и тој се огледува во нејзините списи.

**Кои причини ги имаме за да веруваме во пророчкиот дар на Елена Г. Вајт? На кои други прашања треба да се одговори во врска со нејзината улога и авторитет?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Roswell F. Cottrell, *„Spiritual Gifts"*, стр. 5-16, во делото: Ellen G. White, Spiritual Gifts, кн. 1 (објавено во книгата Рани списи, стр. 133-143, ориг.).

„Луѓето нека се фатат за работа, имајќи доверба во Господа, а Тој ќе оди со нив за да ги уверува и преобратува душите на грешниците. Еден работник можеби е вешт говорник, друг вешт писател, трет може да има дар да изнесува искрени, ревносни, сесрдни молитви, а четвртиот дар за пеење. Некој може да има посебна сила јасно да ја објаснува Божјата реч, а секој дар ќе стане сила за Бога, бидејќи Тој работи заедно со работникот. На еден Бог му дава зборови на мудрост, на друг знаење, на трет вера. Но сите треба да работат под еден ист Поглавар. Разновидноста на даровите води кон различни служби, 'но Бог е еден и ист, Кој извршува сè во сите' (1. Коринќаните 12,6).

Никој нека не ги презира наводно помалите дарови. Ајде сите да се фатиме за работа. Никој нека не ги скрстува рацете во неверие мислејќи дека не може да изврши никаква важна работа. Престанете да гледате на себе. Гледајте во вашиот Водач. Со чесност, кротост и љубов, правете го она што сте во можност да го правите" (Ellen G. White, *The Advent Review and Sabbath Herald,* 12 април 1906 година; This Day with God, Revival, 2019, стр. 26).

„На сите ни е потребна помошта што можеме да ја примиме благодарение на расудувањето на другите. Бог дејствува и на умот на другите, не само на нашиот. Различните дарови дадени на различни поединци ќе се обединат во намерата 'за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело' (Ефесјаните 4,12)...

Секогаш ќе има пречки пред нас, но ние треба да го следиме нашиот Водач и да се соочуваме со тешкотиите обединети, рака под рака" (Ellen G. White, *The Upward Look*, стр. 141).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете малку повеќе за дарот на пророштвото. Зошто пророштвото е поважно од странските јазици доколку не се толкуваат? Доколку е потребно, прочитајте повторно 1. Коринќаните 14 за накратко да ги разгледате аргументите на Павле.**

**2. Разговарајте во класата за животот и службата на Елена Г. Вајт и зошто ние, како црква, веруваме дека таа навистина го имала дарот на пророштвото. Кои големи благослови ги добива црквата од овој дар? Исто така, какви предизвици се поврзани со знаењето како на најдобар начин да се употреби овој дар?**

**3. Сетете се на три до пет луѓе кои искрено ве сакаат. Како знаете дека нивната љубов кон вас е искрена? Што ви кажува ова за причините што ги имал Павле што толку многу зборува за љубовта во својата дискусија за духовните дарови?**

**4. Колку и да е важна љубовта, зошто таа не смее да биде единствениот критериум при оценувањето дали некој ја кажува вистината или не, и дали е достоен да го сослушаме?**

**7. Лекција**
**8 - 14 август 2026**

# ПОРТРЕТ НА ЉУБОВТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 13; Матеј 24,12; Галатјаните 5,22.23; 1. Тимотеј 1,14; 1. Јованово 4,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А сега остануваат овие три работи: верата, надежта и љубовта; најголема меѓу нив е љубовта“ (1. Коринќаните 13,13).**

Љубовта може да освои секого. Затоа Павле имал толку многу да каже за неа. Зборовното семејство на *agapaō* – највообичаениот грчки збор во Новиот завет со кој се изразува концептот на љубовта – се јавува повеќе од 135 пати во Павловите посланија, што претставува речиси половина од неговите појавувања во Новиот завет. Ова би требало да ни каже нешто за главната тема на Павловото послание до коринтската црква.

Во Новиот завет има многу извонредни текстови за љубовта – како што се: Римјаните 8,35-39; 1. Коринќаните 2,9; 1. Коринќаните 8,3; Галатјаните 2,20; Колошаните 1,13; 1. Солуњаните 3,12 и многу други.

Сепак, ништо не може да се спореди со 1. Коринќаните 13 глава.

Минатата седмица видовме дека без љубовта, сè, вклучувајќи ги и духовните дарови, е безвредно. Оваа седмица подетално ќе ја разгледаме 13-та глава од 1. Коринќаните и нејзиниот чудесен портрет на љубовта.

Како што ќе видиме, љубовта не е толку емоција колку став – став што мора да се покаже во животот, преку дела и зборови, бидејќи, во спротивно, тој не значи ништо.

Во животот на Исус е целосно откриено што навистина е љубовта и што таа прави.

# СУШТИНСКАТА ВАЖНОСТ НА ЉУБОВТА

Минатата седмица ја допревме темата за љубовта, како што ја гледаме во 1. Коринќаните 13. Меѓутоа, зборовите на Павле треба да ги истражиме уште подлабоко.

**Прочитајте 1. Коринќаните 13. Накратко наведете што ни кажува тој овде за љубовта.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Павле не вели дека јазиците (1. Коринќаните 13,1), пророштвото, разбирањето, знаењето, верата (1. Коринќаните 13,2) и милосрдието (1. Коринќаните 13,3) се бескорисни. Тие се бескорисни само ако не се предводени од љубовта.

Оној вид љубов, за кој зборува Павле, не се огледува во такви изјави како што се: „Ги сакам јагодите“ или „Ги сакам моите пријатели“ или дури „Го сакам мојот брачен другар и моите деца“. Ниту, пак, тука станува збор за љубов прикажана во филмовите. И не, тоа не е т.н. еротска љубов, иако тие текстови обично се користат во проповеди при венчавки.

Оваа љубов не може да се сведе на наклоност, милосрдие, доблест или добродетелност. Сепак, сите овие особини ја претставуваат и одразуваат во поголема или помала мера. Оваа љубов е посебна благодат што ни ја дава Духот. Всушност, љубовта во 1. Коринќаните 13 е од Духот дадена движечка сила која нè води да постапуваме со наклоност и милосрдие, да ја покажуваме секоја доблест и добродетелство. Тоа е целосно посветување на нашите дела, чувства и мисли на Христа и на нашите ближни.

**Прочитајте Матеј 24,12. Какво предупредување ни дава Исус овде?**

________________________________________________________________

Затоа *agapē* е толку суштинско и неопходно. Потпирајќи се на Христовата сила, не смееме да дозволиме љубовта да олади во нашите домови, во нашите цркви, во нашето соседство. Го имаме примерот на Христос на крстот, кој умрел за нас. Може ли воопшто да постои подобар и посилен израз на оваа љубов? Иако не би можеле секогаш да дадеме подеднакво силен израз на таквиот вид љубов, со Божјата благодат треба да тежнееме кон тоа да ја изразуваме во нашиот живот во што е можно поголема мера.

**Во кои моменти изразот на ваквата љубов би можел навистина да остави силен позитивен впечаток кај некој кому таа љубов му е потребна повеќе од сè друго?**

# ШТО ПРАВИ ЉУБОВТА?

Текстот 1. Коринќаните 13,4-7 претставува срцевина на оваа глава. Павле се сосредоточува на одликите на љубовта – покажувајќи што љубовта е а што не е, односно, што лубовта прави а што не прави. Тој ѝ припишува човечки особини на љубовта за да можеме да стекнеме увид во тоа како се однесува личност исполнета со љубов, што ја поттикнува и води Духот. Во својот опис на љубовта, Павле користи низа глаголи. За него, љубовта е повеќе прашање на дела отколку на доживување и чувства.

Според тоа, што прави љубовта?

***1. Покажува великодушност/трпение*** (*makrothymeō*). *Makrothymeō* значи да се покаже трпение дури и во тешки околности. Трпението, исто така, ја нагласува способноста да бидеме долготрпеливи еден кон друг (Ефесјаните 4,2).

***2. Покажува добрина, љубезност, благост*** (*chrēsteuomai*). *Chrēsteuomai* се појавува само овде во Новиот завет, но други зборови од истиот корен се вообичаени на други места. Во Септуагинтата (грчкиот превод на Стариот завет), зборовите со ист корен често се појавуваат во Псалмите, каде што се однесуваат на Божјата добрина поврзана со Неговата милост (Псалм 145,9). Кога рекол дека љубовта покажува љубезност (добрина, милост), Павле мислел на тоа дека нашата љубов кон другите мора да го одразува Божјото сочувство и милосрдие кон нас.

***3. Се радува (synchair ) на вистината.*** *Synchairō* означува способност да се доживее радост заедно со друга личност (Лука 1,58; Лука 15,6.9; 1. Коринќаните 12,26; Филипјаните 2,17.18).

***4. Сè поднесува*** (*stegō*). Научниците расправаат дали *stegō* значи „да се покрие“, имено, да се чува нешто во доверба (што исто така значи и заштита) или „да се издржи“ во смисла на отпорност. Поимот на истрајност јасно се појавува во 1. Коринќаните 9,12, што повеќето толкувачи и преведувачи на Библијата ги навело да ја сметаат втората можност за поверојатна.

***5. Сè верува*** (*pisteuō*). Зборот *pisteuō* потекнува од истиот корен како и грчкиот збор за вера (*pistis*). Во контекст на 1. Коринќаните 13, да се верува во сè значи едни на други да си даваме „бенефит на сомнежот“ (т.е. да веруваме дека другите се во право и да не се сомневаме без докази).

***6. На сè се надева*** (*elpizō*). Во Новиот завет, глаголот *elpizō* секогаш се однесува на верување или очекување дека ќе се случи нешто добро.

***7. Сè трпи/поднесува*** (*hypomenō*). Очигледно нема разлика меѓу глаголите *stegō* и *hypomenō* во 1. Коринќаните 13,7. Тие се синоними, при што *hypomenō* овде се однесува на трпение среде тешкотии. Павле го користи *hypomenō* на крајот од тој стих за да избегне повторување на зборот *stegō*. Меѓутоа, со повторување на истиот концепт, иако користи различен збор, тој го насочува вниманието кон верата и надежта како своја главна тема. Со други зборови, љубовта истрајува поради верата и надежта.

**Споредете 1. Коринќаните 13,4-7 со Галатјаните 5,22.23. Кои заеднички идеи ги забележувате во овие два пасуса? Како можеме да покажеме таков вид љубов и во нашиот живот?**

## ШТО ЉУБОВТА НЕ ПРАВИ

**Прочитајте повторно 1. Коринќаните 13,4-7. Зошто Павле ги спомнува и особините што љубовта ги нема, а не само оние што таа ги има?**

---

Вчера се сосредоточивме на седум подробности што ги прави љубовта. Денес ќе разгледаме осум работи што таа не ги прави. Љубовта...

***1. Не завидува* (*zeloō*).** Зборот *zeloō* може да се употреби во позитивна смисла, како во изразите: „Стремете се [*zeloō*] кон поголеми дарби“ (1. Коринќаните 12,31), „ревнувајте [*zeloō*] за духовните дарови“ (1. Коринќаните 14,1) и „настојувајте [*zeloō*] да пророкувате“ (1. Коринќаните 14,39). Меѓутоа, овде, како и во стихот Дела 7,9, тој има негативно значење. Во ред е да посакувате духовни дарови, но не и да им завидувате на надарените лица. Ова води до поделба (1. Коринќаните 3,3).

***2. Не се превознесува (perpereuomai).*** Глаголот *perpereuomai* ја носи во себе идејата за ароганција и желба за пофалби од другите. Но, љубовта не е сосредоточена на себе. Ова станува уште појасно од она што следува.

***3. Не е горделива (physioō).*** Глаголот *physioō* се појавува во 1. Коринќаните 8,1 како дел од познатата изјава на Павле: „Знаењето возгордејува, а љубовта надградува“. Ова се однесува на лице кое страда од претерано чувство на сопствена важност.

***4. Не го прави она што не е исправно,*** односно, ***не е непристојна (aschēmoneo).*** Глаголот *aschēmoneo* има широк опсег на значења. Сепак, генерално се однесува на постапување спротивно на општествените и моралните стандарди, на начин што е нечесен, срамен, непристоен или несоодветен. Павле веројатно овде мисли на однесувањето на „силните“ верници кон „слабите“ во Коринт (1. Коринќаните 4,10; 1. Коринќаните 8).

***5. Не го бара (zēteo) своето [своите права].*** Ова е слично на она што го кажува Павле во 1. Коринќаните 10,24: „Никој да не ги бара сопствените, туку да мисли на правата на другите“ (превод на авторот на поуката). Љубовта се откажува од сопствените права во полза на другите (видете ја лекцијата бр. 5). Во средина во која сите се залагаат за правата на другите, сите имаат придобивка.

***6. Не се срди (paroxynō).*** Глаголот *paroxynō* укажува на бурните чувства на некој што лесно се провоцира на гнев. Ова значи дека љубовта нема „краток фитил“ и дека не е пречувствителна.

***7. Не памти (logizomai) зло.*** Глаголот *logizomai* се користи овде во сметководствена смисла, што би значело дека љубовта не води евиденција за туѓите грешки. Со други зборови, да се сака значи и да се простува.

***8. Не се радува (chairō) на неправда.*** Љубовта не само што не води евиденција за неправдите на другите, туку не наоѓа ни задоволство во нив. Кога навистина ги сакаме другите, не се радуваме на нивните грешки, туку напротив, настојуваме да им помогнеме.

## ИСУСОВ ПОРТРЕТ

Кога читаме 1. Коринќаните 13,4-7, можеме да почувствуваме беспомошност и фрустрација, увидувајќи дека, повеќе или помалку, не успеваме да ги покажеме сите овие особини на љубовта. Всушност, кога Павле ја пишувал 13 глава од 1. Коринќаните ја имал на ум Исусовата личност. И навистина, само Христос совршено ги покажал сите овие карактеристики на љубовта. Според тоа, Павловиот портрет на љубовта, во крајна линија, е Исусов портрет.

**Прочитајте ги следните стихови: Јован 13,1.34; Јован 15,9.12; 1. Тимотеј 1,14; 2. Тимотеј 1,7.13; 1. Јованово 3,16; и 1. Јованово 4,7-12. 19-21. Што можеме да научиме за љубовта од овие стихови?**

---

---

Бог е љубов (1. Јованово 4,8). Тој нѐ сака толку многу што го дал Својот единороден Син (Јован 3,16). Исус е потполн израз на таа љубов (Евреите 1,3). Ако сакаме да знаеме како се манифестира љубовта, мора внимателно да се загледаме во Исуса. Ако обрнеме посебно внимание на тоа како е прикажан Исус во Новиот завет, ќе сфатиме дека сите позитивни црти на љубовта од 1. Коринќаните 13 се одразуваат во Него.

***Исус е трпелив.*** „Затоа бев помилуван [најлошиот од грешниците], за да ја покаже Исус Христос прво на мене сета долготрпеливост [*makrothymia*]" (1. Тимотеј 1,16).

***Исус е милосрден (добар/љубезен).*** Библијата вели дека „Господ е добар" (1. Петрово 2,3). Зборот „Господ" во тој стих се однесува на Исус. Зборот „добар" е превод на грчкиот збор *chrēstos*, кој доаѓа од истиот корен како и глаголот *chrēsteuomai* („да се биде милосрден, љубезен, добар") во 1. Коринќаните 13,4.

***Исус се радува на вистината.*** Исус доживеал радост кога ја следел волјата на Отецот и ја чувствувал Неговата љубов кон себе (Јован 15,9-11; Јован 17,12-14).

***Исус сѐ поднесува/трпи.*** Во текстот Евреите 12,2.3 вели дека Исус „претрпе крст... од грешниците претрпе над Себеси таква поруга..." Никој не трпел толку многу како Исус (Филипјаните 2,8). И Тој го направил тоа од љубов, имајќи ја пред Себе радоста што ќе дојде!

***Исус во сѐ верува.*** Кога Ананија ја довел во прашање искреноста на Павловото преобратување (Дела 9,13.14), Исус одговорил: „Тој ми е избран сад" (Дела 9,15). Исус не ги гледа луѓето какви што се, туку какви што ќе станат преку дејствувањето на Неговата сила.

**На кои други начини Исус ни открива што е, всушност, вистинската љубов?**

## ВЕРА, НАДЕЖ И ЉУБОВ

Досега дознавме дека љубовта е трпелива, добра, радосна, отпорна, полна со вера, надеж и долготрпеливост, бидејќи Исус е сето тоа. А кога еднаш ќе ги согледаме сите тие особини во Исуса, следниот чекор е да Го имитираме. Тоа е она што Павле го сакал за Коринќаните. Меѓутоа, ако го отстраниме она „не“ од осумте особини што љубовта не ги поседува, „добиваме прилично добар опис на однесувањето на Коринќаните во нивниот црковен круг – тие биле завидливи, фалбаџии, арогантни, непристојни, барале свои права, лесно се навредувале и вниманието го насочувале кон грешките на другите. Павле ги искористил глаголите што најмногу одговараат на ситуацијата во Коринт“ (Verlyn D. Verbrugge, „1 Corinthians“, *The Expositor's Bible Commentary: Romans–Galatians,* revised edition; Grand Rapids, MI: Zondervan, 2008; стр. 372).

Коринќаните имале многу да научат. А исто така и ние. Откако опишува што љубовта прави а што не, Павле ја завршува оваа глава нагласувајќи ја вечната природа на љубовта, со цел да го поттикне практикувањето на вистинската љубов.

Еден ден, пророштвото повеќе нема да биде потребно, ќе зборуваме само еден јазик, а делумното човечко знаење ќе отстапи место на сосема новото познавање на Бога (1. Коринќаните 13,12). Даровите на Духот ќе престанат да се даваат кога ќе ја исполнат целта на своето постоење (1. Коринќаните 13,10). Но „љубовта никогаш не пропаѓа“ (1. Коринќаните 13,8).

Исто така, кога Христос ќе се врати, верата ќе отстапи место на гледањето (2. Коринќаните 5,7), и она на што долго време сме се надевале ќе стане реалност (Римјаните 8,24). Но, најважно од сѐ, љубовта засекогаш ќе трае, како печат на карактерот на нашиот троеден Бог. Сепак, во извесна смисла, и верата и надежта ќе траат засекогаш. Верата како искуство на спасение (Римјаните 4,3), и надежта како желно исчекување на нови задоволства и ново знаење на новата земја, ќе го обележуваат искуството на искупените за сите времиња. Но, љубовта, Божјата љубов, засекогаш ќе преовладува.

Многу скоро, ќе го здогледаме нашиот Господ лице в лице (1. Коринќаните 13,12). И додека не дојде тој ден, од нас се очекува да го дефинираме нашиот живот според овие три доблести – вера, надеж и љубов. Оваа тријада ја претставува полнотата на христијанскиот живот во Духот. Затоа толку често се зборува за неа меѓу христијаните (Римјаните 5,1-5; Галатјаните 5,5.6; Ефесјаните 1,15.18; 4,1-5). Но, љубовта, сепак е најголема. Впрочем, таа е единствената доблест со која се опишува вистинската природа на самиот Бог (1. Јованово 4,8).

**Размислете за оваа изјава: „Бог е љубов“. Како точно да разбереме што точно значи ова? И иако можеме само делумно да ја разбереме, зошто таа изјава е толку добра вест за нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ellen G. White, „The Need of Love“, стр. 545, 546, Review and Herald, August 28, 1888.

„ Без оглед на тоа колку сесрдно ја исповеда верата, човекот, чиешто срце не е исполнето со љубов кон Бога и кон ближните, не е вистински Христов ученик. И ако има силна вера, дури и моќ да прави чуда, а ако нема љубов, неговата вера е безвредносна. Таквиот човек може да биде мошне дарежлив; но кога од некоја друга побуда, а не од вистинска љубов, би го разделил сиот свој имот за да ги нахрани сиромасите, со таа постапка сепак не би заслужил Божје признание. Таквиот човек во своето одушевување би можел дури и да умре со смрт на маченик, но ако на тоа не би го поттикнала љубов, Бог би го сметал за заблуден занесеник или за славољубив лицемер“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 318, 319 ориг.).

„Ние многу проповедаме... Но, она што најмногу ни треба... е љубовта кон душите што пропаѓаат, онаа љубов која како обилен поток тече од Божјиот престол. Вистинското христијанство го проникнува целокупното битие со љубов. Тоа го допира секој витален дел, мозокот, срцето, рацете помошнички, стапките, оспособувајќи го човекот цврсто да стои на она место каде што Бог сака да стои. Тогаш нема да има погрешен пат за неговите стапки, тогаш дури ни куциот нема да скршне од патот. Огнената Христова љубов кон душите што пропаѓаат ја претставува самата срж на целиот систем на христијанството“ (Ellen G. White, *Lift Him Up*, стр. 134 оригинал).

„Само љубовта што извира од Христовото срце може да исцели. Само Оној во кого тече оваа љубов, како сокот во дрвото или крвта во телото, може да ја ‘поправи’ ранетата душа“ (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 114 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Дали мислите дека Павловата листа на позитивни особини на љубовта е целосно довршена? Ако не, кои други елементи би ги додале?**

**2. Според вас, што подразбирал Павле под заповедта „Стремете се кон љубовта“ (1. Коринќаните 14,1)? Како е ова поврзано со она што го кажал во 1. Коринќаните 13,4-7?**

**3. Која карактеристика на љубовта најмногу треба да ја примените во вашиот секојдневен живот? Кои од нив ѝ се потребни на вашата локална црква? Патем, зошто Павле ја споредува љубовта со дарови како што се пророштвото, јазиците и знаењето (1. Коринќаните 13,8)?**

**4. Павле навестува дека љубовта е конечното решение за недостатокот на единство меѓу верниците во Коринт. Зошто? Во која смисла ова се однесува на нашите цркви денес?**

**8. Лекција**
**15 - 21 август 2026**

# СИЛАТА НА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 15; Лука 24,44-47; Откровение 20,5.6; Колошаните 2,12; 2. Тимотеј 1,12; 1. Солуњаните 4,13-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А ако, пак, Христос не воскреснал, тогаш напразна е нашата проповед, празна е и вашата вера... Ако, пак, Христос не воскреснал, напразна е верата ваша; вие сте уште во своите гревови!“ (1. Коринќаните 15,14-17).**

Колку е фасцинантно што, дури и во негово време, Павле морал да се справува со оние кои го негирале воскресението на мртвите. Впрочем, луѓето во тоа време можеле да видат што смртта му прави на човечкото тело. Тие знаеле како трупот се распаѓа, потоа се суши во прав, а потоа речиси ништо не останува од него. Но, тие знаеле и дека многу луѓе се мртви долго време. Всушност, повеќето луѓе биле мртви многу подолго отколку што тие биле живи.

Воскресението на мртвите не им изгледало ништо поверојатно тогаш отколку што ни изгледа нам денес, барем од човечка гледна точка. И тоа сигурно било спорно прашање на кое Павле се осврнал.

А тоа било и клучното прашање. Бидејќи, ако Исус не воскреснал, тогаш Тој не е Оној за кого тврдел дека е, тогаш Крстот немал никакво влијание и нашите гревови не се платени. Во тој случај, очајот е сè што ни останува. Но, нашиот Господ воскреснал, се вознел на небото и ќе се врати да нè однесе дома!

Оваа седмица ќе се сосредоточиме на 15. глава од 1. Коринќаните, и на нејзиното учење за Христовото воскресение. Под влијание на погледот на светот во нивната паганска средина, некои во Коринт велеле дека нема воскресение. Како одговор на тоа, Павле ја потврдува важноста на Христовото воскресение како наша единствена надеж за спасение.

## ОБЈАВУВАЊЕ НА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ

Павле ја започнува 15. глава од 1. Коринќаните фокусирајќи се на евангелието: (1) што тој им го проповедал на Коринќаните; (2) *кое* тие го примиле; (3) *во кое* стоеле; и (4) *преку кое* биле спасени (1. Коринќаните 15,1.2). Овој вовед го подготвува читателот за она што следи во таа глава и покажува колку е важно Христовото воскресение за нашето спасение (видете и Римјаните 10,9.10). Христовото воскресение е толку важен дел од евангелската порака што неговото негирање е во спротивност со нашата вера во Христос.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Коринќаните 15,1-4; Лука 24,44-47; и Римјаните 1,1-4. Што е заедничко за овие пасуси?**

Во 1. Коринќаните 15,1-4 наоѓаме резиме на пораката на Павле. Не е важно дали изразот „според Писмата“ се однесува на поединечни стихови од Стариот завет или на Стариот завет како целина. Исусоват смрт и воскресение претставуваат исполнување на Божјите ветувања што ги наоѓаме во Стариот завет.

**Прочитајте 1. Коринќаните 15,2.11. Зошто во овие стихови поимите верување и проповедање се поставени еден до друг? Каква врска постои меѓу овие два поима?**

Сите што објавуваат дека Христос воскреснал, мора прво да веруваат дека Неговото воскресение е историски настан. Во овој случај, текстот од 1. Коринќаните 15,5-8 игра пресудна улога во Новиот завет. Овој пасус дава цврсти библиски докази дека Христа го виделе мноштво луѓе по Неговото воскресение, од кои некои сè уште биле живи во времето кога Павле го напишал тоа послание (1. Коринќаните 15,6).

Павле во основа вели: *Одете и прашајте ги сами што виделе.* Тоа е доказ дека бил сигурен во вистинитоста на Христовото воскресение.

Овие луѓе биле очевидци. Тие биле токму она што Исус рекол дека ќе бидат, имено, „сведоци за ова“ (Лука 24,48).

**Кои причини ги имаме ние за да веруваме во Христовото воскресение? Впрочем, во кои други појави, световни или свети, веруваме иако самите не сме ги виделе?**

# ВОСКРЕСНАТИОТ ХРИСТОС, НАШАТА ЕДИНСТВЕНА НАДЕЖ!

Во 1. Коринќаните 15,9-19 Павле објаснува колку се сериозни и страшни последиците од негирањето на воскресението. Без воскресение, нема надеж за верниците ниту во сегашноста, а камоли во иднината.

**Прочитајте 1. Коринќаните 15,9-19. Што губиме ако Христос не воскреснал?**

---

Древните пагански народи главно не верувале во воскресението, особено во грчкиот свет со неговото верување во дуализмот на душата и телото (според кое, во моментот на смртта, душата одлетува некаде каде што наводно одат душите на мртвите). Павле го започнува овој дел во 1. Коринќаните 15,12-19 со едно реторичко прашање кое ја покажува неговата длабока збунетост: *„Што? Како е можно некои меѓу вас да велат дека не постои такво нешто како што е воскресение на мртвите?“* (1. Коринќаните 15,12, превод од авторот на поуката). За Павле, неверувањето во воскресението е несфатливо, особено затоа што имало толку многу очевидци (1. Коринќаните 15,5-8). Уште полошо, без воскресението нивната вера е изградена врз лага, а тие сè уште се во своите гревови.

Тој во суштина вели дека ако нема воскресение на мртвите, тогаш (1) Христос не воскреснал (1. Коринќаните 15,13.16); (2) нашето проповедање е напразно (1. Коринќаните 15,14); (3) нашата вера е исто така залудна (1. Коринќаните 15,14); (4) ние сме лажни сведоци (1. Коринќаните 15,15); (5) нашата вера е напразна (1. Коринќаните 15,17); (6) сè уште сме во нашите гревови (1. Коринќаните 15,17); и, очигледно, (7) оние што умреле едноставно веќе ги нема (1. Коринќаните 15,18).

Без воскресението, и нашето проповедање и нашата вера се напразни (1. Коринќаните 15,14). Грчкиот израз преведен со зборот „напразна“ е *kenos*. Ова е добар превод, но има многу широко значење. Толкувачите дебатираат дали *kenos* значи „празен“ во смисла на недостаток на вистина (значи, „невистинит“), недостаток на резултати (значи, „без резултат или влијание“) или недостаток на смисла (оттука, „без смисла“, „залудно“).

Кое и да е конкретното значење, во сценарио каде што нема воскресение, верата е прикажана како залудна, од грчкиот збор *mataios* (1. Коринќаните 15,17). Иако *mataios* не се разликува многу од kenos, значењето е дека нашата вера, ако Исус не е жив, е бесплодна, тогаш тоа е заблуда, бидејќи нашите гревови не ни се простени (1. Коринќаните 15,17). Ние би биле лажни сведоци, кои мамат и кои се самите измамени (1. Коринќаните 15,15).

**Каква смисла би имала 15. глава од 1. Коринќаните ако мртвите веднаш одат на небото (или во пеколот)? Зошто тогаш е толку важно сфаќањето и учењето дека мртвите спијат?**

## ХРИСТОС, ПРВИНА

Кога Исус не би бил жив, секое очекување во поглед на иднината би било обична заблуда (1. Коринќаните 15,12-19). „Но, Христос воскресна од мртвите“ (1. Коринќаните 15,20). Неговото воскресение е историски настан. Оттаму, можеме да бидеме сигурни дека сите што умреле во Христа ќе бидат воскреснати при Неговото доаѓање (1. Коринќаните 15,20-23).

**Прочитајте 1. Коринќаните 15,20-23. Што значи кога се вели дека Исус е „првина“?**

---

Завршетокот на сегашната зла доба ќе биде обележан со телесно воскресение на оние што умреле во Христа (1. Коринќаните 15,24; Откровение 20,5.6). Како последен Адам, Христос ќе го врати царството на Отецот, обновувајќи го Своето владеење над овој свет (1. Коринќаните 15,25-28). Христовото потчинување себеси на Бога (1. Коринќаните 15, 28) мора да се разбере во светлината на тоа како Адам и Христос се прикажани во нивниот меѓусебен однос. Како последен Адам во планот на спасението (1. Коринќаните 15,45), Исус целосно се потчинува на волјата на Отецот, што првиот Адам пропуштил да го направи.

Во 1. Коринќаните 15,29-34, Павле ја продолжува својата мисла за безумноста од негирањето на Христовото воскресение. Тој ја користи сликата на крштевањето, затоа што тоа е само по себе симбол на соединувањето на верникот со Христа во Неговата смрт и воскресение (Римјаните 6,3.4; Колошаните 2,12). Нема никаква смисла да се негира реалноста на воскресението. Но, она што е тешко да се сфати е што мислел Павле под изразот „кои се крштаваат за мртвите“ (1. Коринќаните 15,29).

„Дадени се различни предлози, но подобро е изразот да се толкува дека се однесува на одлуката на некои да се крстат за да можат, при воскресението, повторно да се соединат со своите сакани кои починале. Исто така, можно е одлуката да се крстат да била одговор на примерниот живот на оние што умреле во Христа. Во тој случај, луѓето не биле крштавани наместо мртвите, туку поради мртвите“ (Carl P. Cosaert, *“1 Corinthians,” Andrews Bible Commentary: New Testament*; Berrien Springs, MI: Andrews University Press, 2022; стр. 1652).

Второ, да се ризикува животот би било бесмислено ако нема воскресение (1. Коринќаните 15,30-32). Место тоа, навистина би постоела некоја логика да се живее за овој свет.

**Размислете за зборовите на Павле во 1. Тимотеј 1,12. Како можел да биде толку сигурен во поглед на иднината? Како можеме ние да бидеме сигурни?**

## ВОСКРЕСНАТОТО ТЕЛО

Во 1. Коринќаните 15,35-39, Павле накратко се осврнува на воскреснатото тело. Тој го започнува тој дел поставувајќи две прашања: „Како ќе воскреснат мртвите и во какво тело ќе дојдат?“ (1. Коринќаните 15,35). Одговорите на овие прашања ги наоѓаме во 1. Коринќаните 15,36-49.

**Прочитајте 1. Коринќаните 15,36-41. Како овој текст одговара на прашањата во 1. Коринќаните 15,35?**

---

---

Павле користи три аналогии (споредби) за да им помогне на своите читатели да сфатат што се случува при воскресението. Во првиот пример (1. Коринќаните 15,36-38), тој забележува дека телото е како семе кое прво мора да умре (односно, да престане да биде семе) за потоа, на чудесен начин, да стане билка. Поуката е јасна – воскресението е чудо Божјо. Второ, споредбата со телата (1. Коринќаните 15,39.40) нагласува дека Бог, на овој свет создал различни видови тела за животните и луѓето, кои се прилагодени на нивната сегашна околина. Слично на тоа, нашето тело ќе биде прилагодено на новите околности во небесниот свет. Оваа идеја понатаму се разработува преку аналогијата со прославеното тело (1. Коринќаните 15,40.41), каде што се нагласува дека славата на воскреснатото тело несфатливо ја надминува состојбата на претходното – нашето земно, паднато тело.

Оваа идеја може да се согледа и преку четири споредби меѓу нашето земно тело овде и сега, и нашето идно воскреснато тело. Првото е земно, распадливо, слабо и телесно. Спротивно на тоа, второто е небесно, нераспадливо, силно и духовно (1. Коринќаните 15,40-44). Ова не значи дека не постои континуитет помеѓу овие две. Употребата на грчкиот израз *sōma* („тело“) од страна на Павле, и за погребаното и за воскреснатото тело, укажува на континуитет. Од друга страна, четирите наведени споредби укажуваат и на дисконтинуитет. Нашите нови тела (фала му на Бога) нема да бидат исти како овие распадливи што ги имаме сега.

Павле не го поврзува изразот „духовно“ со нематеријално постоење. На други места, тој вели дека Исус „ќе го преобрази нашето понижено тело да стане подобно на Неговото славно тело“ (Филипјаните 3,21). Ќе имаме реални тела, но тие ќе бидат нераспадливи и бесмртни. Бидејќи сега знаеме само за распаѓање, болест и смрт, тешко е да се замисли животот без нив, но токму тоа ни е ветено во Исуса.

**Како увереноста дека нашето тело ќе биде преобразено и совршено ни помага да бидеме трпеливи со нашите физички ограничувања денес?**

## КОНЕЧНА ПОБЕДА НАД СМРТТА

**Прочитајте 1. Коринќаните 15,54-57. Што ни кажува овој текст за нашата конечна победа над смртта?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Павле го започнува последниот параграф од 15. глава од 1. Коринќаните 15 со необична изјава: „Телото и крвта не можат да го наследат царството Божјо“ (1. Коринќаните 15,50). Многумина што ја читаат Библијата, ја користат оваа изјава како потврда дека Павле брани нематеријално постоење на небото. Меѓутоа, контекстот упатува на нешто друго. Паралелизмот во 1. Коринќаните 15,50 открива дека изразот „тело и крв“ е паралелен со поимот „распадливост“, додека „царството Божјо“ е паралелно со поимот „нераспадливост“. Исто како и во 1. Коринќаните 15,42-49, Павле овде го споредува сегашното тело (или дури и трупот) со воскреснатото тело. Погребаното тело се одликува со распадливост и смртност, додека воскреснатото тело се одликува со нераспадливост и бесмртност (1. Коринќаните 15,50.53.54). Едноставно кажано, Павле вели дека нашите тела треба да бидат потполно преобразени за да го наследат небото.

Накратко, Павле ги користи поимите расипаност и смртност за да укаже на нашата грешна природа. Во еврејските списи, изразот „тело и крв“ се однесува на паднатото човештво, поради што нашето тело мора да биде преобразено и очистено од сите несовршености при Христовото доаѓање.

Дури кога нашата грешна природа ќе биде отстранета (1. Коринќаните 15,54) и кога ќе поминеме низ искуството на прославување (1. Коринќаните 15,51-53; 1. Солуњаните 4,13-17) ќе се исполни објавата: „Победата ја проголта смртта“ (1. Коринќаните 15,54). Тогаш ќе се пее онаа смела и пркосна химна: „О, смрт, каде ти е осилката? О, смрт, каде ти е победата?“ (1. Коринќаните 15,55). А сето ова ќе се случи при Неговото второ доаѓање (1. Коринќаните 15,51.52).

Размислете за следново: Ние ги затвораме очите во моментот на смртта, а следното нешто што го доживуваме е второто Христово доаѓање, кога Тој нè подига од мртвите. Без оглед кога умрел верникот, дури и ако тоа било пред повеќе илјада години, „одеднаш, за еден миг на око“ тој ќе оживее при „последната труба: зашто ќе затруби, и мртвите ќе воскреснат нераспадливо, а ние ќе се измениме“ (1. Коринќаните 15,52). **Кој не се пожалил колку брзо минува животот? Токму така кратко ќе ни изгледа времето до второто Исусово доаѓање, во нашето лично искуство. Нашата прва мисла кога Тој ќе се врати, можеби ќе биде: „О, Господи, навистина брзо дојде!“ Како оваа идеја ни помага да се помириме со она што се смета за „доцнење“ или „одложување“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „*Божјиот народ избавен*“, Големата борба , стр. 635-652 оригинал).

„Христовото божество е цврсто ветување за верникот за вечен живот. „Кој верува во мене“, рекол Исус, 'ако и умре, ќе живее. Секој што живее и верува во мене, нема да умре засекогаш. Веруваш ли ти во ова?' Христос овде однапред гледа во времето на своето второ доаѓање. Тогаш умрените праведници ќе станат во нераспадливост, а живите праведници ќе се земат на небото без да вкусат смрт. Чудото што ќе го стори Христос за неколку мига со воскресението на Лазара од мртвите, ќе го претставува воскресението на сите умрени праведници“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 530 оригинал).

„Земјата силно се затресе кога Божјиот глас ги повика заспаните светци. Тие се ѕваа на тој повик и станаа облечени во славна бесмртност, извикувајќи: 'Победа, победа над смртта и гробот! О, смрт, каде е твоето осило?! О, гроб, каде е твојата победа?!' (Видете 1. Коринќаните 15,55) Потоа живите свети, заедно со оние што беа воскреснати, ги кренаа своите гласови, испуштајќи долг, гласен извик на победа. Оние чииштo тела беа спуштени во гробот со знаци на болест и смрт, се кренаа во бесмртно здравје и сила. Живите свети се променија во еден миг, во трепкање на окото, и беа грабнати со воскреснатите, за да се сретнат со својот Господ заедно во воздухот. О, колку славна средба! Пријателите што смртта ги разделила повторно се соединети, за никогаш повеќе да не се разделат“ (Ellen G. White, *The Story of Redemption*, стр. 411, 412).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Размислете за оние кои биле очевидци на Христовото воскресение (Дела 1,22; Дела 2,32; Дела 3,15; Дела 4,33; Дела 5,30-32). Како можеме ние денес, речиси две илјади години по тој настан, да бидеме „сведоци“ на Неговото воскресение?**
2. **Христовото воскресение е составен дел од евангелската порака (1. Коринќаните 15,1-4). Без воскресението, објавувањето на Христовата смрт би било безначајно (1. Коринќаните 15,14). Христовата смрт, сама по себе, би била безначајна. Зошто? Што кажува ова за силата на Христовото воскресение?**
3. **Размислете за момент за необичната изјава на Павле: „Каква е мојата полза? Ако мртвите не воскреснуваат - 'Да јадеме и да пиеме, бидејќи утре ќе умреме!“ (1. Коринќаните 15,32). Тогаш, во што би можела да се пронајде смислата?**
4. **Разговарајте во класата за состојбата на мртвите. Зошто 15. глава од 1. Коринќаните нема никаква смисла ако спасените веднаш по смртта бидат земени на небото?**

**9. Лекција**
**22 - 28 август 2026**

# СЛУЖБА ВОДЕНА ОД ЉУБОВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ:2. Коринќаните 1,3-14; 2. Коринќаните 2,17; 2. Коринќаните 4,2; 1. Коринќаните 16,5-7; 2. Коринќаните 7,5-13; 2. Коринќаните 2,5-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто од многу грижи и од тага на срцето ви пишував со многу солзи, не за да ве ожалостам, туку за да ја познаете преголемата љубов што ја имам кон вас“ (2. Коринќаните 2,4).**

На апостол Павле не му било секогаш лесно. Покрај затворските и опасни ситуации по живот со кои се соочувал, тој исто така напишал: „Од Јудејците примив петпати по четириесет без еден удар; трипати сум тепан со стапови, еднаш каменуван, трипати претрпев бродолом, и ноќ и ден поминав во длабоко море; многупати сум патувал, сум бил во опасност од реки, во опасност од разбојници, во опасност од сонародници, во опасност од незнабошци, во опасност по градови, во опасност по пустини, во опасност по море, во опасност меѓу лажни браќа; во труд и мака, во често неспиење, во глад и жед, во многу постење, на студ и голотија. А покрај сè друго, тука се уште и секојдневните напади против мене, како и грижата за сите цркви“ (2. Коринќаните 11,24-28).

Она што го гледаме во писмата на Павле до Коринќаните е дел од неговата длабока „грижа“ за таа црква. Па сепак, среде сето тоа, неговата љубов кон нив никогаш не престанала, исто како што Христовата љубов кон нас никогаш не престанува. Всушност, Павле од Исуса научил да ги сака црквите на начин што ја одразува Исусовата љубов кон нас (2. Коринќаните 5,14; видете и 1. Коринќаните 11,1).

## БЛАГОДАРНОСТ

**Прочитајте 2. Коринќаните 1,3-7. Која причина ја наведува Павле за својот став на благодарност во тој текст?**

Во својата благодарност Павле се сосредоточува на утехата што Бог им ја дава на оние кои страдаат. Во овој пасус, глаголот *утеши* (parakaleō) и именката *утеха* (paraklēsis) се појавуваат заедно десет пати. Ова претставува една третина од вкупните појавувања на овие зборови во 2. Коринќаните (29 пати). Бог е претставен како „Отецот на нашиот Господ Исус Христос, Отецот на милосрдноста и Бог на секоја утеха“ (2. Коринќаните 1,3.4).

Утехата што ја примаме од Бога не треба да ја чуваме за себе (2. Коринќаните 1,4.5). Само ожалостено срце кое станало приматeл на Божјата утеха може успешно да им пружи утеха и на други кои се во неволја.

Павле можел да ги теши другите затоа што и самиот тој, во своите неволји, примал утеха од Бога. „ Ако сме во неволја, - тоа е за *ваша* утеха и спасение... така ќе бидете учесници и во утехата“ (2. Коринќаните 1,6.7; италикот е додаден). Тоа е љубов!

**За што се заблагодарува Павле во 2. Коринќаните 1,8-11?**

Павле зборува за страдања во кои биле „оптоварени прекумерно, дури преку нашите сили“, и поради кои тој и неговите соработници се плашеле дека им дошол крајот (2. Коринќаните 1,8). За момент, тие помислиле дека воскресението е нивната единствена надеж. Но, Бог ги избавил и околностите се промениле (2. Коринќаните 1,10). Од стравот од смртта (2. Коринќаните 1,8), тие се издигнале до спокојна надеж дека Бог повторно ќе ги избави (2. Коринќаните 1,10). Божјите победи во минатото ни даваат сигурност дека Тој ќе го стори истото и во иднина. Бог ги користи неволјите за да нè научи да имаме доверба во Него. Тешкотиите нè водат до духовна зрелост, барем до онаа мера до која им дозволуваме да нè приближат до Бога. Павловата благодарност, исто така, посочува на силата на посредничката молитва и благодарноста што ја доживуваме за Божјото избавување (2. Коринќаните 1,11).

**Што ви помогнало да излезете на крај со страдањето со кое се соочуваме сите ние, на еден или на друг начин?**

# ЕДНОСТАВНОСТ И ИСКРЕНОСТ

Вчера дознавме дека љубовта на Павле кон Коринќаните се огледала во тоа што ги тешел во нивните тешкотии, исто како што и самиот тој во неговите примил утеха од Бога (1. Коринќаните 1,1-11). Денес ќе видиме дека таа негова љубов кон нив се огледувала и во чесноста и моралната чистота што тој и неговите соработници ја покажале кон членовите на црквата во Коринт.

**Прочитајте 2. Коринќаните 1,12-14 во светлината на 2. Коринќаните 2,17 и 2. Коринќаните 4,2. Како во искреноста на Павле се открива неговата љубов кон Коринќаните?**

---

Во текстот 2. Коринќаните 1,12-14 се воведува тезата што Павле ќе ја развие во остатокот од посланието. Некои луѓе во Коринт го довеле во прашање неговиот интегритет и апостолство. Тие сметале дека Павле има колеблив и нерешителен карактер, несоодветен за апостолската служба. Како одговор на ова, Павле нагласува дека тој и неговите соработници се однесувале крајно чесно кон нив.

Два збора го осликуваат однесувањето на Павле и на неговите соработници – едноставност и чистота (2. Коринќаните 1,12). Изразот „едноставност" („простодушност") доаѓа од грчкиот збор *haplotēs*. Тој овде се користи за да го опише личниот интегритет (доследност, чесност) во говорот и во однесувањето. Накратко, тој ја открива чистотата на мотивите (Ефесјаните 6,5; Колошаните 3,22). Во исто време, изразот „искреност" (грчки: *eilikrineia*) се однесува и на чесноста и на чистотата на мотивите.

Коринќаните не требало да се сомневаат во чистотата на Павловите намери. Тој јасно наведува дека неговата едноставност и искреност потекнуваат од Бога. Оваа мисла е добро изразена во Новиот англиски превод (NET), кој се однесува на „чисти мотиви и искреност *што потекнуваат од Бога*" (2. Коринќаните 1,12, додаден акцент). Во истиот стих, Павле тврди дека овие особини за службата ни се дадени „преку Божјата благодат".

Се чини дека противниците на Павле погрешно ги протолкувале неговите зборови во претходното допишување (2. Коринќаните 1,13.14). Павле решително тврди дека неговите намери биле јасни и разбирливи. Тој е сигурен дека исправноста на неговите зборови, намери и постапки јасно ќе се покажат „во денот на нашиот Господ Исус Христос" (2. Коринќаните 1,14).

**Какво е вашето лично искуство кога вашите мотиви и намери се доведуваат во прашање и се оспоруваат, колку и да биле добронамерни и искрени? Како ова ви покажува колку треба да бидете внимателни кога ги доведувате во прашање мотивите на другите?**

# ПРОМЕНА НА ПЛАНОВИТЕ ОД ЉУБОВ

Видовме дека некои во Коринт се сомневале во намерите на Павле и неговата љубов. Денес ќе разгледаме една конкретна причина – промена на неговите планови за патување (2. Коринќаните 1,15–2,4).

**Прочитајте 1. Коринќаните 16,5-7. Кој бил првичниот план за патување на Павле?**

---

Павле и претходно бил во Коринт. Според 1. Коринќаните 16,5.6, тој планирал да помине низ Македонија на своето враќање во Коринт, и дека можеби во текот на зимата ќе остане во Коринт. А потоа од Коринт би отишол во Јудеја со прилозите собрани во Македонија за сиромашните во Ерусалим. Меѓутоа, тој ги променил своите планови поради лошиот извештај што Тимотеј му го донел од Коринт (1. Коринќаните 4,17; 1. Коринќаните 16,10; 2. Коринќаните 1,1).

Затоа, тој имал намера да оди директно од Ефес во Коринт и таму да се справи со спорните прашања за кои Тимотеј го известил. Новиот план за патување бил: Ефес – Коринт – Македонија – Коринт – Јудеја (2. Коринќаните 1,15.16). Така, од Ефес отишол во Коринт, но набргу повторно се вратил во Ефес. Неговите планови се промениле. Тој не се вратил во Коринт како што планирал, барем не веднаш, бидејќи неговата последна посета не поминала добро. Наместо тоа, се вратил во Ефес и им пишал. Попрво им испратил писмо за да не ризикува да ги влоши работите со уште една посета (2. Коринќаните 2,1.3).

Намерите на Павле при неговата последна посета биле погрешно протолкувани. Некои во Коринт тврделе дека тој не е човек од доверба и дека не ги сака доволно (2. Коринќаните 1,17). Како одговор на овие обвинувања, тој го насочува нивното внимание кон Христовото евангелие. Тој бил верен во своите намери да ги посети Коринќаните штом ќе се укаже можност, исто како што Бог бил верен во исполнувањето на она што им го ветил преку Христа (2. Коринќаните 1,18–22).

„Бидејќи сите ветувања Божји во Него се 'Да', и во Него 'Амин', за слава Божја преку нас" (2. Коринќаните 1,20).

Значи, неговиот одговор не бил збунувачка мешавина од „да" и „не", во зависност од околностите, како што рекле тие, туку бил „секогаш да", исто како што Божјите ветувања во Христа се секогаш „да" (2. Коринќаните 1,19). **Според тоа, причината зошто Павле им напишал писмо на Коринќаните наместо да ги посети, била неговата искрена љубов кон нив, а не обратно (2. Коринќаните 2,4). Уште една посета веднаш по таа болна посета би им предизвикала уште поголема болка, наместо радоста што тој имал намера да им ја нанесе со своето присуство (2. Коринќаните 1,24; 2. Коринќаните 2,3). Колку лесно неговите добри намери биле погрешно протолкувани.**

## ПРОСТУВАЊЕ И ПОТВРДА НА ЉУБОВТА

Наместо да ги посети Коринќаните по втор пат, Павле, по враќањето во Ефес, им го испратил она што станало познато како „строго писмо“ (видете 2. Коринќаните 2,3.4; 2. Коринќаните 7,8.12).

**Прочитајте 2. Коринќаните 7,5-13. Каков бил резултатот од она што Павле им го напишал, и каква била неговата реакција на тој резултат?**

___

___

Подоцна Павле се сретнал со Тит во Македонија, од кого примил одлична вест за тоа дека силните зборови довеле до позитивни резултати, што донело голема радост во срцето на апостолот. Ако порано некои во Коринт се свртеле против Павле, сега црквата застанала на негова страна. Колку е важно да ги поддржуваме нашите водачи. Како членови на црквата, можеме да им ја олесниме нивната работа многу повеќе отколку што веќе е.

**Прочитајте 2. Коринќаните 2,5-11. Која е главната идеја на овој текст?**

___

Овој пасус се занимава со еден случај на примена на црковна дисциплина. Научниците дебатираат дали престапникот во овој текст бил инцестуозниот човек од 1. Коринќаните 5,1-5, или некој друг што влијаел врз луѓето во црквата да го обвинат Павле дека е недоследен и невнимателен кон нив кога ги донесувал неговите одлуки во врска со патувањата. Контекстот се чини оди во прилог на втората опција. Во секој случај, најважното учење од тој пасус се однесува на начинот на кој црквата треба да постапува со некој што живее во грев.

Овој исечок учи дека целта на црковната дисциплина е, всушност, обнова преку простување и повторно потврдување на љубовта кон грешникот (2. Коринќаните 2,6-8.10). Исто така, овде се навестува дека црковната дисциплина може да биде болна, но дека е неопходна. Односно, колку и да биле добронамерни или ориентирани кон благодатта, некои цркви можеби никогаш нема да се соочат ниту да се справат со очигледен, па дури и јавен грев. Од друга страна, други може да бидат многу крути, неспремни да простат и сурови. Со гревот мора да се соочиме, но со љубов. А токму затоа што и самиот ја сакал црквата (2. Коринќаните 2, 4), Павле можел да ги поттикне верниците да ја потврдат својата љубов кон престапникот (2. Коринќаните 2,8)!

**Црквата во Коринт можела да го сака престапникот (2. Коринќаните 2,8) затоа што, преку Павловата љубов, и самата таа била предмет на Божјата љубов. Што нè учи ова во врска со љубовта?**

## ПОБЕДА ВО ХРИСТА

**Прочитајте 2. Коринќаните 2,12.13. Каде отишол Павле откако им го напишал „строгото писмо“? Што правел таму?**

___

___

Срцето на Павле било вознемирено додека го чекал Тит (2. Коринќаните 7,5.6). Поради неговата голема љубов кон верниците во Коринт, иако вратата за да го проповеда Христа му била отворена (2. Коринќаните 2,12), тој немал мир и заминал за Македонија.. Во тој момент, сè уште не знаел до какви резултати ќе доведе неговото писмо. Едвај чекал да го види Тит и да чуе каква била реакцијата на Коринќаните.

Павловата работа во Троада била успешна, „но иако неговите напори во Троада биле успешни, тој не можел тука да се задржи многу подолго. Грижата за сите цркви, а особено за коринтската, тешко ја притискала неговата душа. Се надевал дека во Троада ќе се сретне со Тит и од него ќе дознае како се примени советите и укорите што им ги упатил на коринтските браќа, но неговото очекување не се исполнило. “Немав мир во својот дух”, пишувал за тоа, “зашто не го најдов братот Тит.” Затоа ја напуштил Троада и преминал во Македонија, каде што во Филипи се сретнал со Тимотеја“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 323 оригинал).

**Прочитајте 2. Коринќаните 2,14-17. Каква била реакцијата на Павле кога се сретнал со Тит во Македонија и кога слушнал за позитивниот одговор од Коринќаните?**

___

___

Во излив на радост, Павле потврдува дека Бог „секогаш ни дава победа во Исус Христос“ (2. Коринќаните 2,14). Колку прекрасна изјава! Срцето исполнето со Христовото присуство го шири „мирисот на спознанието на Самиот Него“ (2. Коринќаните 2,14).

Павле се радува во Христа затоа што тоа болно писмо го донело плодот што тој имал намера да го набере (2. Коринќаните 7,5-9). Ова е голема победа. Во исто време, во 2. Коринќаните 2,17, Павле ја потврдува својата искреност како Христов апостол (2. Коринќаните 2,17; 2. Коринќаните 1,12). Според овој текст, она што го разликува Христовиот верен слуга од лажниот проповедник е тоа што вториот го шири евангелието поради сопствени интереси, додека првиот го проповеда Божјото Слово од сесрдна љубов кон Христа.

**Што ве мотивира во сè што правите, особено кога тоа го правите во Исусово име?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Прифатена порака“, *Делата на апостолите,* стр. 323-334 (оригинал).

„Оние кои поднесувале најголеми жалости честопати им носат најголема утеха на своите ближни, ширејќи сончева светлина каде и да одат. Таквите сигурно биле облагородени и омекнати од сопствените неволји; тие не ја изгубиле довербата во Бога кога биле опкружени со неволји, туку уште поцврсто се потпирале на Неговата заштитничка љубов. Таквите поединци се жив доказ за нежната грижа на нашиот Бог...

Посветениот христијански живот постојано шири светлина, утеха и мир. Тој е обележан со непорочност, тактичност, едноставност и корисност. Тој е управуван од таков вид несебична љубов што го посветува неговото влијание. Таквиот живот е исполнет со Христа и остава трага од светлина каде и да помине неговиот носител“ (Ellen G. White, *God’s Amazing Grace,* стр. 122 оригинал).

„Апостолот Павле сметал дека е потребно да го прекори злото во црквата, но не ја губел самоконтролата кога посочувал на грешките. Тој внимателно ја објаснува причината за својата постапка. Колку само внимателно се трудел да остави впечаток дека е пријател на грешниците! Им дал до знаење дека и самиот поднесува болка поради она што ним им предизвикува болка. Оставил впечаток во нивните умови дека своите интереси ги поистоветува со нивните“ (*Ellen G. White Comments, in The SDA Bible Commentary*, кн. 6, стр. 1094).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Во 2. Коринќаните 2,1-14, Павле го потврдува својот интегритет во службата. Зошто оваа особина е толку клучна за еден проповедник?**
2. **Што ни кажува фактот дека Павле го променил својот план на патување за потребата да бидеме флексибилни во христијанската служба? Зошто е важно да бидеме отворени за промени кога е потребно?**
3. **Павле се соочил со мачна болка, грижи и вознемиреност во својата служба. Ова јасно покажува дека црковните водачи се човечки суштества кои се подеднакво изложени на притисоци и страдања како и сите други луѓе. Што можат да направат членовите на црквата за да им ја олеснат нивната работа?**
4. **Павле се осврнал на сопствената вознемиреност (2. Коринќаните 2,13) непосредно пред да ја спомене својата победа во Христа (2. Коринќаните 2,14). Како можел во исто време да зборува и за својата слабост и за својата сила? Како можеме и ние тоа да го правиме?**

**10. Лекција**
**Од 29 август до 4 септември 2026**

# АВТЕНТИЧНА ХРИСТИЈАНСКА СЛУЖБА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Коринќаните 3,1-9; 2. Коринќаните 4,7-18; 2. Коринќаните 5,11-15; Колошаните 1,19-23; Ефесјаните 2,13-16; 2. Коринќаните 6,11-7,1; 2. Коринќаните 7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Од секаде сме угнетувани, но не сме потиштени; во недоумица сме, не губиме надеж; нè гонат, но не сме напуштени; нè кутнуваат, но ние не пропаѓаме. И секогаш во телото наше ја носиме смртта на Господ Исус, така што и животот Исусов да се открие во телото наше“ (2. Коринќаните 4,8-10).**

Минатата седмица видовме дека Павле, потврдувајќи ја својата едноставност и искреност, се бранел себеси од обвинувањата за недоследност и недостаток на љубов кон Коринќаните. Тој секогаш дејствувал во најдобар интерес на своите духовни деца. Во текстот 2. Коринќаните 2,12-17 тој започнува една низа мисли што продолжува до 2. Коринќаните 7 глава. Тука тој размислува за тоа како изгледа автентичната служба за Христа. Можеме да извлечеме толку многу поуки од размислувањата на Павле на оваа тема.

Оваа седмица ќе го разгледаме текстот 2. Коринќаните 3-7, во кој Павле зборува за својата служба на придобивање души за Христа. Елена Г. Вајт пишува: „Преобратувањето на грешниците и нивното посветување на вистината претставуваат најсилен доказ што може еден проповедник да го има дека Бог го повикал во таа служба. Доказот за неговиот апостолски позив бил напишан во срцата на обратените, а нивниот обновен живот најдобро сведочел за тоа. Христос – надежта на славата - се настанил во нив. Ваквиот печат како потврда за проповедништвото на еден проповедник претставува големо охрабрување за него“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 328 оригинал).

# ПЛОДОВИТЕ НА АВТЕНТИЧНАТА СЛУЖБА

**Прочитајте 2. Коринќаните 3,1-9. Во која смисла можеме да бидеме Христово послание?**

___

___

Писмата со препораки биле вообичаени во грчко-римскиот свет. Меѓутоа, Павле не носел такви писма со себе. Преобразувачката сила на Духот во животот на Коринќаните била доказ за автентичноста на неговата служба. Сепак, Павле бил сигурен дека црквата во Коринт не настанала поради неговиот разум и неговите лични напори (2. Коринќаните 3,4-6). Тој не се занимавал со самопромоција (2. Коринќаните 3,5; 1. Коринќаните 2,2).

Павле зборува за својата служба на тој начин што накратко разгледува два завета – стар завет воведен од Мојсеј и нов завет што го претставувале тој и неговите соработници. Површниот читател би можел да помисли дека стариот завет не нудел надеж во спасението, но тоа не е вистина. Спасението било достапно и според Стариот и според Новиот завет. Стариот завет бил евангелие напишано однапред. „И Писмото, предвидувајќи дека Бог преку вера ги оправдува незнабошците, однапред му благовести на Авраам: 'Во тебе ќе бидат благословени сите народи'" (Галатјаните 3,8).

Во 2. Коринќаните 3,1 – 4,6 можеме да видиме дека Стариот завет се користи како симбол на легалистичкото искуство на оние кои се потпирале на сопствените дела на послушност како начин да му угодат на Бога. Новиот завет, меѓутоа, го претставува искуството на оние кои целосно се потпирале на Божјата благодат да направи сè што Бог ветил дека ќе направи за нив и во нив.

Павле зборува за два различни одговори – на верници и неверници – на евангелието. Тој не зборува за различни евангелија, од кои едното е во Стариот завет, а другото во Новиот – бидејќи постои само едно евангелие, понудено од Бога „Кој нè спаси и нè повика кон свето звање, не поради нашите дела, туку по Својата добра волја и благодатта, што ни е дадена во Христос Исус пред вечни времиња" (2. Тимотеј 1,9).

Ова не го негира фактот дека текстот 2. Коринќаните 2,14 – 4,6 содржи некои историски елементи. Но, тој ја користи таа историја за да нагласи дека некои од нив се „спасуваат", а некои „пропаѓаат" (2. Коринќаните 2,15). Поради реакцијата на Мојсеевата служба, реакција во вид на неверие и недоверба, неговата служба може да се смета за служба на осуда и смрт. А бидејќи црквата во Коринт верувала, службата на Павле меѓу нив се покажала како служба на праведност, служба на Духот кој дава живот. **Ова искуство на спасение на црквата во Коринт е доказ за автентичноста на Павловата служба.**

## СТРАДАЊЕ И СЛАВА

**Прочитајте 2. Коринќаните 4,7-18. Направете листа на Павловите страдања. Како тој ги издржал сите тие страдања?**

---

Јан Хус, големиот реформатор во древна Бохемија (Чешка), еднаш рекол за Исус: „Тој е Учител на светот, а ние ништожни смртници; нему ништо не му треба, а нам ни е потребно сѐ; Тој страдал, тогаш зошто не би страдале и ние, особено ако тоа страдање е за наше исчистување“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 105 ориг.).

Апостол Павле, со векови претходно, покажал иста подготвеност да страда за Христа. Бил свесен дека самиот тој не е ништо повеќе од кршлив земјен сад (2. Коринќаните 4,7). Постојано трпел притисоци, тешкотии, прогонства и удари, но сепак не бил скршен, ниту обесхрабрен, ниту напуштен или уништен (2. Коринќаните 4,8.9). Тој бил спремен „во телото наше (да) ја носиме смртта на Господ Исус, така што и животот Исусов да се открие во телото наше“ (2. Коринќаните 4,10.11).

Под „смртта на Господ Исус“ што ја носи во своето тело, Павле веројатно мисли на страдањата што ги споменува во претходните стихови. Спротивно на тоа, изразот „животот Исусов“ веројатно се однесува, во непосредна смисла, на избавување од смртта или на духовна сила за сегашниот живот. Но, во крајна смисла, тоа се однесува на воскресението (2. Коринќаните 4,12).

Интересно е што зборовите „смрт и живот“ се појавуваат заедно три пати во текстот 2. Коринќаните 4,10-12. Ова нѐ потсетува дека животот, во сегашноста, е помешан со смртта. Меѓутоа, во идната слава, ќе го искусиме животот во отсуство на смртта (Откровение 20,14; Откровение 21,4).

Најважно од сѐ, текстот 2. Коринќаните 4,7-18 покажува дека евангелието се проповеда преку слаби човечки суштества, за целата слава да му припадне само на Бога (2. Коринќаните 4,15). Мисионерите често пати страдаат додека го извршуваат своето дело. Меѓутоа, неволјите со кои се соочуваме овде се лесни и минливи во споредба со вечната слава што нѐ чека (2. Коринќаните 4,17). Христијанинот живее по вера, а не по гледање (2. Коринќаните 4,18; 2. Коринќаните 5,7).

Оваа надеж во идниот живот толку го окупирала умот на Павле, што тој продолжил да зборува за тоа во остатокот од текстот (2. Коринќаните 5,1-10). Тој зборува за своето смртно тело користејќи ја метафората за земна куќа. Спротивно на тоа, „од Бога здание“ е метафора за воскреснатото тело (2. Коринќаните 5,1), големата надеж на верниците низ вековите.

**Зошто е толку важно, среде сето она низ што минуваме сега, секогаш да ја имаме пред себе надежта во воскресението, нашето воскресение (1. Коринќаните 15,52)?**

## СЛУЖБАТА НА ПОМИРУВАЊЕ СОСРЕДОТОЧЕНА НА ХРИСТА

**Прочитајте го текстот 2. Коринќаните 5,11-15. Како овој пасус ни покажува дека службата на Павле била сосредоточена на Христа?**

---

Павле знаел дека од него ќе се бара да поднесе извештај за тоа како му служел на Христа (2. Коринќаните 5,10). Тој го познавал „стравот Господов“ и се трудел да ги убеди луѓето во Христовото евангелие (2. Коринќаните 5,11). Стравот за кој зборува бил длабока страхопочит кон Христа и, со самото тоа, поврзан со Павловата љубов кон Христа и неговата доверба во Христовата љубов кон него. Во Стариот завет, да се боиш од Господа значи да одиш по Неговите патишта, да Го сакаш и да Му служиш со сето срце и душа (5. Мојсеева 10,12).

Павловата служба не била сосредоточена на самиот него, туку на Христа. Тој не се фали со самиот себе. Предмет на неговото фалење е Христос (2. Коринќаните 12,9). Тој вели: „Да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос“ (Галатјаните 6,14). Затоа, препораката до Коринќаните да се фалат со него (2. Коринќаните 5,12) значела дека тие треба да бидат горди на неговата служба сосредоточена на Христа, наспроти службата на неговите противници која била сосредоточена на самите нив.

**Прочитајте 2. Коринќаните 5,16-21; Колошаните 1,19-23; и Ефесјаните 2,13-16. На што мислел Павле кога зборувал за „служењето на тоа измирување“?**

---

Христос е проповедник на помирувањето par excellence. Како таков, „ни го даде служењето на тоа измирување“ (2. Коринќаните 5,18). Идејата за помирување се појавува одново и одново во текстот 2. Коринќаните 5,16-21. Тоа е клучна мисла за Павле, а мора да биде и за нас.

Бог го помири светот со себе преку искупителната смрт на својот Син. Оние што се помириле со Бога се нови созданија (2. Коринќаните 5,17). А сега од нив се очекува да го пренесуваат „словото на помирување“ понатаму, објавувајќи го Христовото евангелие (2. Коринќаните 5,19). Во оваа смисла, „ние сме Христови пратеници, како Бог да зборува преку нас“ (2. Коринќаните 5,20).

**Размислете за тоа што Христос направил за вас. Размислувајте за вината, гревот и осудата што би ве чекала кога не би било она што Тој го направил за вас на крстот. Како треба тој факт да влијае на вашиот однос спрема другите, особено кон оние што не го познаваат Господа?**

# ПОВИК КОН СВЕТОСТ

Во 2. Коринќаните 6,3–10, Павле продолжува да ги охрабрува Коринќаните да се помират со Бога. Тој наведува долг список на тешкотии и победи за да покаже што значи да се биде Христов следбеник и Божји слуга. Накратко, тој ги наведува тешките ситуации (2. Коринќаните 6,4.5), доблестите на карактерот (2. Коринќаните 6,6), опремата за служба (2. Коринќаните 6,7) и пресвртниците поврзани со службата (2. Коринќаните 6,8–10). Откако ги советува членовите на црквата во Коринт да се помират со Бога, Павле ги повикува да живеат свет живот на тој начин што ќе се одвојат од штетните влијанија на неверниците и од сè што е нечисто (2. Коринќаните 6,14–17).

**Прочитајте 2. Коринќаните 6,11-7,1. Според овој пасус, како изгледа светиот живот?**

---

Во овој пасус, Павле ја нагласува важноста на наклоноста и љубовта во црквата (1. Коринќаните 6,11-13). Доказ дека луѓето се помириле со Бога е тоа што тие се залагаат за меѓусебно помирување едни со други. Навистина, тие стануваат, така да се каже, посредници на хоризонтално помирување.

Потоа се упатува повик за светост во форма на шест апели - имено: (1) „*Не впрегнувајте* се заедно со безверниците“ (2. Коринќаните 6,14); (2) „*излезете* од нивната средина“ (2. Коринќаните 6,17); (3) „одделете се“ (2. Коринќаните 6,17); (4) „*не допирајте се* до нечисто“ (2. Коринќаните 6,17); (5) „*да се исчистиме* од секоја нечистотија на телото и духот“ (2. Коринќаните 7,1); (6) „*исполнувајќи ја светоста* во страв Божји“ (2. Коринќаните 7,1; додаден италик). Овие поттици покажуваат дека светиот Бог бара свет живот и одвојување од идолопоклонство.

Од друга страна, овој пасус изнесува и седум ветувања што ја нагласуваат улогата на христијанската црква како свет храм: (1) „ќе се вселам во нив“; (2) „и ќе одам меѓу нив“; (3) „ќе им бидам Бог“; (4) „а тие ќе бидат Мој народ“; (5) „ќе ве примам“; (6) „ќе ви бидам Татко“; (7) „а вие ќе ми бидете синови и ќерки“ (2. Коринќаните 6,16.17.18).

Забележете дека четирите ветувања во стихот 2. Коринќаните 6,16 ја претставуваат основата за трите императиви во 2. Коринќаните 6,17 (забележете го зборот „затоа“ на почетокот на 2. Коринќаните 6,17). Ова покажува дека светоста не е резултат на личните напори на човекот, туку дело на Светиот Дух што го остварува во неговото срце. Иако светоста доаѓа од Бога, верниците мора да направат сè што можат за да го отфрлат идолопоклонството и секоја нечиста практика.

**Што ни кажуваат Божјите ветувања во 2. Коринќаните 6,16-18 за тоа што е светост?**

## УТЕХА И РАДОСТ

**Прочитајте 2. Коринќаните 7. Како се чувствувал Павле кога слушнал дека Коринќаните се покајале?**

---

Колку љубов извира од зборовите „дека сте во срцата наши“ (2. Коринќаните 7,3; видете и 2. Коринќаните 6,11). Во својата длабока желба неговата љубов да биде возвратена, Павле го кажува и следново: „Примете нѐ во срцата ваши“ (2. Коринќаните 7,2). Иако изразот „во срцата ваши“ не се наоѓа во оригиналниот грчки текст, повеќето преводи го вклучуваат, што е исправно бидејќи контекстот го поддржува.

И навистина, Коринќаните ги отвориле своите срца за Павле и неговите соработници. Затоа 4. стих е вистински излив на радост. Зборовите на Павле изразуваат колку позитивни биле неговите чувства во тој момент: „Голема е мојата увереност во вас, многу се фалам со вас; се исполнив со утеха, преизобилувам со радост покрај сите наши маки“ (2. Коринќаните 7,4). Павле е исполнет со утеха и радост. Колкава ли утеха и радост нашите цркви, со верна посветеност на Христа, би можеле да донесат во срцата на своите проповедници.

Во 2. Коринќаните 7,5-16, Павле понатаму ја објаснува причината за неговата утеха и радост. Овие два концепта доминираат во текстот. Глаголот *parakaleō* („утешува“) и именката *paraklēsis* („утеха“) се појавуваат вкупно седум пати во 2. Коринќаните 7. Овој дел од писмото завршува на истиот начин како што започнува, имено, со голема утеха во Бога (2. Коринќаните 1,3-7). Утехата на Павле во 2. Коринќаните 7 глава доаѓа од олеснувањето што го доживеал, затоа што „острото писмо“ донело таков резултат каков што тој и имал намера да постигне.

Иако ова олеснување доаѓа поради позитивниот извештај на Тит, сепак, конечно Бог е Тој што им ја дал утехата што ја доживеал Павле (2. Коринќаните 7,6). Бог е навистина „Бог на секоја утеха Тој нѐ утешува при секоја наша неволја“ (2. Коринќаните 1,3.4).

Интересно е што, додека Павле вели „се исполнив со утеха“, тој се радувал „уште повеќе“ (2. Коринќаните 7,4.7.13). Иако неговото остро писмо предизвикало многу тага, тоа било побожна тага што довела до покајание (2. Коринќаните 7,9-11). Коринќаните се ожалостиле „по Бога“ (2. Коринќаните 7,11), жалост која „предизвикува неопходно покајување за спасение“ (2. Коринќаните 7,10). Што друго би можело да донесе поголема радост во срцето на вистинскиот Божји слуга?

**Дали некогаш во животот сте искусиле жалост која е по Божја волја? Како сте знаеле дека тоа била жалост по Божја волја која требало да ве доведе до покајание?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Прифатена порака“, *Делата на апостолите*, стр. 323-334 оригинал.

Минатата седмица читавме еден пасус од книгата *Делата на апостолите*, кој и денеска го препорачуваме за натамошно проучување. Вреди да се прочита повторно. Овој пат, задржете се малку подолго на деловите што се однесуваат на Павловото остро писмо, на чувствата што го преплавиле додека го пишувал и на неговата радост откако ја примил добрата вест за искреното покајание на оние до кои било упатено. Потоа размислете што ни кажува ова за автентичноста на Павловата служба и кои поуки ние можеме да ги примениме во нашата работа за Христа.

„Ние треба да откриеме пред целата вселена, на паднатиот свет и на световите што не паднале, дека Бог простува, дека преку Божјата љубов можеме да се помириме со Него. Човекот се кае, станува понизен во срцето, верува во Христа како негова жртва на помирување и увидува дека Бог се помирил со него“ (Ellen G. White, *Special Testimonies On Education,* стр. 223.

„Како црква, ние сме примиле голема светлина. Таа светлина Господ ни ја дал за доброто и благословот на овој свет. Нам ни е доверена службата на помирување. Со сила која потекнува одозгора, ние треба да ги преколнуваме луѓето да се помират со Бога“ (Ellen G. White, *Letter 32*, 1903).

Кога ќе се помират со Бога, луѓето мора да се стремат кон светост. Коментирајќи го стихот 2. Коринќаните 7,1, Елена Г. Вајт открива што мислел Павле под „исполнувајќи ја светоста во страв Божји“ (2. Коринќаните 7,1). Таа вели дека Павле се стремел да им помогне на новите преобратеници „да останат постојани, сѐ подобри и подобри христијани, силни во верата, сесрдни и ревносни, со сето срце посветени на Бога и на делото на подигањето на неговото царство“ (Е. Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 201 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Павле зборува за нас како за „земски садови“ во кои се наоѓа богатството на евангелието (2. Коринќаните 4,7). Како фактот дека луѓето, во својата природна состојба, се слаби, непостојани и полни со ограничувања, всушност може да помогне во објавувањето на евангелието, а не да го отежнува?**

**2. Што значи да се биде „ново создание“ (2. Коринќаните 5,17)? Како ова влијае на нашиот секојдневен живот? Како Христос од вас направил ново создание?**

**3. Во 2. Коринќаните 6,4.5, Павле наведува долга листа на тешкотии со кои се соочил поради евангелието. Како одговорил тој на своето страдање (видете 2. Коринќаните 6,6.7)? Како ова ви помага и вие да одговорите на вашето?**

**4. Павле ја истакнува спротивноста меѓу жалоста која е по Бога и жалоста на овој свет (2. Коринќаните 7,10). На кој начин може жалоста да биде поврзана со покајанието? Како би ја опишале жалоста која е по Бога за разлика од жалоста на овој свет?**

**11. Лекција**
**5 - 11 септември 2026**

# ПОВЕРЕНИЧКА СЛУЖБА И МИСИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ:2. Коринќаните 8-9; Јован 3,16; Јован 17,5; Лука 9,58; Откровение 13,8; Римјаните 12,8; Римјаните 15,26.27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто ја знаете благодатта на нашиот Господ Исус Христос, дека иако беше богат, заради вас стана сиромашен, за да се збогатите вие преку неговата сиромаштија“ (2. Коринќаните 8,9).**

Осмата и деветтата глава од Второто послание до Коринќаните покажуваат дека Павле им дал можност на Коринќаните да им послужат на своите браќа и сестри во Јудеја. Овој пасус открива дека давањето е, всушност, привилегија што Бог ни ја дава за да можеме да го имитираме Христовиот самопожртвуван карактер. Јазик на небото е јазикот на давањето. Забележете ги познатите зборови: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што го *даде* својот единороден Син“ (Јован 3,16; италикот е додаден).

Освен тоа, Јован 3,16 јасно ја наведува целта заради која Бог го дал Исуса – „та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“. Повереничката служба (управувањето со ресурсите) и мисијата одат рака под рака во овој пасус. Тие се нераздвојни, како две страни од иста монета. Не е ни чудо што Павле се опишува себеси и своите соработници како „управници на Божјите таинства“ (1. Коринќаните 4,1). Ние сме исто така повереници (управители) во истата смисла.

Оваа седмица ќе видиме дека и повереничката служба и мисија се цврсто втемелени на Исусовиот пример. Всушност, повереничката служба и мисијата не можат да се раздвојат, бидејќи повереничката служба обезбедува финансиски и човечки ресурси за исполнување на Божјата мисија.

# ИСУСОВИОТ ПРИМЕР

Контекстот на 2. Коринќаните 8 и 9 глава, е Павловото охрабрување на верниците во Коринт да го завршат собирањето прилози за осиромашените цркви во Јудеја. Очигледно, тие веќе се обврзале да го сторат тоа (2. Коринќаните 8,10.11; 2. Коринќаните 9,5; исто така и 1. Коринќаните 16,1–4), но проблемите во нивниот однос со Павле ги искомплицирале работите. Откако се соочил со овие спорни прашања (2. Коринќаните 1–7), Павле сега се врти кон довршувањето на таа задача (2. Коринќаните 8–9).

Тој најпрво се повикува на примерот на Македонците (2. Коринќаните 8,1-7), чија крајна сиромаштија не ги спречила да покажат изобилно „богатство во нивната дарежливост“ (2. Коринќаните 8,2). Да, сиромаштијата и дарежливоста можат да одат рака под рака. Па сепак, таа великодушност на Македонците, достојна за восхит, претставува само одговор на великодушноста што Исус ја покажал кога се дал себеси за нас (2. Коринќаните 8,8-15).

**Прочитајте 2. Коринќаните 8,9. Што ни кажува овој стих за Исусовиот пример?**

---

Изјавата на Павле во 2. Коринќаните 8,9 е еден од најнеобичните, најмоќните и најдлабоки текстови во целата Библија. Павле ја изнесува сторијата за Исусовата мисија, но со неверојатна штедливост во зборовите. Има толку многу теологија во тоа! Тоа е сторијата за искупувањето во еден единствен стих.

Уште повпечатливо е тоа што сторијата ја изнесува со финансиски речник. Да, Исус бил богат. Неговото богатство укажува на Неговото претходно постоење на небото (Јован 17,5). Тој избрал да стане сиромашен со тоа што се откажал од небесната слава и дошол во овој свет полн со страдања. Тој буквално станал сиромашен (Лука 9,58). Иако бил еднаков со Бога, Тој „Сам Себе се понизи, земајќи лик на слуга се изедначи со луѓето и по изглед се покажа како човек“ (Филипјаните 2,7). „Сам Себе се понизи, послушен сè до самата смрт, смрт на крст“ (Филипјаните 2,8).

Исус се откажал од сопствениот живот за да можеме ние да живееме засекогаш со Него. Неговата жртва имала цел – нашето спасение. Повереничката служба и мисијата одат рака под рака. Текстот 2. Коринќаните 8-9 глава ја изнесува сторијата за конкретен паричен прилог, но таа приказна се заснова на Исуса. Во текот на оваа седмица ќе ги разгледаме теолошките принципи поврзани со практиката на принесување дарови, која се заснова на Христовото принесување на самиот себе.

**Размислувајте за Исусовото раѓање, живот, смрт и воскресение. Кога ќе сфатите дека сето ова е направено заради вас, за да можете да имате надеж во нешто што далеку го надминува нашето мизерно постоење на овој свет, каква би требало да биде вашата реакција?**

## МОТИВАЦИЈА

**Прочитајте 2. Коринќаните 8,1.5 и 2. Коринќаните 9,7.9.13.15. Која е главната порака на овие стихови?**

---

Јазикот на давањето ги приникнува 2. Коринќаните 8. и 9. глава: „благодатта Божја, дадена“ (2. Коринќаните 8,1); „сами себе Му се предадоа“ (2. Коринќаните 8,5); „секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава“ (2. Коринќаните 9,7); „даде на сиромашните“ (2. Коринќаните 9,9); „и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бога ...за штедроста на заедницата со нив и со сите други“ (2. Коринќаните 9,13); „да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“ (2. Коринќаните 9,15). Осмата и деветтата глава од 2. Коринќаните започнуваат и завршуваат со јазикот на давањето (2. Коринќаните 8,1 и 2. Коринќаните 9,15). Овие две глави мора да ги читаме имајќи ја предвид идејата за давањето. Тие изнесуваат најмалку четири главни причини за давање на нашите приноси.

***Благодарност за Божјата благодат*** (2. Коринќаните 8,1; 2. Коринќаните 9,14.15). Текстот 2. Коринќаните 8-9 започнува со осврт на „благодатта Божја“ (2. Коринќаните 8,1). Малку понатаму, Павле вели: „Бидејќи вие ја знаете дарежливоста на нашиот Господ Исус Христос“ (2. Коринќаните 8,9). Божјата и Христовата благодат овде е прикажана како главна причина за обичајот на приложување дарови. Бог направил толку многу за нас давајќи ни го Христа. Со приложување на нашите дарови за возврат, ние ја признаваме Божјата благодат во нашиот живот.

Како и концептот на давање, изразот „благодат“ (на грчки haris) се појавува неколку пати во 2. Коринќаните 8-9. Освен тоа, како и поимот на давање, и зборот *haris* се појавува на почетокот и на крајот од тој пасус (2. Коринќаните 8,1; 2. Коринќаните 9,14.15). Павле го користи тој израз во различни значења низ целиот тој пасус за да нагласи дека благодатта кон другите и благодарноста произлегуваат од Христовата благодат во нашиот живот.

***Желба да го следиме Исусовиот пример*** (2. Коринќаните 8,9). Исус бил богат и станал сиромашен (имајте предвид дека ова се симболи на Неговото вечно прапостоење, а потоа и на Неговото доаѓање меѓу луѓето). Постои само еден начин ова да се случи – Тој дал сè. Што се однесува до нас, со давањето на нашите приноси, ние ги обезбедуваме средствата кои се потребни за другите да го запознаат Христа.

***Желба да ги споделуваме Божјите благослови*** (2. Коринќаните 9,10. 11). Ние им даваме на другите само затоа што најпрво и самите сме примиле од Бога. Тој нè збогатува за да можеме да бидеме великодушни.

***Искрена љубов*** (2. Коринќаните 8,8.24). Давањето е тест за вистинска и искрена љубов. Тоа е најзначајниот доказ дека љубовта престојува во нечие срце. Да употребиме еден англиски израз, тоа буквално значи „да ги ставиш парите таму каде што ти е устата“ или „да докажеш со дела, а не со зборови“. **Колку сте вие великодушни? Во светлината на Крстот, колку давате во споредба со тоа колку би можеле да дадете?**

# ПЛАНИРАЊЕ

**Прочитајте 2. Коринќаните 9,7. Што кажува овој стих за чинот на принесување?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Божјата одлука да го спаси светот била донесена уште пред светот да падне во грев. Христовото доаѓање да умре за нас било дел од еден прадревен план (Откровение 13,8). Бог не бил неподготвен. Тој направил план, преку Исуса, всушност да се даде самиот себеси. Во 2. Коринќаните 8-9, планирањето е клучен теолошки принцип кој се однесува на чинот на давање. Ова може да се види од најмалку два факта:

Прво, ***планирањето подразбира претходна одлука.*** Павле вели: „Секој да дава како што одлучил во срцето" (2. Коринќаните 9,7). Грчкиот збор преведен со „одлучил" е глаголот *proaireō*. Тоа е сложен облик на глаголот. Префиксот *pro* значи „претходно" или „однапред", а *aireō* во овој контекст значи „да одлучи". Значи, *proaireō* се однесува на одлука донесена однапред. Покрај тоа, започнувајќи ја својата изјава со зборот „секој", Павле навестува дека дадената количина нема да биде иста за секого. Неговата порака е едноставно дека, колкав и да е бројот на луѓе што ќе одлучат да ја дадат, тоа треба да го прават со внимателно размислување. Треба да даваат толкав износ колку што сметаат дека е исправно да даваат.

Второ, планирањето подразбира принцип на пропорционалност. Павле известува дека Македонците дале „според нивните можности, па дури и преку нивните можности" (2. Коринќаните 8,3). Потоа, овој принцип на пропорционалност тој го применува на Коринќаните. Охрабрувајќи ги да ја довршат задачата на која веќе се обврзале, тој ги поттикнува да го завршат тој проект користејќи ги ресурсите што ги имаат (2. Коринќаните 8,11). Тој ја заклучува оваа мисла со изјавата дека прилогот се дава „според она што [некој] го има, а не според она што го нема" (2. Коринќаните 8,12). Додека Библијата јасно го дефинира десетокот како десет проценти, истиот принцип не важи за даровите и приносите. „Секој да дава како што одлучил во срцето" (2. Коринќаните 9,7), применувајќи го принципот на пропорционалност. Со други зборови, секој сам одлучува колкав дел од својот приход ќе даде како принос. Од секој се очекува да даде пропорционално. А тоа не може да се направи без планирање.

**Колку сте верни во давањето на вашите десетоци и приноси, без оглед колку сте богати или сиромашни? Кои изговори ги користите за да се воздржите од давање тогаш кога знаете дека можете да дадете повеќе?**

## СТАВ

**Прочитајте 2. Коринќаните 8,1-5. Која причина можела да постои за подготвеноста на Македонците да ги приложат своите дарови со таква великодушност?**

---

На позитивниот став на Македонците може да се гледа на неколку начини.

Прво, тие ***давале многу радосно*** (2. Коринќаните 8,2). Павле вели за Македонците „дека и покрај големото испитување во маката, нивната радост беше изобилна; и покрај нивната длабока сиромаштија покажаа големо богатство во нивната дарежливост“ (2. Коринќаните 8,2). Подоцна тој споменува дека „Бог го љуби радосниот дарител“ (2. Коринќаните 9,7; Константинов). Грчкиот збор преведен како „радосниот“ се појавува само овде во Новиот завет, но еден израз од истото семејство зборови се појавува и на други места: „кој прави милосрдие, нека го врши тоа со добра волја“ (Римјаните 12,8). Изразите од ова семејство зборови понекогаш се појавуваат во вонбиблиската литература, во смисла на радост и среќа. Во 2. Коринќаните 9,7, да се биде радосен дарител значи да се дава без колебање.

Второ, тие ***давале великодушно*** (2. Коринќаните 8,2). Пред да ја спомене великодушноста на Македонците, Павле се осврнал на нивната „длабока сиромаштија“. Зборот „дарежливост“ (на грчки: *haplotētos*) се појавува уште двапати во 2. Коринќаните 8 и 9 глава. Павле вели: „Па во сè да се збогатите за секаква *дарежливост*, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога“ (2. Коринќаните 9,11, додаден италик), што значи дека нам ни е дадено за да можеме и ние да даваме. Малку понатаму, тој ја споменува „дарежливоста на вашето заедништво“ (2. Коринќаните 9,13). Во овој пасус, да се биде великодушен во давањето на приносите претставува начин на признавање на Христовото евангелие.

Трето, тие ***„даваа доброволно“*** (2. Коринќаните 8,3). Ова станува уште подостојно за восхит кога ќе се земе предвид дека тие не давале од својот вишок, бидејќи нивните средства биле исклучително ограничени. Павле ја користи истата мисла за да ја опише подготвеноста на Тит да ги посети Коринќаните. Тој отишол во Коринт доброволно (2. Коринќаните 8,17).

Четврто, тие ***давале со чувство дека давањето е привилегија*** (2. Коринќаните 8,4). Овој став може да се забележи од барањето на Македонците да учествуваат во собирањето прилози. „Нè молеа многу усрдно да го примиме нивниот дар и учеството во прислужувањето на светиите“ (2. Коринќаните 8,4).

Конечно, тие ***учествувале во собирањето средства како чин на целосно посветување*** (2. Коринќаните 8,5). Павле вели дека тие „најнапред сами себе Му се предадоа на Господ“ (2. Коринќаните 8,5). Давањето себеси на Господа резултира со давање себеси на другите. Македонците го прошириле своето учество во мисијата надвор од границите на финансиската помош. Со други зборови, давањето и великодушноста не се ограничени само на пари.

# ЕДИНСТВО

Гледаме дека Павле ги охрабрува верниците во Коринт да се вклучат во собирањето прилози за сиромашните цркви во Јудеја. Една од неговите цели е да го разгори чувството на единство. Тој сака тие да учествуваат, да бидат дел од мисијата. Тој сака да покаже дека црквите на обратените незнабошци се дел од истото Божјо семејство како и верниците од еврејството во Ерусалим. Односно, дека овие луѓе, кои некогаш биле нивни противници, сега се навистина, заедно со нив, припадници на Божјиот новозаветен остаток. Павле сака да го види целото христијанско семејство, составено од Евреи и некогашни незнабошци, обединето на моќен начин кој може да послужи како сведоштво за црквата во идните генерации.

Тит и уште двајца именувани браќа биле задолжени за собирање средства. Бог ја ставил оваа грижа за црквите во срцето на Тит (2. Коринќаните 8,16). Меѓу црквите, Бог избрал уште двајца браќа (2. Коринќаните 8,18-23). Тие се наречени „пратеници на црквите, Христова слава“ (2. Коринќаните 8,23). Дали изразот „Христова слава“ ги опишува овие двајца браќа или самата црква, тоа не е важно. Давањето принос, во крајна линија, е знак на посветеноста на Христа кој е Глава на црквата (Ефесјаните 4,15).

Текстот 2. Коринќаните 8-9 укажува дека овие прилози требало да им се дадат на луѓе што Бог ги именувал за тоа во црквата. Изразите „по сите цркви“ (2. Коринќаните 8,18), „црквите го избраа“ (2. Коринќаните 8,19) и „пратеници на црквите“ (2. Коринќаните 8,23) укажуваат токму на тоа. Затоа не изненадува повикот што следи: „покажете им пред црквите доказ на вашата љубов“ (2. Коринќаните 8,24).

Давањето приноси на црквата – од Бога одреден метод за издржување на црквата на земјата – поттикнува единство, а во исто време е резултат на чувството за единство (2. Коринќаните 8,13.14). Парите можат да бидат моќен фактор на обединување. Од друга страна, ако луѓето не гледаат исклучиво на Божјата слава, парите можат да предизвикаат и поделби.

**Како стиховите Римјаните 15,26.27 ни ја откриваат желбата на Павле за единство, која е изразена тука?**

---

Конечно, Павле го опишува собирањето приноси како служба, израз на благодат, благослов, чин на богослужение, а исто така и заедништво. И сето тоа како резултат на дарувањето? Размислете за тоа.

**На кој начин испраќањето средства до нашите цркви и мисии во странство, честопати во многу оддалечени места, помага за создавањето единство во нашата црква на глобално ниво?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Дарежлива Црква“, Делата на апостолите, стр. 335-345 (оригинал).

„Така е секогаш кога Божјиот Дух владее со човечкото срце и живот. Оние, чиишто срца ги исполнува Христовата љубов, ќе го следат примерот на Оној кој осиромашил за ние да се збогатиме со неговото сиромаштво. Парите, времето, угледот и влијанието - сите дарови што ги примиле од Божјите раце - тие ќе ги ценат само како средство за напредок на неговото дело. Така било во првата црква. А кога во црквата на нашите денови ќе се покаже дека верниците, благодарение на силата на Духот, се одвратиле од земните работи и дека се подготвени да поднесат жртва за нивните ближни да можат да го слушнат евангелието, тогаш објавувањето на вистината ќе има силно влијание врз слушателите“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 71 оригинал).

„На Господа не му се потребни нашите приноси. Ние не можеме да Го збогатиме со нашите дарови. Псалмистот вели: ‘Од Тебе е сѐ, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме’ (1. Летописи 29,14). Сепак, Бог ни дозволува да ја покажеме нашата благодарност за Неговата милост преку самопожртвувани напори да ја прошириме на другите. Ова е единствениот начин на кој можеме да ја изразиме нашата благодарност и љубов кон Бога. Тој не ни оставил друга можност“ (Ellen G. White, Counsels on Stewardship, стр. 18, 19).

„Колку голем бил Божјиот дар за човекот, и колку му прилега на нашиот Бог да ни го дарува! Со дарежливост што никогаш не може да се надмине, Тој го дал, за да ги спаси бунтовните човечки синови и да им овозможи да ја видат Неговата намера и да ја запознаат Неговата љубов. Дали вие, со вашите дарови и приноси, ќе покажете дека ништо друго не сметате дека е преголема жртва за Оној ‘што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот’?“ (Ellen G. White, *The Advent Review и Sabbath Herald,* 15 мај 1900).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Задржете се повеќе на стихот 2. Коринќаните 8,9. Зошто Исусовиот пример е толку пресудно важен кога станува збор за повереничката служба (управување со материјалните добра)?**

**2. Стихот Јован 3,16 навестува дека јазикот на небото е, всушност, јазикот на давањето. Прочитајте ги следните стихови: Јован 15,13; Ефесјаните 5,2.25; Галатјаните 2,19.20; и 1. Јованово 3,16. Што имаат заедничко со стихот Јован 3,16, и која порака можеме да ја извлечеме од нив?**

**3. Врз основа на вашето разбирање на 2. Коринќаните 8-9, кои се личните придобивки од давањето?**

**4. Покрај систематското давање дарови и приноси, што друго можете да направите за да го имитирате Исусовиот пример на самопожртвуваност?**

**12. Лекција**
**Од 12 до 18 септември 2026**

# СООЧУВАЊЕ СО ЛАЖНИ УЧИТЕЛИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Коринќаните 10,1-17; Еремија 9,24; 2. Коринќаните 11,1-15.22-28; 2. Коринќаните 12,20.21; 2. Коринќаните 13,5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Оружјето на нашето војување не е телесно, но со помошта Божја станува моќно за рушење тврдини“ (2. Коринќаните 10,4).**

Како Павле да немал веќе доволно проблеми, се појавил уште еден со кој морал да се справи – лажни учители во црквата. Тие луѓе му се спротивставувале нему и на неговата работа и служба. Што е уште полошо, овие лажни учители ги завеле и верниците во Коринт. Павле ја нарекува борбата со овој проблем духовна војна.

Дали тоа било претерување? Воопшто не. Павле знаел дека овие луѓе, во крајна линија, не му се спротивставуваат нему, туку на самиот Христос. Тој не бил нарцисоиден тип на водач заинтересиран за зачувување на сопствениот углед како средство за наметнување на сопствената власт и авторитет над подредените. Тој знаел дека пораката што му била доверена да ја проповеда е прашање на живот и смрт, со вечни последици. А бил свесен и дека сам Бог го повикал да го прави тоа. „Павле, по Божја волја повикан апостол на Исус Христос и братот Состен“ (1. Коринќаните 1,1).

Кога станува збор за лажни учења, од црквата се очекува да постапува со љубов, но решително, врз основа на авторитетот на Светото писмо. Евангелската порака мора да биде зачувана, нерасипана и чиста, за да им даде на душите надеж за вечноста.

## ДУХОВНА ВОЈНА

**Прочитајте 2. Коринќаните 10,1-11. Павловата кротост во односот со Коринќаните понекогаш се сметала за слабост. Кои зборови или изјави во овој пасус откриваат дека Павле имал храброст да се осврне на проблемот со лажните учители во Коринт?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Павле ја започнува 10. глава од 2. Коринќаните со многу лична нота: „Јас, Павле, лично ве молам“ (2. Коринќаните 10,1). Ова покажува колку бил загрижен поради лажните учења што се вовлекле во црквата. Во 2. Коринќаните 10,1 тој со ironични зборови се осврнува на обвинувањата на своите противници дека бил страшен насилник кога пишувал писма од далечина, но беден кукавица кога се соочувал со луѓето лице в лице (2. Коринќаните 10,10.11). Тој одговара дека она што изгледа како слабост треба да се посматра како кротост полна со сила и христолика благост.

Со лажните учители мораме да се соочиме со смелост и доверба (2. Коринќаните 10,2), но помешани со Христовата благост (2. Коринќаните 10,1). Исус еднаш рекол: „Бидејќи сум кроток и смирен по срце “ (Матеј 11,29). Меѓутоа, Исус исто така смело се соочил и со менувачите на пари во храмот превртувајќи им ги масите и нарекувајќи ги разбојници (Матеј 21,12.13). А фарисеите в лице ги нарекол лицемери и варосани гробови (Матеј 23,23-27). Како Исус, и Павле знаел дека се наоѓаме во духовна војна која бара употреба на сето Божјо оружје (Ефесјаните 6,12-17).

Во 2. Коринќаните 10 глава Павле користи воен јазик затоа што во прашање е животот на луѓето (2. Коринќаните 10,3-6). Ова не е само човечки судир, туку божествена битка за придобивање на луѓето за Христа. Во овој поглед, секое лажно тврдење и надмено мислење мора да се обелодени и да се отфрли врз основа на Божјата Реч, за да може секоја мисла „да Му биде покорен(а) на Христа“ (2. Коринќаните 10,5).

Во оваа духовна војна, Павле настапува со Христово овластување. Меѓутоа, таа власт има за цел градење, а не рушење (2. Коринќаните 10,8). Лесно е за духовните водачи да тврдат дека дејствуваат според Божјо овластување. Меѓутоа, тие мора да запомнат дека оваа власт ја дава Христос и дека, како Него, тие мора да бидат кротки и понизни по срце. Павле се повикува на власта што му ја дал Христос, затоа што е загрижен дека Коринќаните слушаат погрешни луѓе, со што ја загрозувале нивната верност кон Христа.

**Како можеме да бидеме и благи и храбри во справувањето со лажните учители? Зошто мора да бидеме и едното и другото?**

## ФАЛЕЊЕ СО ГОСПОДА

Вчера видовме дека Павле и неговите соработници ја извршувале својата служба водејќи духовна војна, а тоа го правеле користејќи го Божјото оружје. Денес ќе видиме дека лажните учители постапуваат во согласност со човечки критериуми. Тие се фалат неумесно. За разлика од нив, Павле се фали само во Господа. Како што напишал: „Кој се фали, со Господ да се фали!“ (2. Коринќаните 10,17).

**Прочитајте го текстот 2. Коринќаните 10,13-17. Како може натпреварувачката атмосфера да му наштети на проповедањето на евангелието?**

---

Употребата на јазик на самопофалба од страна на Павле, со векови ги збунувала толкувачите на Библијата. Меѓутоа, себефалењето било вообичаена практика во древниот свет, а било контролирано од општествените конвенции за да се избегне навредување на слушателите. Павле ги знаел овие конвенции и соодветно ги почитувал. Освен тоа, тој јасно става до знаење дека неговото фалење е различно од она на лажните учители. Тој се фали со Господа (2. Коринќаните 10,17). Ова е цитат од Стариот завет: „А кој се фали, нека се фали со тоа дека Ме разбира Мене и дека знае дека Јас сум Господ, Кој покажува милост, суд и правда на земјата; зашто само овие работи Ми се угодни, вели Господ“ (Еремија 9,24). Цитирајќи го овој пасус од пророк Еремија, Павле покажува дека Христос е во фокусот – Христовата љубов, правда и праведност.

Со други зборови, фалењето на Павле се сосредоточува на Божјите достигнувања во Христа. Според тоа, неговото фалење е библиски засновано, и со самото тоа е безопасно и ненавредливо. Од друга страна, неговите противници создале атмосфера на натпреварување споредувајќи се едни со други. Тоа е безумство! (2. Коринќаните 10,12).

Во 2. Коринќаните 10,14-16, Павле навестува дека проповедањето на евангелието било примарен фокус на неговата служба, како во Коринт, така и во областите надвор од тој град. Неговата љубов спрема Исуса го наведувала постојано да зборува за таа добра вест, која се огледува во Христовата смрт и воскресение, што нам ни носи спасение.

За разлика од лажните учители во Коринт кои се фалеле самите себе, Павле бил фален и овластен од Бога (2. Коринќаните 10,12.18). Тој бил повикан „по волја Божја“ да биде апостол на Исуса Христа (1. Коринќаните 1,1). И бил верен на тој повик до крајот на својот живот (2. Тимотеј 4,7).

**Прочитајте го повторно текстот 2. Коринќаните 10,12-18. Како можат црковните водачи, па дури и членовите на црквата, да избегнат атмосфера на натпреварување? Зошто е толку лесно човек да се вплетка во нешто што, всушност, не е важно?**

# ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЛАЖНИТЕ УЧИТЕЛИ

Новиот завет содржи неколку предупредувања против лажните учители во христијанските заедници. Самиот Исус ги предупредил своите ученици за истиот овој проблем (Матеј 7,15-20). Апостолите исто така го насочувале вниманието кон тоа (Галатјаните 1,6-9; 1 Тимотеј 6,3-5; 2 Петрово 2,1-3).

**Прочитајте 2. Коринќаните 11,1-15. Како Павле ги опишува предизвиците со кои се соочил кога се во прашање овие лажни учители?**

---

Павле го разоткрива дејствувањето на лажните учители. Во исто време, тој нагласува дека неговата служба е сосредоточена на Христа. Тој ја споредува црквата во Коринт со невеста и се претставува себеси како нејзин татко, кој има одговорност да ја изведе пред Христа (2. Коринќаните 11,2). Тој го прави ова затоа што ја сака црквата (2. Коринќаните 11,11). Затоа и не сака да ѝ биде на товар во финансиска смисла, иако таа има право на тоа да го издржува (2. Коринќаните 11,7-12).

Од друга страна, „надапостолите“ (веројатно иронична алузија на лажните учители) се споредуваат со змијата што ја измамила Ева (2. Коринќаните 11,3). Како сатаната во Едемската градина, и лажните учители во Коринт ги карактеризира измама и нечесно постапување (2. Коринќаните 11,3.4). Главната грижа на Павле била тие да не ги заведат Коринќаните на погрешен пат и да не ги одвратат од нивната искрена посветеност и преданоста на Христа.

Овие натрапници проповедале поинаква порака од онаа што ја проповедал Павле – поинаков Исус и поинакво евангелие (2. Коринќаните 11,4). Ова покажува дека не секој што проповеда за Исуса е Божјо избрано орудие. Во овој поглед, самиот Исус рекол: „Не секој што Ми вели: ‚Господи, Господи‘, ќе влезе во царството небесно, туку оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен“ (Матеј 7,21). Во Галатјаните 1,6-9, Павле вели дека секој што проповеда поинакво евангелие си навлекува проклетство, но некои во Коринт го толерирале овој вид заблуда. Павле ги разоткрива лажните апостоли и за нив вели: „лукави работници, кои се преправаат во Христови апостоли“ (2. Коринќаните 11,13). Тие се престоруваат во Христови апостоли, исто како што и „самиот сатана се преправа во ангел на светлината“, па така „и служителите негови се преправаат како слуги на правдата“ (2. Коринќаните 11,14.15). Колку трагична ситуација – оние кои се изјаснуваат како Христови слуги, всушност работат како претставници на сатаната. Павле ја завршува својата мисла велејќи дека „нивниот крај ќе им биде според делата нивни“ (2. Коринќаните 11,15).

**Погледнете колку силно реагира тој на заблудите во црквата! Што ни кажува тоа?**

## СТРАДАЊЕ ПОРАДИ ЕВАНГЕЛИЕТО

Откако ги разоткрил лажните учители како слуги на сатаната (2. Коринќаните 11,1-15), Павле сега „ја игра нивната игра“, фалејќи се малку како што би правел некој безумник (2. Коринќаните 11,16-21), за Коринќаните да увидат колку е бесмислено да се обрнува внимание на говорите на лажните учители. Ако Коринќаните ги почитувале нив, тогаш Павле заслужувал многу поголемо почитување. Неговото страдање за евангелието било доказ дека тој бил верен Христов слуга (2. Коринќаните 11,22. 23).

**Прочитајте 2. Коринќаните 11,22-28. Што сака тој да каже со ова?**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Иако Павловите „еврејски препораки“ биле идентични со оние што ги поседувале лажните учители (2. Коринќаните 11,22), неговата служба за Христа ја надминувала нивната (2. Коринќаните 11,23). „Служители Христови ли се?“, прашал тој. А одговорот гласел: „Јас сум уште повеќе.“ Неговиот труд бил поголем, неговите затворања почести, а тепањата потешки.

Но тоа не е сè. Листата на неговите страдања опфаќа и пет случаи кога примил триесет и девет камшици (2. Коринќаните 11,24), потоа, тепања со стап, каменување, бродоломи, опасност во длабоки води (2. Коринќаните 11,25), опасност на патувањата, опасност од реки, опасност од разбојници, опасност од земјаци, опасност од незнабошци, опасност во населени градови, опасност во пусти места, опасност на море, опасност од лажни верници (2. Коринќаните 11,26), напорна, исцрпувачка работа, бессони ноќи, глад и жед, студ, голотија (2. Коринќаните 11,27). И како сето ова да не било доволно, тој морал да се справува и со душевна мака поради неговата длабока загриженост за црквите (2. Коринќаните 11,28).

Само вистински слуга Христов би бил готов да страда толку многу за евангелието. Ако Павле навистина сакал да се фали со своите страдања, би имал многу да каже. Меѓутоа, следниот дел од тоа писмо покажува дека причината за неговото фалење не се темели на она што тој го направил за Христа, туку на она што Христос го направил за него. Павле знаел дека Божјата сила повидливо се покажува во човечките слабости (2. Коринќаните 12,9.10). Давајќи му „во телото... трн“ (2. Коринќаните 12,7), Бог го заштитил Павле од искушениието да се фали со своите достигнувања. Ова го држело понизен, свесен за сопствената слабост, зависен од божествената сила и во состојба во која бил способен да прими повеќе од Божјата благодат и милост.

**Дали и вие сте страдале заради евангелието? Што сте научиле од тоа искуство? Како начинот на кој Павле се справувал со своите страдања ви помогнало и вам да се справите со вашите?**

## ПОКАНА ДО НЕОБРАТЕНИТЕ

Во 2. Коринќаните 12,14-13,10, Павле ја најавува својата трета посета на црквата (2. Коринќаните 12,14; 2. Коринќаните 13,1). Тој покажал дека не е инфериорен во однос на кој било лажен апостол, а сега решил да се врати во Коринт и да се обиде да ги преобрати непокајните членови. Всушност, ова била една од главните цели на таа посета. Сѐ што Павле направил и рекол било за поправање на црквата (2. Коринќаните 12,19).

**Прочитајте 2. Коринќаните 12,20.21. Кои гревови ја загрозувале духовната состојба на коринтската црква?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Листата со гревови во 2. Коринќаните 12,20.21 е слична на другите кои ги наоѓаме на други места во Павловите списи (Римјаните 1,29–31; Галатјаните 5,19–21). Првите две точки се појавуваат веќе во 1. Коринќаните 3,3, каде што Павле зборува за завист и кавги меѓу верниците во Коринт. Павле се плаши дека работите нема многу да се променат до времето на неговата трета посета. Тој вели „Бидејќи се плашам дека можеби, кога ќе дојдам нема да ве најдам такви какви што сакам“. И обратно, вели тој: „а дека и вие нема да ме најдете таков каков што сакате“ (2. Коринќаните 12,20). Ова значи дека, наместо кон нив да постапува со Христова кротост и благост (2. Коринќаните 10,1), тој сега има казна за „секаква непослушност“ (2. Коринќаните 10,6).

Неговата главна загриженост е тоа што верниците кои се вплеткани во „нечистотијата, блудството и срамот“ можеби не се покајале (2. Коринќаните 12,21). А токму ваквите гревови предизвикуваат поделби во црквата.

Потоа Павле се сосредоточува на улогата на црковната дисциплина во поправањето на оние што живеат во грев (2. Коринќаните 13,1-4). Слабоста не е изговор за грешен начин на живот. Постои сила која им стои на располагање на оние што сакаат да живеат победнички живот (2. Коринќаните 13,4). Фактот дека некои во Коринт се впуштале во сексуален грев докажува дека Божјата сила не била реалност во нивниот живот. Павле сакал тие да се покаат и да ја искусат силата што води кон послушност. Последното нешто што Павле сакал да го направи е да ги дисциплинира. Тој вели: „Му се молиме на Бога да не правите никакво зло... туку вие да вршите добро... А за тоа и Му се молиме на Бога за вашето усовршување“ (2. Коринќаните 13,7-9). Каква прекрасна молитва! Тој ги повикува да се преиспитаат себеси за да видат дали се во верата.

**Прочитајте 2. Коринќаните 13,5. Што значи да се биде во верата? Како можете да знаете дали сте во верата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ellen G. White, „The Laodicean Church“, *The Advent Review and Sabbath Herald*, September 30, стр. 125.

„Господ го штити Својот народ од повторување на грешките и пропустите од минатото. Секогаш имало многу лажни учители кои, застапувајќи се за погрешни учења и несвети обичаи, и постапувајќи според лажни принципи, настојувале на најизмамнички, скриен, лажен начин да ги измамат, ако е можно, и избраните“ (Ellen G. White, *The Advent Review and Sabbath Herald, January 7,* 1904).

„Господовата намера е нашите мислења да бидат ставени на проверка, за да можеме да ја видиме потребата од внимателно испитување на живите пророштва, за да се увериме дали сме во вервата. Мнозина кои тврдат дека веруваат во вистината, се смируваат себеси велејќи: ‘Богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба’“ (Ellen G. White, *Counsels to Writers and Editors,* стр. 36).

„Луѓето грешат иако вистината им е јасно претставена. Доколку би ги усогласиле своите учења со Божјата реч, наместо да ја читаат Божјата реч во светлината на своите учења за да ја докажат исправноста на сопствените замисли, тие не би оделе во темнина и слепило, ниту, пак, би негувале заблуда. Мнозина им придаваат на зборовите од Светото писмо значење што одговара на нивното сопствено мислење, така што и самите застрануваат, а ги залажуваат и другите со своето погрешно толкување на Божјата реч. Кога се впрегнуваме во проучување на Божјата реч, тоа треба да го правиме со понизно срце. Сета себичност, сета љубов кон оригиналноста треба да се оставaат настрана. Долгонегуваните мислења не треба да се сметаат за непогрешливи“ (Ellen G. White, *Counsels to Writers and Editors*, стр. 36, 37).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го повторно текстот 2. Коринќаните 10,1-6. Која стратегија ја користи Павле во соочувањето со духовните „војни“ за Божјата вистина, и како можеме ние да ја примениме во нашите сопствени духовни војни?**

**2. Библијата вели дека пред да дојде крајот, многу лажни учители ќе се обидат да ги одвратат луѓето од вистината. Што може да направи вашата локална црква за да спречи нејзините членови да бидат заведени од лажни учители, кои може да се најдат и во вашата црква? Зошто ова има толку суштинска важност за исполнување на мисијата на црквата?**

**3. Зошто Павле сметал дека е потребно да се „пофали“ со долгата листа на своите страдања (2. Коринќаните 11,16-33)? И што значи „се фали со Господа“?**

**4. Зошто е важно членовите на црквата да се преиспитаат себеси за да видат дали се во верата (2. Коринќаните 13,5)? Колкава е важноста на ова?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**13. Лекција**
**Од 19 до 25 септември 2026**

# БЛАГОДАТ, ЉУБОВ И ЕДИНСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Коринќаните 8,9; Римјаните 16,20; 1. Јованово 4,8-11; 2. Коринќаните 13,11; Филипјаните 2,1, 2; Галатјаните 4,4-6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Благодатта на нашиот Господ Исус Христос и љубовта на Бога и Отецот и заедништвото на Светиот Дух нека бидат со сите вас. Амин! “ (2. Коринќаните 13,14).**

Павле го завршува Второто послание до Коринќаните со повторно нагласување на клучните елементи што ги изнесувал во своите посланија. Тој го прави ова преку пет императиви (2. Коринќаните 13,11).

**Првиот императив:** „Радувајте се“ – потсетува на претходните текстови во неговите писма.

**Вториот императив:** „Усовршувајте се“ – е превод на грчкиот збор (*kathartizō*), кој се појавува тука и во 1. Коринќаните 1,10.

**Третиот:** „Утешувајте се“ – го сумира текстот од 2. Коринќаните 1,3-7. Павле го започнува и го завршува своето второ писмо со охрабрување. Ние го примаме Божјото охрабрување за да ги охрабруваме другите (2. Коринќаните 1,4.6).

**Четвртиот и петтиот императив:** „Бидете едномислени, живејте во мир“ (2. Коринќаните 13,11) – претставуваат повик на единство. Оваа атмосфера на радост, обнова, охрабрување, единство и мир е услов за присуството на Бога, кој е „Бог на љубовта и на мирот“ (2. Коринќаните 13,11). Таа доаѓа од дејствувањето на нашиот троеден Бог врз човековото срце (2. Коринќаните 13,14).

Благодатта, љубовта и заедништвото се резултат на дејствувањето на троединиот Бог во наша полза. Овие три христијански особини создаваат атмосфера што ја карактеризира Божјото присуство.

## ИСУСОВАТА БЛАГОДАТ

Вдахнува тоа што на крајот од 2. Послание до Коринќаните гледаме повикување на Исусовата благодат, исто како и во неговиот вовед (2. Коринќаните 1,2; 2. Коринќаните 13,14). Павле го започнува и го завршува ова писмо со повик до Неговата благодат. Како што видовме на почетокот од ова тримесечје, тој не можел да престане да размислува и да зборува за Исуса.

„Бидејќи вие ја знаете дарежливоста на нашиот Господ Исус Христос, дека Тој, иако богат, осиромаши заради вас, да се збогатите и вие преку Неговата сиромаштија“ (2. Коринќаните 8,9).

Колку е прекрасна и неодолива Исусовата благодат. Тој ги напуштил богатствата на своето вечно постоење на небото за да стане сиромашен. Одел по прашливите патишта на древна Галилеја. „Сам Себе се понизи, послушен сè до самата смрт, смрт на крст“ (Филипјаните 2,8). А тоа го направил за да можеме ние да се „збогатиме“, имено, за да имаме можност да бидеме со Него на небото. Тешко е за нас, кои знаеме само за овој свет на грев, смрт и страдања, макар и да наѕреме што значело за Исуса тоа што ги напуштил небесните дворови за да дојде овде и да го положи својот живот за нас.

**Прочитајте ги стиховите: Римјаните 16,20; Галатјаните 6,18; Филипјаните 4,23; и 1. Солуњаните 5,28. Кое важно учење го гледате во нив?**

---

Павле многу често се осврнува на Исусовата благодат во своите посланија. Некои од овие бисери се: „Божјата благодат и дарот преку благодатта на еден Човек, Исус Христос, во многу поголемо изобилство ќе се излее врз мнозина“ (Римјаните 5,15). Оние што ќе го примат ова изобилство на благодатта ќе „царуваат... преку еден – Исус Христос“ (Римјаните 5,17). Како што е случајот со 2. Коринќаните, Павле ги започнува и завршува и другите свои посланија споменувајќи ја Исусовата благодат (Римјаните 1,7; Римјаните 16,20; 1. Коринќаните 1,3; 1. Коринќаните 16,23; Галатјаните 1,3; Галатјаните 6,18; Филипјаните 1,2; Филипјаните 4,23). Оваа тема ги окупирала неговите мисли, и тој сакал со неа да ги исполни и мислите на Коринќаните.

Тоа била неговата желба за сите цркви. Забележете што им кажува тој на Ефесјаните: „Благодатта со сите што Го сакаат нашиот Господ Исус Христос со бесмртна љубов “ (Ефесјаните 6,24; превод од англиски). А што се однесува до нас денес, дали тој би сакал кон Исуса да покажуваме нешто помалку од бесмртна љубов? Секако дека не. Впрочем, неговата желба е Исусовата благодат да досегне до што повеќе луѓе (2. Коринќаните 4,15) и да им стане доволна како што била и за него (2. Коринќаните 12,9). **Размислувај за Божјата благодат кон тебе на овој начин. Што навистина заслужувате по сè што сте рекле или сте направиле? Но наспроти ова, што ви нуди Божјата благодат?**

## БОЖЈАТА ЉУБОВ

„Благодатта на нашиот Господ Исус Христос и љубовта на Бога и Отецот и заедништвото на Светиот Дух нека бидат со сите вас. Амин!“ (2. Коринќаните 13,13) Со овие зборови, Павле го завршува своето второ послание. Забележете дека ги споменува трите Лица на Светото Тројство по следниот редослед: Синот, Отецот и Светиот Дух. Токму преку дејствувањето на сите Тројца можеме подобро да разбереме каков е Бог и што прави Тој за нас.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 3,16.17; Римјаните 8,37-39; и 1. Јованово 4,8-11. Што ни кажуваат тие за Божјата љубов?**

---

Во стихот 1. Јованово 4,8 се вели дека „Бог е љубов“. Љубовта е суштинска особина на Бога. Јован нагласува дека можеме да ја познаеме љубовта по тоа што Бог го дал својот единороден Син да умре за нас (1 Јованово 3,16). Бог го испратил Исуса во спасоносна мисија (Јован 3,17), која била дел од проектот на спасението (Дела 3,20.21; 1 Јованово 4,10. 14). Исус во евангелијата во повеќе наврати зборува за Отецот како Оној што Го испратил (Матеј 10,40; Марко 9,37).

Во една од своите впечатливи изјави, Павле забележува: „Но Бог ја докажа љубовта Своја кон нас, со тоа што Христос умре за нас, уште додека бевме грешни“ (Римјаните 5,8). Можеме да ја видиме Божјата љубов во слатките односи меѓу сопругот и сопругата, родителите и нивните деца, во искрените пријателства и така натаму. Можеме да ја видиме Божјата љубов и во природата. Во овој поглед, Елена Г. Вајт вели: „Бог е љубов“ - е запишано на секоја пупка што цути, на секоја нежна тревка. Прекрасните птици, кои го исполнуваат просторот со волшебни мелодии на своите весели песни, совршените цутови со нежни бои, кои го даруваат воздухот со чудесни мириси, богато разлистените и зелени величествени шумски дрвја – сето тоа сведочи за нежната татковска грижа на нашиот Бог и за неговата желба своите деца да ги стори среќни“ (*Патот кон Христа*, стр. 10 оригинал).

Меѓутоа, ништо не е поубедливо од фактот дека Бог го дал Исуса како жртва за нашите гревови. Кога ќе разбереме дека Бог нѐ сака до таа мера што го испратил Исуса да го положи својот живот за нас, нашиот одговор се огледува во нашата подготвеност и ние „да ги полагаме душите свои за браќата“ (1. Јованово 3,16).

Павле сакал Коринќаните да живеат во единство. Меѓутоа, без љубов нема единство. Затоа ги учел дека „љубовта надградува“ (1. Коринќаните 8,1) и дека без љубов сѐ е залудно и напразно (1. Коринќаните 13,1-3). Според тоа, сѐ што правиме мора да биде направено од љубов (1. Коринќаните 16,14), која е израз на Божјата љубов.

**Што би се изгубило во евангелието кога Исус не би бил – вечно и целосно – Бог?**

## БОГ НА ЉУБОВТА

Во древниот пагански свет, луѓето не верувале дека боговите ги сакаат луѓето. Наместо тоа, ги сметале за злобни и бесни, и дека треба да ги умилостиват. Идејата за еден Бог на љубовта, како што ја гледаме во Библијата, била нешто ново. Колку и да претставувала изненадување оваа изјава во негово време, Павле го опишува нашиот Бог како Бог „на љубовта и на мирот“ (2. Коринќаните 13,11).

**Прочитајте 2. Коринќаните 13,11. Како можете да црпите надеж од она што е кажано тука? Како можете подобро да го искусите она што го учи овој стих?**

---

Изразот „Бог на љубовта и мирот“ може да се толкува на два различни начина. Од една страна, на Бога гледаме како извор на љубовта и мирот. Од друга страна, Бога го карактеризираат љубовта и мирот. Меѓутоа, нема потреба да се определуваме меѓу овие две. Бидејќи љубовта и мирот се особини својствени на Бога, самиот Тој ни дава и љубов и мир.

На други места, Павле вели дека Тој е: „Бог на трпението и утехата“ (Римјаните 15,5); „Бог на надежта“ (Римјаните 15,13); „Бог на мирот“ (Римјаните 15,33; Римјаните 16,20; 1. Коринќаните 14,33; Филипјаните 4,9; 1. Солуњаните 5,23); „Отецот на милосрдноста“ (2. Коринќаните 1,3); и „Бог на секоја утеха“ (2. Коринќаните 1,3). Бог е изворот на сите овие благослови. Тој ни ги дава сите од Неговата бесконечна љубов.

Исто така, иако изразот „Бог на мирот“ донекаде е вообичаен во Библијата, изразот „Бог на љубовта“ се појавува само овде (2. Коринќаните 13, 11) и затоа заслужува наше најдлабоко размислување.

Како што забележале многу толкувачи, спомнувањето на Бога на мирот од страна на Павле само неколку стихови пред тринитарниот благослов во 2. Коринќаните 13,13 навестува дека тој го смета Бога за три Лица. „Иако тој овде го користи зборот ’Бог’ како да зборува за еден од три, неговото разбирање на Исуса и Духот на други места во неговите посланија... нè води кон тоа целиот тој израз да го гледаме како опишување на еден Бог кого најраната црква почнала да го согледува во троен облик... Поминало повеќе од еден век пред теолозите... да почнат да користат зборови како ‘тројство’ како скратен начин на изразување на она што Павле веќе го формулирал“ (Tom Wright, *Paul for Everyone: 2 Corinthians;* London: Society for Promoting Christian Knowledge, 2004; стр. 148).

**Ние веруваме во еден Бог, единство на три Личности кои вечно живеат во однос полн со љубов. Овој троеден Бог нè сака и нè повикува да се сакаме едни со други на начин кој ја одразува љубовта меѓу Нив.**

## ЗАЕДНИШТВОТО НА СВЕТИОТ ДУХ

Исусовата благодат не само што ја открива Божјата љубов кон нас, туку го носи и заедништвото на Духот како понатамошен учинок на таа љубов. Во исто време, заедништвото има свој извор во Божјата љубов, а тоа е затоа што без љубов нема заедништво. Како што пишува Павле: „И така, ако во Христос има некаква утеха, ако има некаков поттик од љубовта, ако има некакво заедништво со Духот, ако има некое милосрдие и сострадание, исполнете ја мојата радост: бидете со една мисла“ (Филипјаните 2,1.2).

Некои велат дека Светиот Дух е само сила или влијание, но тоа не може да биде вистина. Впрочем, зошто Павле би спомнал две лица – Отецот и Синот – заедно со некоја обична „сила“ во тринитарната формула? Тоа не би имало смисла. Исто како што Отецот и Синот се прикажани во еден личен однос (2. Коринќаните 1,3; 2. Коринќаните 11,31), односот на Духот со личности нè наведува на заклучок дека и Тој е личност (Римјаните 8,15.16; видете и Јован 14,16.17.26; Јован 15,26).

Изразот „заедништво со Духот“ (Филипјаните 2,1) може да се разбере на два начина. Тој може да значи заедништво едни со други што го дава Духот, или заедништво со самиот Дух. Повеќе библиски толкувачи тврдат дека овие две значења не се исклучуваат меѓусебно. На крајот на краиштата, заедништвото едни со други е последица на заедништвото со Духот.

**Прочитајте ги следните стихови: 1. Коринќаните 2,10.11; 1. Коринќаните 3,16; 1. Коринќаните 12,11; и 2. Коринќаните 3,6.17. Што им кажува Павле на Коринќаните во врска со Духот?**

---

Павле има многу да каже во врска со дејствувањето на Духот. Во 1 и 2. Коринќаните, Светиот Дух се споменува повеќе од четириесет пати. Светиот Дух помага во поправањето на црквата (1. Коринќаните 14,12), ги оспособува луѓето за мисија (1. Коринќаните 2,4.5), ги открива длабочините Божји (1. Коринќаните 2,10.11) и нè учи за нив (1. Коринќаните 2,13), престојува во нас (1. Коринќаните 3,16; 1. Коринќаните 6,19), соработува со Христос во нашето оправдување (1. Коринќаните 6,11), ѝ доделува духовни дарови на црквата (1. Коринќаните 12-14), нè запечатува за спасение (2. Коринќаните 1,22), го врежува законот во човековото срце (2. Коринќаните 3,3), дава нов живот во Христа (2. Коринќаните 3,6) и слобода од гревот (2. Коринќаните 3,17). Секако, не можеме да живееме без Светиот Дух.

**Зошто е, исто така, важно да се разбере божеството на Светиот Дух за целосно да се разбере и Божјата љубов кон нас?**

# НАШИОТ ТРОЕДЕН БОГ

Читајќи го 2. Коринќаните 13,13, некој би можел да помисли дека Христос е единствениот извор на благодатта, Бог единствениот извор на љубовта и Светиот Дух единствениот извор на заедништво, но ништо не може да биде подалеку од вистината.

**Прочитајте ги стиховите: 1. Коринќаните 1,3.4.9; 1. Коринќаните 10,16; 2. Коринќаните 1,2.12; Римјаните 8,35; Римјаните 15,30; Галатјаните 2,20; и Ефесјаните 3,19. Што ни кажуваат овие стихови за благодатта, за љубовта и заедништвото во врска со личностите на Тројството?**

---

Отецот, Синот и Светиот Дух работат заедно на нашето спасение. Благодатта, љубовта и заедништвото не потекнуваат само од една личност, туку од целото Тројство. Сепак, секој од нив има посебна улога во историјата на спасението. Павле е свесен за ова и го нагласува ова учење во своите писма. На пример, планот на спасението е опишан со неверојатна штедливост на зборовите во текстот Галатјаните 4,4-6, каде што се спомнува учеството на сите три лица на Божеството. Бог Отецот го испратил Исуса, што сугерира дека Отецот е Авторот на тој план (Галатјаните 4,4). Синот е роден од жена (Галатјаните 4,4), што е осврт на отелотворувањето и укажува на исполнувањето на едно древно ветување (1. Мојсеева 3,15). Синот нѐ искупил и нѐ вратил во исправен однос со Отецот, за кого сатаната лажел (1. Мојсеева 3,5). А Светиот Дух го потврдува нашиот идентитет како Божји деца (Галатјаните 4,6).

Тројството се спомнува на неколку други места во Павловите писма. Тројцата дејствуваат заедно, оспособувајќи ја црквата за мисија (1. Коринќаните 12,4–6), ни даваат духовна сила (Ефесјаните 3,14–19) и длабоко го унапредуваат единството меѓу членовите на црквата, што одговара на единството кое го обележува односот меѓу самите лица на Божеството (Ефесјаните 4,4–6). Според сфаќањето на Павле, не само што Бог е троеден, туку и трите Лица на Божеството работат заедно за нашето спасение (Ефесјаните 1,3.13.14). Во Посланието до Ефесјаните Павле оди дури дотаму што тврди дека мора да бидеме исполнети со полнотата на Отецот (Ефесјаните 3,19), Синот (Ефесјаните 4,13) и Светиот Дух (Ефесјаните 5,18).

Завршувајќи ја својата преписка со Коринќаните (2. Коринќаните 13,14), Павле не можел да смисли подобар завршеток од ветувањето дека тројцата Достоинственици на вселената, небесното Трио, ќе биде со нас сега и во времето што доаѓа.

**На кој начин заедништвото меѓу членовите на црквата би требало да го одразува заедништвото полно со љубов какво што постои во самото Божество?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Нека не се вознемирува срцето ваше“, *Копнежот на вековите*, стр. 662-680 оригинал.

„Само благодатта на Исуса Христа може да го преобрази каменото срце во срце од месо и да го оживее пред Бога... Луѓето немаат моќ да ја оправдаат душата, да го посветат срцето. Моралната болест не може да се излечи освен со силата на големиот Лекар. Највозвишениот дар на небото, Единородниот од Отецот, полн со благодат и вистина, е единствениот кој е во состојба да ги искупи изгубените“ (Ellen G. White, *The Signs of the Times,* May 2, 1892).

„’Бог е љубов’ (1. Јованово 4,16). Љубовта е суштина на Божјето битие и негов закон. Така било секогаш и секогаш ќе биде така. ‘Севишниот и Возвишениот, кој владее вечно’ (Исаија 57,15), Оној, чиишто ‘патишта се вечни’ (Авакум 3,6), не се менува. Кај него ‘нема ниту промена, ниту траги од менување’ (Јаков 1,17). Секоја пројава на моќта на Творецот е израз на бесконечната љубов. Божјето владеење содржи во себе изобилство благослови за сите создадени суштества... Историјата на големата борба меѓу доброто и злото, уште од мигот кога таа првпат избувнала на небото, па сè до конечниот слом на бунтот и до целосното искоренување на гревот, исто така е очигледна пројава на Божјата љубов која не се менува“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 33 оригинал).

„Треба да разбереме дека Светиот Дух... е исто толку личност колку што е и Бог личност... Светиот Дух поседува личност, или не би можел да му сведочи на нашиот дух дека сме Божји деца. Тој исто така мора да биде божествена личност, или не би можел да ги истражува тајните скриени во Божјиот ум“ (Ellen G. White, The Faith I Live By, стр. 52 ориг.).

„Постојат три живи личности во небесното Трио. Во името на овие три големи сили – Отецот, Синот и Светиот Дух – се крштаваат оние што го примаат Христа со жива вера; а овие сили ќе соработуваат со послушните поданици на Небото во нивните напори да живеат нов живот во Христа“ (Ellen G. White, *Evangelism,* стр. 615 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Една позната христијанска песна се вика „Чудесна благодат“. Што е чудесно во врска со Исусовата благодат?**

**2. Прекрасниот приказ на Божјата љубов може да се најде во параболата за изгубениот син. Како знаеме дека таткото во оваа парабола е татко кој е полн со љубов?**

**3. Како локалните цркви покажуваат дека „заедницата на Духот“ е нивна реалност?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ ЈУЛИ
# РАДОСТ ВО СЛУЖБАТА

### ДОБАР ХРИСТОВ ВОЈНИК

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **Исаија 44,28.** | *Радосна соработка со Бога* |
| *2. Четврток* | **Исаија 42,1.** | *Тој го излева Својот Дух на слугата* |
| *3. Петок* | **Малахија 3,1.** | *Добри вести за Христовото доаѓање* |
| *4. Сабота* | **2. Тимотеј 2,3.4.** | *Добар Христов војник* |

### ВЕСЕЛО СЛУЖЕТЕ СЕКОЈ ДЕН

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **Јоил 2,23.** | *Бог ќе излее доцен дожд* |
| *6. Понеделник* | **Псалм 100,2.** | *Весело служете секој ден* |
| *7. Вторник* | **2. Коринќаните 12,15.** | *Подготвени да потрошат...* |
| *8. Среда* | **1. Солуњаните 3,9.10.** | *Откривање на радоста...* |
| *9. Четврток* | **5. Мојсеева 28,47.** | *Не служете како Израел кој паднал* |
| *10. Петок* | **Филипјаните 2,29.** | *Уажете им гостопримство на Христовите слуги* |
| *11. Сабота* | **Лука 15,4.5.** | *Потрага по изгубените* |

### ДА ПРИДОНЕСЕМЕ ЗА СРЕЌАТА НА ДРУГИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **Филипјаните 1,18**. | *Да го возвишуваме Христа пред луѓето* |
| *13. Понеделник* | **2. Коринќаните 1,24.** | *Да го разубавиме животот на другите...* |
| *14. Вторник* | **Јов 29,13.** | *Да внимаваме на можностите...* |
| *15. Среда* | **Евреите 13,17.** | *Покажување почит кон проповедниците...* |
| *16. Четврток* | **Филипјаните 4,10.** | *Со своите средства да бидеме на благослов...* |
| *17. Петок* | **2. Коринќаните 7,9.** | *Товарот на одговорноста за душите* |
| *18. Сабота* | **Филипјаните 1,26.** | *Да придонесеме за среќата на другите* |

### ИСПОЛНЕТИ СО СВЕТИОТ ДУХ

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | **Римјани 15,2.3.** | *Да работиме за доброто на другите* |
| *20. Понеделник* | **Псалм 86,4.** | *Божјите слуги се среќни кога работат со Бога* |
| *21. Вторник* | **Псалм 2,11.** | *Тие ја имаат Божјата наклонетост* |
| *22. Среда* | **Исаија 65,14.** | *Најголемата радост се стекнува со служење* |
| *23. Четврток* | **Дела 13,52.** | *Исполнети со Светиот Дух* |
| *24. Петок* | **Немија 8,10.** | *Тие ја откриваат Господовата радост...* |
| *25. Сабота* | **Лука 15,31.32.** | *Тие ја шират Неговата радост...* |

### АНГЕЛИТЕ СОРАБОТУВААТ СО НАС

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Јован 17,13.** | *Ја имаат Христовата радост...* |
| *27. Понеделник* | **Лука 15,10.** | *Ангелите се радуваат со луѓето...* |
| *28. Вторник* | **Псалм 103,20.** | *Ангелите соработуваат со нас* |
| *29. Среда* | **Псалм 103,21.** | *Небесните војски и Божјите слуги...* |
| *30. Четврток* | **Евреите 1,14.** | *Ангелите служат на потребите на луѓето* |
| *31. Петок* | **Псалм 91,11.12.** | *Ангелите го исполнуваат ветувањето...* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – АВГУСТ

# ВИСТИНСКО ЗАДОВОЛСТВО

### НА БОГА МУ Е УГОДНО ОНА ШТО Е ПРАВО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **1. Дневникот 29,17.** | *На Бога Му е угодно она што е право* |

### ДА СЕ ПРАВИ ОНА ШТО Е ПРАВО

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **Езекиел 18,23.** | *Кога безбожникот ќе се одврати...* |
| *3. Понеделник* | **ЗаЈов 36,11.** | *Небото ја одобрува послушноста и службата* |
| *4. Вторник* | **Проповедник 3,12.** | *Служба на другите* |
| *5. Среда* | **Римјаните 14,22.** | *Кога можам да Го поведам Исуса со мебе* |
| *6. Четврток* | **Мудри изреки 21,15.** | *Да се прави она што е право* |
| *7. Петок* | **Проповедник 2,24.** | *Да се биде вреден* |
| *8. Сабота* | **Псалм 111,2.** | *Уживање во природата* |

### РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ГОСПОДА

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Псалм 104,34.** | *Размислување за Господа* |
| *10. Понеделник* | **Евреите 11,24.25.** | *Мојсеј ги отфрлил грешните задоволства* |
| *11. Вторник* | **Дела 7,40.41.** | *Арон ги избрал нив* |
| *12. Среда* | **Јаков 4,16.** | *Фалење* |
| *13. Четврток* | **Проповедник 2,8.** | *Гордост поради успехот* |
| *14. Петок* | **Лука 8,14.** | *Грешните задоволства го попречуваат ... животот* |
| *15. Сабота* | **1. Тимотеј 5,6.** | *Грешните задоволства ја уништуваат врската со Бога* |

### ПРАВЕЊЕ БЕЗЗАКОНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **2. Тимотеј 3,4.5.** | *Треба да се оддалечиме од нив* |
| *17. Понеделник* | **1. Мојсеева 3,6.** | *Лажни задоволства – познавање на злото* |
| *18. Вторник* | **2. Солуњаните 2,11.12.** | *Лажна наука* |
| *19. Среда* | **Изреки 2,12–14.** | *Грешните желби одвлекуваат од правиот пат* |
| *20. Четврток* | **За Јов 31,29.40.** | *Горчина* |
| *21. Петок* | **Мудри изреки 10,23.** | *Кога се прави беззаконие* |
| *22. Сабота* | **Мудри изреки 15,21.** | *Безумие, неразумност и бесмислица* |

### БОГАТСТВОТО НА БОГАТИТЕ ЌЕ БИДЕ ИЗГУБЕНО

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **Проповедник 7,5.6.** | *Подбивен смев и несоодветни шеги* |
| *24. Понеделник* | **Јов 20,4.5.** | *Победате на безбожниците е краток здив* |
| *25. Вторник* | **1. Јован 2,15.17.** | *Земните задоволства ќе поминат* |
| *26. Среда* | **Лука 12,19.20.** | *Богатството на богатите ќе биде изгубено* |
| *27. Четврток* | **Плач 5,15.16.** | *Остануваат само горчливи каења* |
| *28. Петок* | **Мудри изреки 14,13.** | *Смеењето и веселбата кратко траат* |
| *29. Сабота* | **Проповедник 12,1.** | *„Даровите“ на овој свет...* |

### НЕШТО ПОДОБРО – НОВО СРЦЕ, НОВ ДУХ

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **Јов 27,8.10.** | *Грешникот се крие од Божјото присуство* |
| *31. Понеделник* | **Езекиел 18,31.32.** | *Ново срце и нов дух* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – СЕПТЕМВРИ
# РАДОСТ НА СВЕТОТ

### СЛАВИ ГО, ЦЕЛА ЗЕМЈО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | ***Псалм 66,1.2.*** | *Слави Го, цела земјо* |
| *2. Среда* | ***Псалм 81,1.2.*** | *Со песна, тапан, гусли и псалтир* |
| *3. Четврток* | ***Псалм 95,1.2.*** | *Да Му пееме на Бога во неговото светилиште* |
| *4. Петок* | ***Псалм 118,15.*** | *Во домовите на праведните* |
| *5. Сабота* | ***Псалм 63,5.*** | *Со радосен глас* |

### ВЕСЕЛА ПЕСНА ГИ ИЗДИГНУВА МИСЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | ***Псалм 89,15.*** | *Пофалбата го зајакнува телото и душата* |
| *7. Понеделник* | ***Псалм 147,1.*** | *Пејте радосно* |
| *8. Вторник* | ***Софонија 3,14.*** | *Весела песна...* |
| *9. Среда* | ***Псалм 149,5.*** | *Веселата песна ги издигнува мислите* |
| *10. Четврток* | ***2. Летописи 29,30.*** | *Песната е дел од богослужението* |
| *11. Петок* | ***Псалм 71,23.*** | *Песните носат радост и веселба* |
| *12. Сабота* | ***Исаија 52,9.*** | *И природата пее* |

### ЗАТОА ШТО ТОЈ ГО ВОДИ СВОЈОТ НАРОД

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | ***Јаков 5,13.*** | *Песните на пофалба можат да ги отстранат грижите* |
| *14. Понеделник* | ***Јов 38,6.7.*** | *Изразете ја својата радост...* |
| *15. Вторник* | ***Псалм 65,13.*** | *Тој нè опсипува со дела на милост* |
| *16. Среда* | ***Исаија 12,6.*** | *Зашто е голем Светецот Израелев* |
| *17. Четврток* | ***Езра 3,12.*** | *Зашто милоста Неговата трае засекогаш* |
| *18. Петок* | ***Езра 3,13.*** | *Зашто Тој го води Својот народ* |
| *19. Сабота* | ***Захарија 9,9.*** | *Зашто Христос повторно ќе дојде* |

### ОДРЖУВАЈТЕ ВРСКА СО НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | ***Еремија 31,7.*** | *Зашто Господ ќе го спаси Својот народ* |
| *21. Понеделник* | ***Немија 12,27.*** | *Фалете Го Господа со кимвали и гусли* |
| *22. Вторник* | ***4. Мојсеева 10,10.*** | *Изразете ја пофалбата со труби* |
| *23. Среда* | ***Псалм 43,4.*** | *Одржувајте врска со Небото* |
| *24. Четврток* | ***2. Летописи 20,27.28.*** | *Радувајте се во Господовата сила* |
| *25. Петок* | ***2. Летописи 5,13.*** | *Затрубете во труба во храмот Господов* |
| *26. Сабота* | ***2. Мојсеева 15,20.21.*** | *Свирете победоносни песни* |

### ПОБЕДНИЦИТЕ ЌЕ ИМААТ БОЖЈИ ХАРФИ

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | ***Откровение 15,2.3.*** | *Победниците ќе имаат Божји харфи* |
| *28. Понеделник* | ***Мудри изреки 15,26.*** | *Љубезните зборови...* |
| *29. Вторник* | ***Мудри изреки 16,24.*** | *Љубезните зборови се сладост за душата и здравје за телото* |
| *30. Среда* | ***Мудри изреки 15,23.*** | *Љубезните зборови даваат помош и охрабрување* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јули*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 115-117 |
| 2. | 118 |
| 3. | 119,1-88 |
| **4.** | 119,89-176 |
| 5. | 120-121 |
| 6. | 122-124 |
| 7. | 125-127 |
| 8. | 128-130 |
| 9. | 131-133 |
| 10. | 134-136 |
| **11.** | 137-139 |
| 12. | 140-142 |
| 13. | 143-147 |
| 14. | 148-150 |
| 15. | Изреки 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| **18.** | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-19 |
| 21. | 20-22 |
| 22. | 23-25 |
| 23. | 26-28 |
| 24. | 29-31 |
| **25.** | Проповедник 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-12 |
| 29. | Песна над пес. 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-8 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| **1.** | Исаија 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-13 |
| 5. | 14-17 |
| 6. | 18-20 |
| 7. | 21-23 |
| **8.** | 24-26 |
| 9. | 27-29 |
| 10. | 30-32 |
| 11. | 33-36 |
| 12. | 37-40 |
| 13. | 41-43 |
| 14. | 44-46 |
| **15.** | 47-49 |
| 16. | 50-52 |
| 17. | 53-55 |
| 18. | 56-59 |
| 19. | 60-62 |
| 20. | 63-66 |
| 21. | Еремија 1-3 |
| **22.** | 4-6 |
| 23. | 7-8 |
| 24. | 9-11 |
| 25. | 12-16 |
| 26. | 17-20 |
| 27. | 21-23 |
| 28. | 24-26 |
| **29.** | 27-29 |
| 30. | 30-32 |
| 31. | 33-35 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | Еремија 36-39 |
| 2. | 40-42 |
| 3. | 43-45 |
| 4. | 46-49 |
| **5.** | 50-52 |
| 6. | Плач 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Езекиел 1-4 |
| 9. | 5-7 |
| 10. | 8-10 |
| 11. | 11-12 |
| **12.** | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | 22-26 |
| 16. | 27-29 |
| 17. | 30-32 |
| 18. | 33-35 |
| **19.** | 36-38 |
| 20. | 39-41 |
| 21. | 42-44 |
| 22. | 45-48 |
| 23. | Даниел 1-4 |
| 24. | 5-8 |
| 25. | 9-12 |
| **26.** | Осија 1-3 |
| 27. | 4-6 |
| 28. | 7-9 |
| 29. | 10-14 |
| 30. | Јоил 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јули*

1. Псалм 1.
2. Псалм 2.
3. Псалм 3.
**4.** Псалм 4.
5. Псалм 5.
6. Псалм 6.
7. Псалм 7.
8. Псалм 8.
9. Псалм 9.
10. Псалм 10.
**11.** Псалм 11.
12. Псалм 12.
13. Псалм 13.
14. Псалм 14.
15. Псалм 15.
16. Псалм 16.
17. Псалм 17.
**18.** Псалм 18,1-15.
19. Псалм 18,16-30.
20. Псалм 18,31-50.
21. Псалм 19.
22. Псалм 20.
23. Псалм 21.
24. Псалм 22,1-15.
25. Псалм 22,16-31.
**26.** Псалм 23.
27. Псалм 24.
28. Псалм 25.
29. Псалм 26.
30. Псалм 27.
31. Псалм 28.

## *Август*

**1.** Псалм 29.
2. Псалм 30.
3. Псалм 31,1-14.
4. Псалм 31,15-24.
5. Псалм 32.
6. Псалм 33.
7. Псалм 34.
**8.** Псалм 35,1-14.
9. Псалм 35,15-28.
10. Псалм 36.
11. Псалм 37,1-19.
12. Псалм 37,20-40.
13. Псалм 38.
14. Псалм 39.
**15.** Псалм 40.
16. Псалм 41.
17. Псалм 42.
18. Псалм 43.
19. Псалм 44,1-12.
20. Псалм 44,13-26.
21. Псалм 45.
**22.** Псалм 46.
23. Псалм 47.
24. Псалм 48.
25. Псалм 49.
26. Псалм 50.
27. Псалм 51.
28. Псалм 52.
**29.** Псалм 53.
30. Псалм 54.
31. Псалм 55.

## *Септември*

1. Псалм 56.
2. Псалм 57.
3. Псалм 58.
4. Псалм 59.
**5.** Псалм 60.
6. Псалм 61.
7. Псалм 62.
8. Псалм 63.
9. Псалм 64.
10. Псалм 65.
11. Псалм 66.
**12.** Псалм 67.
13. Псалм 68,1-35.
14. Псалм 61,1-16.
15. Псалм 69,17-36.
16. Псалм 70.
17. Псалм 71,1-14.
18. Псалм 71,15-24.
**19.** Псалм 72.
20. Псалм 73,1-15.
21. Псалм 73,16-28.
22. Псалм 74.
23. Псалм 75.
24. Псалм 76.
25. Псалм 77.
**26.** Псалм 78,1-14.
27. Псалм 78,15-28.
28. Псалм 78,29-42
29. Псалм 78,43-56.
30. Псалм 78,57-72.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

### ЈУЛИ 2026

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **3.** | **10.** | **17.** | **24.** | **31.** |
| Виница | 20:10 | 20:08 | 20:04 | 19:58 | 19:51 |
| Колешино | 20:07 | 20:05 | 20:01 | 19:55 | 19:48 |
| Стар Дојран | 20:07 | 20:04 | 20:01 | 19:55 | 19:48 |
| Куманово | 20:14 | 20:12 | 20:08 | 20:02 | 19:55 |
| Неготино | 20:10 | 20:08 | 20:04 | 19:59 | 19:52 |
| Струмица | 20:08 | 20:06 | 20:02 | 19:56 | 19:49 |
| Кочани | 20:10 | 20:08 | 20:04 | 19:59 | 19:51 |
| Велес | 20:12 | 20:10 | 20:06 | 20:00 | 19:53 |
| Кавадарци | 20:10 | 20:08 | 20:04 | 19:59 | 19:52 |
| Дебар | 20:17 | 20:14 | 20:10 | 20:05 | 19:58 |
| Скопје | 20:15 | 20:12 | 20:08 | 20:03 | 19:56 |
| Битола | 20:12 | 20:10 | 20:06 | 20:00 | 19:53 |
| Кичево | 20:15 | 20:13 | 20:09 | 20:03 | 19:56 |
| Лаки | 20:09 | 20:07 | 20:03 | 19:57 | 19:50 |
| Чифлик | 20:09 | 20:07 | 20:03 | 19:58 | 19:51 |
| Штип | 20:11 | 20:08 | 20:04 | 19:59 | 19:52 |
| Тетово | 20:16 | 20:14 | 20:10 | 20:05 | 19:57 |
| Јегуновце | 20:16 | 20:14 | 20:10 | 20:04 | 19:57 |
| Росоман | 20:11 | 20:09 | 20:05 | 19:59 | 19:52 |
| Гевгелија | 20:07 | 20:05 | 20:01 | 19:56 | 19:49 |
| Свети Николе | 20:12 | 20:10 | 20:06 | 20:00 | 19:53 |
| Делчево | 20:09 | 20:07 | 20:03 | 19:57 | 19:50 |
| Валандово | 20:08 | 20:06 | 20:02 | 19:56 | 19:49 |
| Охрид | 20:14 | 20:12 | 20:08 | 20:03 | 19:56 |
| Радовиш | 20:09 | 20:07 | 20:03 | 19:58 | 19:51 |
| Прилеп | 20:12 | 20:10 | 20:06 | 20:00 | 19:53 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АВГУСТ 2026 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 19:43 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Колешино | 19:40 | 19:31 | 19:21 | 19:10 |
| Стар Дојран | 19:40 | 19:31 | 19:21 | 19:10 |
| Куманово | 19:46 | 19:37 | 19:26 | 19:15 |
| Неготино | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Струмица | 19:41 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Кочани | 19:43 | 19:34 | 19:23 | 19:12 |
| Велес | 19:45 | 19:36 | 19:25 | 19:14 |
| Кавадарци | 19:44 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Дебар | 19:50 | 19:40 | 19:30 | 19:19 |
| Скопје | 19:47 | 19:38 | 19:27 | 19:16 |
| Битола | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Кичево | 19:48 | 19:39 | 19:28 | 19:17 |
| Лаки | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Чифлик | 19:43 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Штип | 19:44 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Тетово | 19:49 | 19:40 | 19:29 | 19:18 |
| Јегуновце | 19:49 | 19:39 | 19:29 | 19:18 |
| Росоман | 19:44 | 19:35 | 19:24 | 19:14 |
| Гевгелија | 19:41 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Свети Николе | 19:45 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Делчево | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Валандово | 19:41 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Охрид | 19:48 | 19:39 | 19:28 | 19:18 |
| Радовиш | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Прилеп | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| СЕПТЕМВРИ 2026 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 4. | 11. | 18. | 25. |
| Виница | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Колешино | 18:58 | 18:47 | 18:35 | 18:22 |
| Стар Дојран | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Куманово | 19:04 | 18:51 | 18:39 | 18:27 |
| Неготино | 19:01 | 18:50 | 18:37 | 18:25 |
| Струмица | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Кочани | 19:01 | 18:49 | 18:36 | 18:24 |
| Велес | 19:03 | 18:51 | 18:39 | 18:27 |
| Кавадарци | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Дебар | 19:08 | 18:56 | 18:44 | 18:32 |
| Скопје | 19:05 | 18:52 | 18:40 | 18:28 |
| Битола | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 |
| Кичево | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:30 |
| Лаки | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Чифлик | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 |
| Штип | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 |
| Тетово | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:30 |
| Јегуновце | 19:06 | 18:54 | 18:41 | 18:29 |
| Росоман | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Гевгелија | 18:59 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Свети Николе | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Делчево | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Валандово | 18:59 | 18:48 | 18:36 | 18:23 |
| Охрид | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:30 |
| Радовиш | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Прилеп | 19:03 | 18:52 | 18:40 | 18:27 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).